# Тајните на молитвата

Водич за молитва

Кенет Е. Хегин

Ако не е поинаку наведено, сите библиски цитати се преземени од Библијата – Свето Писмо: Стандардна Библија 2006

Тајната на молитвата
ISBN-13: 978-0-89276-518-8
ISBN-10: 0-89276-518-6
© 1987, 1988, 1989, 1992 Рема Црква
позната и како Kenneth Hagin Ministries, Inc.
Прво издание 1987, Второ 1988, Трето 1989, Четврто 1992

Во САД пишете на:
Kenneth Hagin Ministries
P.O. Box 50126
Tulsa, OK 74150-0126
тел: 1-888-28-FAITH
www.rhema.org

Во Канада пишете на:
Kenneth Hagin Ministries of Canada
P.O. Box 335, Station D
Etobicoke (Toronto), Ontario
Канада M9A 4X3
тел: 1-866-70-RHEMA
www.rhemacanada.org

Сите права се задржани. Содржината и/или корицата не смее да се репродуцира целосно или делумно, во каква било форма, без изречно писмено одобрение од издавачот.

Faith Shield (Штит на верата) е регистрирана трговска марка на Rhema Bible Church и Kenneth Hagin Ministries, Inc. во Канцеларијата за патенти и трговски марки на САД, и не смее да се копира.

# СОДРЖИНА


| | | |
|---|---|---|
| | ПРЕДГОВОР | 5 |
| | БЛАГОДАРНОСТ | 7 |
| 1 | ЗОШТО ДА СЕ МОЛИМЕ? | 9 |
| 2 | РАЗНИ ВИДОВИ МОЛИТВА | 12 |
| 3 | ШТО Е МОЛБА? | 15 |
| 4 | ШТО Е ЗАСТАПНИЧКА МОЛИТВА? | 19 |
| 5 | ЧОВЕКОВАТА ПОТРЕБА ЗА ЗАСТАПНИК | 26 |
| 6 | МОЛИТВЕНИОТ ЖИВОТ НА ВЕРНИТЕ | 32 |
| 7 | ЉУБОВТА: ОСНОВА ЗА УСПЕШНА МОЛИТВА | 35 |
| 8 | ПОЗНАВАЊЕ НА БОЖЈАТА ЉУБОВ | 43 |
| 9 | СМЕЛОСТ | 48 |
| 10 | ЕЛЕМЕНТИТЕ НА МОЛИТВЕНИОТ ЖИВОТ НА ВЕРНИКОТ | 55 |
| 11 | СВЕТИОТ ДУХ: НАШ ПОМОШНИК ВО МОЛИТВАТА | 62 |
| 12 | СВЕТИОТ ДУХ И НАШИТЕ СЛАБОСТИ | 65 |
| 13 | МОЛИТВА ЗА БОЛНИТЕ | 68 |
| 14 | ШТО ЗНАЧИ МОЛИТВАТА ВО ДУХОТ? | 74 |
| 15 | ТИВКА МОЛИТВА | 81 |
| 16 | НЕ ТОЛКУ ТИВКА МОЛИТВА | 88 |
| 17 | ВОЗДИШКИ ВО ДУХОТ | 91 |
| 18 | ЦРКВАТА ШТО СЕ МОЛИ | 95 |
| 19 | ДОДЕКА НЕ СЕ ОБЛИКУВА ВО ВАС ИСУС ХРИСТОС | 99 |
| 20 | МОЛИТВА ЗА ТИЕ ШТО ЖИВЕАТ ВО ГРЕВ | 102 |
| 21 | МОЛИТВА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ | 105 |
| 22 | ЗАСТАПУВАЊЕ ЗА НЕСПАСЕНИТЕ | 113 |
| 23 | ИСТРАЈНОСТ ВО МОЛИТВАТА | 120 |
| 24 | МОЛИТВА ЗА ВАШАТА ЗЕМЈА | 138 |
| 25 | ПРЕТЕРУВАЊА | 148 |
| 26 | ВРАЌАЊЕ НА МОЛИТВАТА ВО МОДА | 154 |

# Предговор

Сите ние постојано растеме во нашето познавање на Бог и во разбирањето на Неговото Слово. Откако оваа книга првично беше издадена под насловот *Тајната на застапувањето*, моето проучување на Божјото Слово донесе ново разбирање во областа на молитвата. Поради увидите што ги стекнав во врска со молитвите на застапување и молење, почувствував дека повеќе не е соодветно книгата да го носи насловот *Тајната на застапувањето*. Застапувањето е само еден вид молитва. Всушност, молењето опфаќа поширок спектар од молитвена пракса отколку застапувањето, но опсегот на оваа книга вклучува дури и повеќе од овие два вида молитва. Поради таа причина, побарав од нашите уредници да го променат насловот на книгата во *Тајната на молитвата*. Оваа повторно уредена верзија ги одразува некои од дополнителните откровенија што ги добив во последниве неколку години. Мојата желба е оваа книга да ги поттикне верниците да се посветат на молитва, за Божјата цел да може да се исполни на земјата.

# Благодарност

Пасторот Вилфорд Х. Рајт од Кеневик, Вашингтон, беше извонреден библиски учител. Неговата сопруга, Гертруд, беше ќерка на Џон Г. Лејк, познат апостол на верата од почетокот на 1900-тите години. Рајтови беа моќно употребени од Бога во областа на молитвата многу години, сè додека двајцата не заминаа дома кај Господ.

Учењата на Вилфорд за молитвата откриваат длабочина на знаење што можела да се добие само преку години искуство во молитва. Бев толку импресиониран од неговите студиски белешки и коментари за темата молитва, што побарав дозвола да ги користам неговите материјали во оваа книга за слава на Бога.

Веруваме дека Бог ќе ја искористи оваа книга за да подигне и да обучи голем број луѓе кои знаат како да се молат и кои ќе бидат во првите редови на Божјото дело во овие последни денови. Братот Рајт ми даде дозвола да го користам неговиот материјал и забелешките се појавуваат низ целата книга во препознатлив фонт.

## ГЛАВА ЕДЕН

# ЗОШТО ДА СЕ МОЛИМЕ?

Пред многу години прочитав една изјава од Џон Весли и таа остана со мене. Весли рекол: *„Изгледа дека Бог е ограничен од нашиот молитвен живот, дека Тој не може да направи ништо за човештвото, освен ако некој не се моли*.“

Некое време подоцна, во 1949 година, читав друг автор кој ја повтори истата изјава. Но, тој додаде: *„Зошто е тоа така, не знам*.“

- Зошто не знае? - си помислив. Тогаш сфатив дека и јас не знам.

Но, ако изјавата на Весли е точна, а изгледа дека е, ако внимателно ја читаме Библијата, тогаш ние, кои треба да се молиме, треба да знаеме повеќе за тоа.

Почнав да ја проучувам Библијата за да откријам зошто, ако Бог сака да направи нешто за човештвото, не може тоа да го стори освен ако некој не се моли за тоа. Одговорот го најдов преку проучување на Божјото Слово.

Знаете, иако некои луѓе си изградиле „духовни воздушни замоци“ дека Бог управува со секоја работа во овој свет, тоа не е вистина.

За време на Виетнамската војна, еден познат новинар-колумнист ја започна својата колумна изјавувајќи дека не е христијанин. Тој, исто така, изјави дека не е ниту атеист, бидејќи атеистот вели дека нема Бог.

- Претпоставувам дека тоа ме прави агностик. - напиша тој. „Агностикот вели дека можеби има Бог, но ако има, јас не Го знам. Всушност, склон сум да верувам дека постои Врховно Суштество. Не верувам дека сѐ што постои се случило случајно. Верувам дека има некаков Создател.“

- Но, никогаш не сум ја прочитал Библијата. Не одам во црква. Една од причините зошто не одам е затоа што тоа што христијаните го велат за Бог не се совпаѓа со тоа како јас замислувам еден Создател, ниту пак со тоа што можам да го видам од Него во природата.

- Дури и свештеници велат: „Бог има сè под контрола. Тој управува со сè.“

Па, ако навистина Бог управува со сè, тогаш сигурно работите ги довел во хаос. Луѓето се убиваат едни со други. Мали деца умираат. Мали деца гладуваат. Жени страдаат. Има војни насекаде.

- Ако Бог има сè под контрола, дали мислите дека Тој ги води тие војни?

Дури и еден духовно необновен новинар знаеше дека тоа не е точно.

Бог не управува со овој свет. Тој не владее на земјата.

Благодарение Му на Бога, еден ден ќе владее!

Но, во моментов, Неговата волја не се исполнува на земјата, освен во животите на тие што Му се предаваат.

Тоа лесно се гледа, ако го прифатиме тоа што Библијата го вели. Библијата вели дека Бог не сака ниту еден да загине, туку сите да дојдат до покајание (2. Петрово 3:9). Јасно е дека Неговата волја за спасението на сите луѓе не се исполнува.

Кога некој ќе Го прифати Господ Исус Христос за свој Спасител, Неговата волја се исполнува во тој живот. Но, ако Бог навистина управува со сè и ја наметнува Својата волја, тогаш, бидејќи не сака никој да загине, ќе направеше сите да се спасат уште денес и утре ќе влезевме во Милениумот.

Додека го истражував Божјото Слово барајќи го одговорот на изјавата на Џон Весли, видов една вистина која никогаш претходно не ја имав забележано, иако со години бев во служба.

Додека Му поставував прашања на Господ за ова, Тој ми рече: „Врати се на Книгата на Почетоците."

Знаев дека мисли на книгата „Создавање". Ја прочитав повторно. Ја имав читано многу пати. Сум слушал и лекции на неделното училиште. Но, овој пат ја видов во поинакво светло.

Ја видов вистината: Бог го создаде светот и сè што е во него. Го создаде Својот човек, Адам.

Потоа му рече: „Адам, ти давам власт над целото дело на Моите раце" (Создавање 1:26–27; Псалм 8:6).

Бог не рече: „Јас ќе владеам преку тебе."

Туку рече: „Ти давам власт над целото дело на Моите раце."

Значи, Адам имаше власт на оваа земја и во овој свет. Тој првично, во некоја смисла, беше „бог на овој свет".

Но, Сатаната дојде и го измами Адам. Адам направи големо предавство и му ја препушти таа власт на Сатаната. Тогаш Сатаната стана „бог на овој свет".

Втора Коринтјаните 4:4 го нарекува Сатаната „бог на овој свет". И како таков, тој има власт. Каде? Во овој свет.

Тој ќе ја има таа власт, ќе биде „бог на овој свет", сè додека не истече „договорот за закуп" што Адам го имаше.

Бог не може праведно и легално да интервенира и да му ја одземе таа власт на ѓаволот. Ѓаволот има власт тука. Тој има легално право, затоа што ја поседува „дозволата" што Адам му ја предаде. И Бог не може да направи ништо, освен ако некој овде на земјата не се моли за тоа.

## ГЛАВА ДВА

# ПОВЕЌЕ ВИДОВИ МОЛИТВА

*“ ... Со секаква молитва и молба во секој момент молете се во духот. Затоа бидете постојано будни со сета истрајност и молитва за сите светии...“*
— Ефесјаните 6:18

Забележете дека пишува: *„Со секаква молитва ... со СЕКОЈ момент...“*

Во Проширената Библија (Amplified) стои: „Молете се ... со СЕКОЈ [ВИД на] молитва ...“

Друг превод вели: „Молете се со СИТЕ ВИДОВИ молитва...“

Но, преводот кој најмногу ми одекна во духот е тој на Гудспид (Goodspeed), кој гласи: „Користете СЕКОЈ ВИД молитва и молба, и во секоја можноста молете се во Духот ...“ Библијата поучува за неколку различни видови молитва и различни правила што важат за нив.

Црковниот свет прави грешка што не ги разликува тие видови молитва. Ние едноставно ги ставаме сите молитви во ист кош и ги мешаме заедно. Многу молитви не функционираат затоа што луѓето користат погрешни правила и закони.

Ако земеме споредба од спортот: имаме бејзбол, кошарка, фудбал, голф, тенис итн., сите тие се спортови, но не се играат според исти правила.

Зарем не би било збунувачки да играш бејзбол според фудбалски правила или обратно?

Причината поради која многу луѓе се збунети и имаат проблеми со молитвата е токму тоа, ги имаат измешано правилата и законите. Земаат правила што важат за еден вид молитва и се

обидуваат да ги применат врз друг вид молитва.

Илустративно кажано, тие се обидуваат да играат според правилата во фудбалот, бејзболот, кошарката, голфот и тенисот со сите одеднаш. Тие се збунети. А и нивниот молитвен живот е збунет.

Едно често недоразбирање е тоа што луѓето мислат дека секоја молитва треба да заврши со зборовите: „Ако е Твоја волја.“

Тие тврдат дека така се молел Исус. Сепак, Исус се молел така само еднаш, според тоа што е запишано во Писмото, и тоа во Гетсиманската градина, кога се молеше *молитвата на посветување и предавање*.

Кога луѓето се обидуваат да се молат со *молитвата на вера* — молитвата на молба, молитвата што има за цел да ги промени околностите, често ја завршуваат со зборовите: „ако е Твоја волја.“ Но, нивната молитва е попречена, затоа што тие не се сигурни во Божјата волја, а таа волја е откриена во Неговото Слово.

Можеби ќе речат: „Не разбирам зошто тоа не функционираше.“ Но, тоа би било како некој на фудбалски натпревар да рече: „Не ми е јасно зошто никој не постигна хоум-ран.“

Не бидете збунети. Одете во Книгата со правилата! Одете во Библијата и видете како треба да се молите.

Еве неколку основни видови молитви што ги учи Библијата. Меѓутоа, не можам детално да ги покријам во оваа книга. (Имам други книги што детално објаснуваат за разните видови молитва).

**Молитвата на верата* — разни барања, молитва што менува нешта (Матеј 21:22; Марко 11:24). Оваа молитва секогаш се темели врз Божјата откриена волја во Неговото Слово и никогаш не содржи „ако е Твоја волја.“;

**Молитвата на посветување*: молитвата на посветување и предавање на нашиот живот за Божја употреба, да одиме каде што ќе нè води и да правиме сè што ќе ни покаже. Во оваа молитва се молиме: „ако е Твоја волја.“; (Лука 22:42)

**Молитвата на предавање*: фрлање на вашите грижи врз Господ во молитва; (1. Петрово 5:7)

**Молитвата на поклонение;* (Лука 24:52–53; Дела 13:1–4)

**Молитвата на согласност;* (Матеј 18:18–20)

**Молитва во Духот*: молитва на јазици; (1. Коринтјаните 14:14,15)

**Обединета молитва;* (Дела 4:23–31)

**Молба*;

**Молитвата на застапување*.

Последниве два вида молитва опфатени се главно во следните две поглавја.

(За дополнително поучување за различните видови молитви, *видете* ја книгата на брат Хегин, *Курс за проучување на библиската молитва*.)

ГЛАВА ТРИ

# ШТО Е МОЛБА?

Природата на молбата многу подлабока и посрдечна од една обично, површно барање. Зборот „молба“ значи: *понизно, искрено и услужливо барање или молба*. Ако некоја молба не е изнесена со срце, со жар и искреност, тогаш не би се сметала за молба.

## За кого може да се упатуваат молби?

Најнапред, молбата ја принесуваме за самите себе, и за природни, и за духовни потреби.

**ФИЛИПЈАНИТЕ 4:6**

**стих 6: „ За ништо не грижете се, туку во сѐ преку молитва и МОЛБА со благодарност изнесувајте ги пред Бога своите барања.“**

Второ, може да молиме за Божјиот народ, за светиите или верниците.

**ЕФЕСЈАНИТТЕ 6:18**

**стих 18: „ Со секаква молитва и МОЛБА во секоја можност молете се во духот. Затоа бидете постојано будни со сета истрајност и МОЛБА за сите светии.“**

Трето, треба да упатуваме молба за сите луѓе и за тие кои се на власт. Тоа ги вклучува и неверниците.

**1.ТИМОТЕЈ 2:1, 2**

**стих 1: „ Молам, пред сѐ, да се прават ПРОСБИ, молитви, молби и благодаренија за СИТЕ ЛУЃЕ:**

**стих 2: за царевите и за сите што се на власт, та да поживееме тивок и мирен живот во потполна побожност и достоинство.“**

## За што може да се упатуваат молби?

Една од работите за кои може да се принесуваат молби е за работниците да бидат испратени на Божјата жетва.

**МАТЕЈ 9:37, 38**

**стих 37: „ Тогаш им рече на Своите ученици: „Жетвата е голема, а работници има малку.**

**стих 38: Затоа МОЛЕТЕ Го Господарот на жетвата да испрати работници на Својата жетва.“**

Зборот преведен како „молете се“, во стихот 38, вклучува идеја за итна и неопходна молба претставена со горливост и желба.

Молбата може да се принесе и за дождот на Божјиот Дух да биде излеан врз земјата.

**ЗАХАРИЈА 10:1**

**стих 1: „ МОЛЕТЕ Го Господа за дожд во време пролетно; Господ ќе светне со молскавица и ќе ви даде обилен дожд – зеленило во поле**.“

Зборот преведен како „МОЛЕТЕ“ во овој стих значи да се *посака*, да се *побара и да се праша од се срце*.

**ЈАКОВ 5:7, 16-18**

**стих 7: „ Бидете трпеливи, браќа мои, до доаѓањето на Господ! Ете, земјоделецот чека драгоцен плод од земјата и долго трпи за него, додека не добие дожд, ран или доцен.“**

**стих 16: „ Исповедајте си ги гревовите еден на друг и молете се еден за друг за да се исцелите. Голема сила има усрдна молитва на праведниот.“**

**стих 17: „ Илија беше човек смртен, како и ние, и со молитва Му се помоли на Бога да нема дожд, и не падна дожд на земјата три години и шест месеци.“**

**стих 18: „ И, пак се помоли, па небото даде дожд и земјата го даде својот плод.“**

**ЈАКОВ 5:16 (*Динамичен превод*)**

**стих 16: „ Затоа, исповедајте си ги вашите грешки (вашите лапсуси, вашите лажни чекори, вашите навреди, вашите гревови) и молете се [исто така] еден за друг, за да можете да биде исцелени и вратени [на духовен тон на умот и срцето]. Ревносната (срдечна, континуирана) молитва на праведниот човек дава на располагање огромна моќ [динамика во нејзината работа].“**

Забележете ги карактеристиките на молбата во овие стихови: таа е ревносна, усрдна т.е., произлегува од срцето и е постојана. Таквата молитва создава огромна сила што станува достапна!

Молбата може да биде, исто така, и за прошка.

**ДАНИЕЛ 9:2, 3, 17, 18**

**стих 2: „ Во првата година на неговото царување, јас, Даниел, го разбрав според книгите, бројот на годините според словото што му го беше кажал Господ на Еремија, дека седумдесет години ќе се навршат над опустошениот Ерусалим.“**

**стих 3: „ И го свртев лицето свое кон Господ Бог со молитва и со МОЛБА, во пост, во врекиште и пепел.“**

**стих 17: „ А, сега чуј ја, Боже наш, МОЛБАТА на Твојот слуга и неговото срдечно молење, па заради Тебе, Господе, погледај со светлото Твое лице на опустошеното Твое светилиште.“**

**стих 18: „ Приклони го, Боже мој, увото Свое и послушај, отвори ги очите Свои и погледај ги нашите пустоши и градот, во кој се прозива името Твое; зашто ние ги принесуваме МОЛБИТЕ свои пред Тебе, надевајќи се не на нашата праведност, туку на Твојата голема милосрдност.“**

Тука го гледаме Даниел како усрдно ги исповеда своите гревови и гревовите на својот народ. Покајанието и исповедта на гревовите се вршат преку молба.

Конечно, преку молба ги принесуваме духовните потреби на другите. Зборовите „молитва“ или „моли се“ во следните стихови буквално значат *молба* или *усрдна молитва*.

**ЕФЕСЈАНИТЕ 1:16**

**стих 16: „ Постојано Му благодарам на Бога, спомнувајќи ве во молитвите свои.“**

**ФИЛИПЈАНИТЕ 1:9**

**стих 9: „ И се молам вашата љубов сè повеќе и повеќе да изобилува преку познанието и разбирањето на сè.“**

**КОЛОСЈАНИТЕ 1:9**

**стих 9: „ Затоа и ние, од тој ден кога го чувме тоа, непрестајно се молиме и сакаме да се исполните со познание на Неговата волја во секоја мудрост и духовно разбирање.“**

Во овие молитви на Павле запишани во посланијата, тој говори за молби.

ГЛАВА ЧЕТИРИ

# ШТО Е ЗАСТАПНИЧКА МОЛИТВА?

Целта на дефинирањето на посредништвото или кој било друг вид молитва не е да се ограничи или затвори молитвата во збир од правила и регулативи, туку да се даде подобро разбирање за тоа што Библијата поучува за секој тип молитва. Подготвен со такво знаење, верникот може да соработува поцелосно со Светиот Дух, бидејќи Светиот Дух секогаш работи во склад со Словото.

Многу луѓе го изгубиле вистинскиот дух на молитвата затоа што станале легалистички и клинички во своето молење. Поважно е да се препознае и да се научи да тече со Светиот Дух во молитва, отколку само да се знае точната терминологија за молитвата.

Долг период, речиси секоја молитва беше нарекувана „застапништво“, или се сметаше дека застапништвото е единствениот ефективен вид молитва. Но, всушност, најефективната молитва е таа што Светиот Дух ја инспирира и која е *потребна во тој момент*, без разлика дали е тоа молитва на согласност, молитва на верата, молитва на пофалба и обожавање или некој друг вид молитва. Често пати различни видови молитва делуваат заедно, слично како прстите на раката. На пример, молбата, кое е искрено, од срце произлезено барање, се користи во застапничката молитва.

Накратко дефинирано, застапништвото е стоење во процепот во молитва помеѓу некое лице или група луѓе кои навлекле суд врз себе поради своето погрешно однесување и самото извршување на тој суд. Или, поедноставено кажано, застапништвото е молитва со цел да се задржи судот. За да биде ефективна, застапничката

молитва, треба да се извршува по навод и под водство на Светиот Дух.

За подобро да го разбереме застапништвото, да разгледаме неколку примери од Писмото каде што имаме таков вид молитва.

**СОЗДАВАЊЕ 18:16-33**

**стих 16: „ Потоа луѓето станаа и тргнаа кон Содом, а и Авраам појде со нив да ги испрати.“**

**стих 17 А: „ Господ рече: „Ќе кријам ли од Авраам што сакам да направам?“**

**стих 18 Та: „ Од Авраам ќе излезе голем и силен народ, и преку него ќе бидат благословени сите народи на земјата.“**

**стих 19: „ Затоа што го избрав за да им заповеда на синовите свои, и на домот свој по себе, да одат по патот Господов и да извршуваат правда и суд, и Господ ќе го исполни тоа, што му го вети на Авраам.“**

**стих 20: „ И Господ рече: „Голем викот е против Содом и Гомора, зашто гревовите нивни се претешки.“**

**стих 21: „ Затоа ќе слезам да видам дали е тоа токму така, како што доаѓа викот до Мене, или не.“**

**стих 22: „ Оттаму луѓето тргнаа кон Содом, додека Авраам уште стоеше пред лицето на Господ.“**

**стих 23: „ Тогаш Авраам се приближи и рече: „Зарем ќе го уништиш и праведниот со неправедниот?“**

**стих 24: „ Можеби во градот има педесетмина праведници; зарем ќе го погубиш и нема да му простиш на тоа место заради тие педесет праведници, што се во него?“**

**стих 25: „ Не е можно така да постапиш Ти, да погубиш праведни со неправедни заедно, та исто да се случи со**

**праведниот како и со неправедниот; не може да биде тоа од Тебе; зарем Судијата на целата земја нема да суди право?“**

**стих 26: „ И Господ рече: „Ако во градот Содом најдам педесетмина праведници, ќе го поштедам градот и целото место заради нив.“**

**стих 27: „ А Авраам одговори и рече: „Еве, се осмелив да Му проговорам на Господ, иако сум земја и пепел.“**

**стих 28: „ Можеби има праведници за пет помалку од педесет; зарем заради тие пет ќе го сотреш целиот град? Тој одговори: „Нема тоа да го направам, ако најдам четириесет и пет.“**

**стих 29: „ И го продолжи разговорот со Него и рече: „Можеби ќе се најдат таму четириесет?“ Тој, пак, одговори: „Нема да го направам ни поради тие четириесет.“**

**стих 30: „ Потоа рече: „Нека не се налути Господ, ако речам – можеби ќе се најдат триесет?“ Тој рече: „Нема да го направам, ако најдам триесет.“**

**стих 31: „ И пак рече: „Еве, се осмелувам одново да Му проговорам на Господ – можеби ќе се најдат дваесет? „Нема да го уништам.“ – рече, ни заради тие дваесет.“**

**стих 32: „ Конечно рече: „Нека не се налути, Господ, ако уште еднаш проговорам, можеби ќе се најдат десет? Тој рече: „Нема да го уништам ни заради тие десет.“**

**стих 33: „ И Господ замина, откако престана да зборува со Авраам; а Авраам се врати во своето место.“**

Молитвата на Авраам за Содом и Гомора е јасен пример за молитва на застапништво. Постојано е важно да се забележи една работа од овој библиски запис. Бог споменува повик што се крена од Содом и Гомора во стиховите 20 и 21.

Смит Виглсворт еднаш рече дека има нешто во верата што прави Бог да помине покрај милион луѓе само за да стигне до еден човек што има вера. Знаете, повик во вера го носи Бог на сцената. Повикот на верата *повикува* благослов. Зборот „повикува“ значи: *да се повика, да се стави во функција* или *да се предизвика*.

Но, и гревот, исто така, вика кон Бога и Го доведува на сцената. Наместо да го *повика*, гревот го *провоцира* Бога. Зборот „провоцира“ значи да се *поттикне на гнев*, *да се повика*, *да се предизвика* и *намерно да се вознемири*. Гревот го провоцира Бога и предизвикува гнев и осуда.

Постојано во Писмото читаме како Израел го провоцираше Бога на гнев и доаѓаше суд. Бог не се радува кога луѓето примаат суд. Според Михеј 7:18, Бог се радува на милоста.

**МИХЕЈ 7:18**

**стих 18: „ Кој Бог е како Тебе, за да ги простува беззаконијата, да мине преку престапите на остатокот од Своето наследство? Тој вечно не се гневи, зашто Тој со радост се смилува.“**

**ЕЗЕКИЕЛ 33:11**

**стих 11: „ Кажи им, жив сум Јас, вели Господ Бог: Јас не ја посакувам смртта на грешниот, туку грешниот да се одврати од својот пат и да остане жив. Вратете се, вратете се од вашите лоши патишта; зошто да умирате вие, доме Израелов?“**

Сепак, ако тие што згрешиле и навлекле суд врз себе не се свртат и не се покаат, единствената надеж за судот да биде избегнат е некој да застане во процепот за нив и да се застапи.

**ЕЗЕКИЕЛ 22:30, 31**

**стих 30: „ Јас барав кај нив човек, кој ќе ги обнови ѕидините, да застане пред Мене во одбрана на оваа земја да не ја сотрам, но не најдов.“**

**стих 31: „ Па затоа, ќе го излеам врз нив Мојот гнев, со огнот на Мојата јарост ќе ги истребам, нивното лошо однесување ќе го свртам на главите нивни, вели Господ Бог.“**

Во овие стихови можеме да видиме дека самиот Бог бараше некој што ќе застане во процепот за земјата. Но, кога не се најде никој, судот беше излеан. Важно е да се забележи која беше Божјата волја во оваа ситуација. Божјата волја беше некој да застане во процепот за земјата да не биде уништена. Треба да ја разбереме Божјата волја кога одиме пред Него за да се застапуваме за другите. Највисоката и најдобрата Божја желба е луѓето да се свртат кон Него и да живеат.

Второ Петар 3:9 дополнително ја нагласува Божјата волја за сите луѓе.

**2. ПЕТАР 3:9**

**стих 9: „ Господ нема да задоцни со Своето ветување, како што некои мислат за забавувањето; но долго време трпи, бидејќи не сака да загине некој, туку сите да се покаат.“**

Имаше два случаи кога Мојсеј мораше да застане во празнината, односно да се застапува за синовите на Израел, кои Го разгневија Бога со своето идолопоклонство и грев.

**БРОЕВИ 14:11-19**

**стих 11: „ И му рече Господ на Мојсеј: „До кога ќе Ме огорчува овој народ, и до кога нема да Ми верува и покрај сите знаци што ги извршив Јас меѓу него?“**

**стих 12: „ Ќе го казнам со смрт, ќе го уништам, и ќе создадам од тебе народ помногуброен и посилен од овој.“**

**стих 13: „ Но, Мојсеј Му рече на Господ: „Ќе чујат Египќаните, од чија средина Ти со силата Своја го изведе овој народ.“**

**стих 14: „ И ќе им кажат на жителите на таа земја, кои слушнале дека Ти, Господе, си меѓу овој народ, и дека Ти, Господе, им се јавуваш како лице во лице, и Твојот облак стои над нив, и Ти одиш пред нив дење во облаков столб, а ноќе во огнен столб.“**

**стих 15: „ Па, ако Ти го уништиш овој народ до последен човек, тогаш сите тие што слушнале за славата Твоја, ќе речат:**

**стих 16: ‚Господ, не можејќи да го воведе овој народ во земјата што со клетва му ја вети, го погуби во пустината.“**

**стих 17: „ И така, нека се возвеличи силата Твоја, Господе, како што рече, велејќи:**

**стих 18: ‚Господ е долготрпелив и многумилостив, Кој ги простува беззаконијата и престапите, и не остава без казна, туку за беззаконијата на предците ги казнува потомците дури до третото и четвртото колено.“**

**стих 19: „ Прости им го гревот на овие луѓе поради Твојата преголема милосрдност, како што си му простувал на овој народ од Египет до тука.“**

**ИЗЛЕЗ 32:7-14**

**стих 7: „ И му рече Господ на Мојсеј: „Оди поскоро и слези долу, зашто народот твој, кого го изведе од земјата египетска, појде по пат на беззаконие.“**

**стих 8: „ Брзо се отклонија од патот, што им го определив; си направија теле, и му се поклонија, па му принесоа жртви, и рекоа: ‚Еве го, Израеле, твојот бог што те изведе од земјата египетска.‘“**

**стих 9: „ И му рече Господ на Мојсеј: „Гледам дека народот е тврдоглав,**

**стих 10: „ Но сега остави да се разгори гневот Мој против нив и да ги истребам, а од тебе ќе направам голем народ.“**

**стих 11: „А Мојсеј, се помоли пред Господ Бог, и рече: „Зошто се разгорува, Господе, гневот Твој против народот Твој, кого го изведе од земјата египетска со сила голема и рака цврста?“**

**стих 12: „ Зошто Египќаните да зборуваат и да речат: ‚За зло ги изведе, за да ги убие по планините и да ги истреби од земјата?‘ Нека се смири Твојот силен гнев и немој да го погубуваш народот Твој.“**

**стих 13: „ Сети се на Авраам, Исак и Израел, слугите Твои, на кои им се колнеше, велејќи: ‚Ќе го умножам и преумножам потомството ваше како ѕвездите на небото, и сета оваа земја, за која ви зборував, ќе му ја дадам на потомството ваше; вечно ќе ја владеат.‘“**

**стих 14: „ И Господ се смилува и не му направи зло на народот Свој, како што беше рекол.“**

Псалм 106, дава дополнителен увид во важноста на посредничките молитви на Мојсеј во задржувањето на Божјиот суд над синовите на Израел. Особено посветете внимание на стих 23.

**ПСАЛМИ 106:23**

**стих 23: „ И рече дека ќе ги истреби, но Мојсеј, Неговиот избраник, се застапи за нив во пукнатината, за да ја одврати јароста Негова, та да не ги погуби.“**

Од овој стих можеме да видиме дека, ако Мојсеј не застанел во празнината за Израел, тие сигурно ќе беа уништени под Божјиот суд.

Сепак, најскапоцен и највпечатлив пример за застапник е нашиот Господ Исус, кој застана во празнината за нас и кој сега се застапува за нас оддесно од Отецот. Во наредните две глави ќе го разгледаме Неговото застапничко дело во наша полза.

## ГЛАВА ПЕТ

# ЧОВЕКОВАТА ПОТРЕБА ЗА ЗАСТАПНИК

*„ ... Зашто Тој не е човек, како што сум јас, та да можам да Му одговорам и да отидам со Него на суд? Меѓу нас нема посредник што би ја ставил раката своја врз двајцата...“*

-Јов 9:32-33

Едноставниот превод, Библијата, што јас ја користам го преведува зборот *посредник* како *спортски судија.* Друго толкување вели: „*тој што се расправа*“. Со други зборови, нема никој што би ја застапувал страната на обајцата.

Следниот превод дава дополнително светло:

**ЈОВ 9:32, 33 (*Динамичен превод*)**

**стих 32: „ Зашто [Бог] не е обичен човек како мене, за да Му одговорам, за да се собереме на суд.?“**

**стих 33: „ Нема судија меѓу нас, кој би ја ставил раката врз нас двајцата [да го имаше]!“**

„ ... На Јов му требаше некој што ќе може да стави рака врз него и рака врз Бога. Му требаше некој што ќе застане помеѓу него и Бога и ќе го застапува неговиот случај...“

- Ридт

Бог виде дека нема посредник.

**ИСАИЈА 59:16**

**стих 16: „ И виде дека немаше човек, се чудеше дека немаше застапник; тогаш Неговата рака Му помогна и правдата Негова Го поддржа.“**

Бог виде дека нема посредник, и затоа Тој се погрижи за тоа. Го испрати Исус.

## Исус, нашиот Посредник

„ ... Исус дојде да го премости јазот помеѓу Бога и грешниот човек. Човекот имаше потреба некој да застане во празнината за да може повторно да се врати кај Бога. Човекот имаше потреба од Застапник. Жртвата на Исус го воспостави како единствен и целосно достоен и сигурен Застапник за човештвото. Тој е единствениот Застапник за луѓето на оваа планета...“

- Ридт

**ЕВРЕИТЕ 9:24**

**стих 24: „ Зашто Христос не влезе во ракотворено светилиште, кое е само образец на вистинското, туку во самото небо, за да се јави сега пред лицето на Бога ЗА НАС? “**

**„ ...** Тој е нашиот посредник од десната страна на Таткото...“

- Ридт

РИМЈАНИТЕ 8:34

стих 34: „ Кој е тој што ќе суди? Христос Исус, Кој умре, но уште и воскресна, Кој е од десната страна на Бога И СЕ ЗАСТАПУВА ЗА НАС!“

„ ... Тој целосно нè спасува. Неговата божествена моќ никогаш не се намалува...“

- Ридт

**ЕВРЕИТЕ 7:25**

**стих 25: „ Затоа Тој и може за вечно да ги спаси тие што преку Него доаѓаат кон Бога, бидејќи СЕКОГАШ Е ЖИВ ЗА ДА СЕ МОЛИ ЗА НИВ.“**

Од Исус кон Отецот тече непрекинат поток на молитва и љубов за сите луѓе и особено за тие што Го прифатиле како Спасител и Господ.

Обратно, од Отецот кон Исус тече одговорот за нас. Затоа од Исус кон секој член на Неговото Тело тече изобилна благодат за секоја потреба во вистинскиот момент.

Тој останува довека. Без разлика на околностите, без разлика колку темно изгледаат работите, без разлика како се чувствуваме, Тој останува во нас засекогаш, ако останеме во Неговата добрина (Римјаните 11:22).

„ ... Тој е наш Врховен Свештеник засекогаш, од десната страна на Отецот...“

- Ридт

**ЕВРЕИТЕ 7:16, 17**

**стих 16: „ Кој станал таков не по силата на телесна заповед, туку по силата на вечниот живот.“**

**стих 17: „ Зашто се посведочи: „Ти си вечен свештеник по чинот на Мелхиседек?“**

Колку долго Исус ќе биде наш свештеник? Засекогаш!

**ЕВРЕИТЕ 8:1**

**стих 1: „ А, најважното од ова што го зборуваме, е дека имаме таков Првосвештеник, Кој седна од десната страна на престолот на величието на небесата**.“

„ ... Како наш Врховен Свештеник, Тој ја извршува секоја функција од Својата служба во сила на бескрајниот Живот. Оваа сила на бескрајниот Живот не престанува ниту за еден миг. Нашата вера и искуство со таа застапничка служба никогаш не мора да потфрлат, затоа што нејзиниот тек е непрекинат...“

- Ридт

**1 ЈОВАН 2:1**

**стих 1: „ Чеда мои, ова ви го пишувам за да не грешите; и ако некој згреши, кај Отецот имаме Застапник, Исус Христос, Праведниот.“**

„ ... Во поимот *застапништво* вклучена е и вистината дека Исус е наш Застапник.

Зборот „застапник“ значи: „посредник, советник“...“

\- Ридт

*Речникот за експозициско проповедање на Новозаветните зборови* на В. Е. Вајн, грчкиот збор παράκλητος (параклетос), преведен како „застапник“ во 1 Јованово 2:1, се користел во судски контекст за да означи правен помошник, одбрана, или советник, а подоцна тој што застапува, посредува, охрабрува и утешува.

„ ... Кога верникот ќе згреши, Исус посредува пред Отецот, а потоа и утешува со вистината дека гревот е простен и избришан со Неговата крв, така што личноста останува чиста и обновена. Но, Божјата волја е човекот да не продолжи да греши (1. Јованово 2:1; 5:3)...“

\- Ридт

1 Јованово 2:1 не е напишано за да нѐ охрабри да грешиме напротив, Бог сака да престанеме со гревот. Но, слава Му на Бога што тој стих не завршува со „*Чеда мои, ова ви го пишувам за да не грешите...*“ Ако завршеше тука, кога ќе згрешевме ќе помислевме: „Готово е — нема надеж.“

Но, тоа е само првата половина од стихот. Понатаму вели: „*И ако некој згреши, кај Отецот имаме Застапник, Исус Христос, Праведниот.*“

Имаме Застапник! Имаме Утешител!

**1 JОВАН 5:3**

**стих 3: „ Бидејќи љубовта кон Бога се состои во ова: да ги пазиме заповедите Негови, а Неговите заповеди не се тешки.“**

Законот на љубовта во Божјото семејство гласи: *„Нова заповед ви давам: да се љубите еден со друг; како Јас што ве возљубив, така и вие да се љубите еден со друг“* (Јован 13:34).

Секој чекор надвор од љубовта, е грев.

Често ги насочуваме мислите кон правила што смееме, а што не, но, многу христијани кои совршено ги исполнуваат тие правила што „треба“ и „не треба“ сепак живеат во грев. Како? Со тоа што не живеат во љубов.

Нивниот став е погрешен. Потребно е да негуваме љубовен став кон секој човек. Ако не го правиме тоа, грешиме.

Му благодариме на Бога за Неговото застапништво. Му благодариме што и денес стои на тоа место како наш Служител, како Тој што посредува и се моли за нас.

„ ... Исус помина околу 3 и пол години подучувајќи ги и подготвувајќи ги апостолите.

Но, по Своето вознесение, веќе речиси 2.000 години посредува за луѓето на оваа земја.

Каква достоинственост и тежина ѝ дава тоа на молитвата!...“

- Ридт

Исус посредува веќе 2.000 години и тоа не само за Црквата, туку за целото човештво!

Забележете го повторно Евреите 7:25: *„Затоа Тој и може за вечно да ги спаси тие што преку Него ДОАЃААТ КОН БОГА, бидејќи секогаш е жив за да се моли за нив.“*

Застапничката служба на Исус ја вклучува Неговата улога како: Посредник, Врховен Свештеник, Застапник, Утешител и Тој што се моли за нас од десната страна на Отецот.

ГЛАВА ШЕСТ

# МОЛИТВЕНИОТ ЖИВОТ НА ВЕРНИТЕ

*„ ... Молам, пред сѐ, да се прават просби, молитви, молби и благодаренија за сите луѓе: за царевите и за сите што се на власт, та да поживееме тивок и мирен живот во потполна побожност и достоинство...“*

— 1 Тимотеј 2:1,2

Духот Божји, преку апостол Павле, ги охрабрува верниците да стават нешто на прво место во нивниот молитвен живот, не на второ, ниту на трето, туку на прво место.

Пред сѐ, треба да се принесуваат молби (барања), молитви, застапништва и благодарности (изрази на благодарност кон Бога како чин на обожавање) за сите луѓе, за цареви (или претседатели) и за сите што се на власт.

На каква основа можеме да го правиме тоа?

На каква основа можеме да молиме, да се застапуваме и да благодариме за другите?

Легално можеме да го правиме тоа *затоа што сме едно со Исус, Големиот Застапник, а молитвата е дел од Неговата застапничка служба*.

## Едно со Големиот Застапник

Веќе зборувавме за Исус како Застапник, а сега гледаме дека, бидејќи сме едно со Него, едно сме со Големиот Застапник.

**1 КОРИНТИЈАНИТЕ 6:17**

**стих 17: „ А, кој се соединува со Господ, еден дух е со Него.“**

**ЕФЕСЈАНИТЕ 5:30**

**стих 30: „ Бидејќи ние сме делови на Неговото тело.“**

**2 ПЕТАР 1:4**

**стих 4: „ Преку кои ни се дарувани многу големи и драгоцени ветувања, та преку нив да станете учесници во Божјата природа ако се оддалечите од гнилежот на овој свет.“**

**1 КОРИНТИЈАНИТЕ 12:27**

**стих 27: „ Вие сте телото Христово, а поодделно – членови.“**

Христос е Главата. Ние сме Телото. Главата и телото се едно. Ние сме едно со Него во извршувањето на Неговото дело на земјата.

Тој е Големиот Застапник. Затоа сме едно со Него и во Неговата застапничка служба, која ја вклучува и молитвата.

Ние сме едно со Него и во Неговата служба на помирување.

**2 КОРИНТИЈАНИТЕ 5:18-20**

**стих 18: „ А, сè е од Бога, Кој нè помири со Себе преку Христос и ни го даде служењето на тоа помирување.“**

**стих 19: „ Зашто Бог го помири светот со Себе преку Христос, не земајќи ги предвид престапите на луѓето, и го положи во нас словото на помирување.“**

**стих 20: „ Па така, ние сме Христови пратеници, како Бог да зборува преку нас. Ве молиме во името на Христос: помирете се со Бога!“**

Вилфорд Ридт го сумира вака: „Тој е нашиот Голем Застапник. Тој е Големиот Застапник за целото човештво. Како членови на Неговото Тело, Црквата, ние учествуваме во таа застапничка служба.“

Затоа, нашиот молитвен живот треба да го земе Него како образец.

# Идентификација

Мора да се идентификуваме со тој за кого се застапуваме.

Исус се поистовети со Марија и Марта при смртта на Лазар. Тие воздивнуваа и плачеа, и Тој воздивнуваше во Себе и заплака. Потоа отиде до гробот и го воскресна Лазар од мртвите.

Римјаните 12:15, ја истакнува идејата за идентификација со другите: „*Радувајте се со тие што се радуваат и плачете со тие што плачат.*“ Вистинскиот верник може да оди од домот на радоста во дом каде што се тагува и да плаче со нив.

„ ... Павле се идентификуваше со Евреите за да ги придобие Евреите. На тие без закон им стана како еден без закон (иако не беше без закон пред Бога, туку под Христовиот закон) за да ги придобие нив. На слабите им стана како слаб за да ги придобие слабите. Тој рече дека стана сѐ за сите, за на секаков можен начин да се спасат луѓе (1 Коринтијаните 9:19–22)...“

\- Ридт

Идентификацијата за која зборуваме е тоа поистоветување со објектот што носи ослободување.

Исус Христос, Големиот Застапник, е нашиот Пример. Тој се поистовети со човекот кога, иако беше во облик Божји, се испразни Себеси, зеде облик на слуга, „... *се покажа како човек; Сам Себе се понижи, послушен сѐ до самата смрт, смрт на крст...*“ (Филипјаните 2:7-8).

Исус Христос се идентификуваше со паднатиот човек за да ни донесе ослободување.

Преку љубов и сочувство, и ние се идентификуваме со тие за кои се молиме.

## ГЛАВА СЕДУМ

# ЉУБОВТА: ОСНОВА ЗА УСПЕШНА МОЛИТВА

Љубовта, Божјата љубов, *агапе* е првиот предуслов за успешен молитвен живот. А, ако сте Божјо дете, ја имате оваа љубов.

**РИМЈАНИТЕ 5:5**

**стих 5: ... љубовта Божја е излеана во нашите срца преку нам дадениот Свети Дух...“**

Кога наново се родивте, Бог стана ваш Отец. Тој е Бог на љубовта. Вие сте деца на љубовта на Бог. Родени сте од Бог, а Бог е љубов, затоа сте родени од љубов. Божјата природа е во вас. А природата на Бог е љубов.

Нашето семејство е семејство на љубовта. Секој во семејството ја има Божјата љубов излеана во своето срце инаку не би бил дел од семејството.

Можеби некои не ја применуваат таа љубов. Можеби се како човекот со еден талант кој го завитка својот талант во крпа и го закопа. Но, Библијата јасно кажува дека Божјата љубов е излеана во нашите срца преку Светиот Дух. Тоа значи дека љубов од небото е излеана во нашиот дух.

Ова е семејство на љубовта. Љубовта е основата на сета активност на Телото Христово на земјата.

**1 СОЛУНЈАНИТЕ 4:9**

**стих 9: „ За братољубието, пак, нема потреба да ви пишувам, зашто вие сами сте научени од Бога да се сакате еден со друг...“**

Законот на љубовта на Божјото семејство е:

**ЈОВАН 13:34**

**стих 34: „ Нова заповед ви давам: да се љубите еден со друг; како Јас што ве возљубив, така и вие да се љубите еден со друг.“**

Исто така, заповедано ни е да ги љубиме и нашите непријатели.

**МАТЕЈ 5:44, 45**

**стих 44: „ А јас, пак, ви велам: љубете ги непријателите свои, (благословувајте ги тие што ве колнат, правете им добро на тие што ве мразат) и молете се за тие што ве (навредуваат и) гонат,**

**стих 45: за да бидете синови на Вашиот Отец небесен; зашто Тој го остава Своето сонце да грее и над лошите и над добрите, и им праќа дожд и на праведните и на грешните.“**

Причината зошто можеме да го правиме ова, да ги љубиме нашите непријатели, да ги благословуваме тие што нè проколнуваат, да им правиме добро на тие што нè мразат и да се молиме за тие што нè навредуваат и нè прогонуваат е поради видот на љубовта што ни ја даде Таткото.

**1 ЈОВАН 3:1**

**стих 1: „ Гледајте колку голема љубов ни дал Отецот да бидеме наречени чеда Божји, а тоа и сме! Затоа светот не нè знае, зашто не Го спозна Него.“**

## Волјата и љубовта

Оваа агапе љубов, оваа Божја љубов, ја вклучува одлуката на вашата волја.

Таа љубов е во вашиот дух ако сте наново родени. Но, вие морате да одлучите да ја примените. Вие избирате да ја пуштите таа љубов да тече од вас.

Можеме да избереме да ги сакаме сите луѓе дури и нашите непријатели. Речиси секој може да ги сака тие што го сакаат, но Библијата ни заповеда да ги сакаме и непријателите.

> Ние избираме да ги сакаме сите луѓе, дури и тие што се тешки за сакање. „... Љубиме како што љуби Бог. Тоа подразбира да го дадеме својот живот за доброто на човештвото. Ова не се однесува само на физичка смрт, туку пред сè, на тоа да ја оставиме својата волја и начини и да одвоиме време за молитва и застапување за сите луѓе...“

- Ридт

**JOВАН 15:13**

**стих 13: „ Никој нема поголема љубов од оваа: да ја положи душата своја за своите пријатели.“**

Бог нè возљуби додека сè уште бевме грешници и го испрати Христос да умре за нас. Повикани сме да љубиме на истиот начин дарувајќи ги своите животи за другите.

Еден од најсилните начини на кои го даваме својот живот е преку молитва.

Оваа љубов вклучува жртва. Тоа значи да ги оставиме своите желби и удобности заради доброто на другите.

Тоа значи да го предадеме своето време и волја за да се молиме и застапуваме за луѓето во потреба.

## Сочувствителност

„ ... Љубовта е темелот на секоја христијанска активност. А сочувствителноста е клучен израз на божествената љубов...“

- Ридт

Како знаеме дека е така?

Затоа што Бог толку го возљуби светот што го даде Својот Единороден Син. А Исус, пак, нè возљуби толку што се даде Себеси за нас. Неговото земно служење постојано беше исполнето со сочувствителност.

Додека ја гледаме оваа прекрасна вистина, сетете се на зборовите на Исус: *„Кој Ме видел Мене, Го видел Таткото ... “* (Јован 14:9). Ако сакате да го видите Божјото срце — погледнете го Исус. Исус е Божјата волја во акција. Исус е Божјата љубов во акција. И за време на Неговата служба на земјата, Тој беше воден од сочувство.

**МАТЕЈ 9:36-38**

**стих 36: „ А, штом виде многу народ, се сожали, зашто беа изморени и беспомошни како овци без пастир.“**

**стих 37: „ Тогаш им рече на Своите ученици: „Жетвата е голема, а работници има малку.“**

**стих 38: „ Затоа молете Го Господарот на жетвата да испрати работници на Својата жетва.“ А штом виде многу народ, се сожали, зашто беа изморени и беспомошни како овци без пастир.“**

„ ... Исус имаше сочувство кон луѓето и нè замоли да учествуваме во тоа сочувство преку молитва до Господарот на жетвата да испрати работници на Неговото поле...“

- Ридт

Исус беше придвижен од сочувство и ги исцели болните:

**МАТЕЈ 14:14**

**стих 14: „ И кога излезе Исус, виде многу свет; и се смилува над нив и ги излекува нивните болни.“**

Воден од сочувство, Исус нахрани четири илјади луѓе:

**МАТЕЈ 15:32**

**стих 32: „ А Исус, кога ги повика учениците Свои, рече: ‘Жал ми е за луѓето, зашто три дни веќе стојат кај Мене и немаат што да јадат; да ги распуштам гладни, не би сакал, за да не премалеат по патот.’“**

Во Своето сочувство, Тој ги лекуваше слепите:

**МАТЕЈ 20.34**

**стих 34: „ И Исус се смилува и се допре до нивните очи, и веднаш им прогледаа очите нивни; и тие тргнаа по Него.“**

Сочувството го водеше да го исцели лепрозниот:

**МАРКО 1:40, 41**

**стих 40: „ И дојде кај Него еден лепрозен, па, молејќи Го, падна пред Него и Му рече: ‘Ако сакаш, можеш да ме очистиш.’“**

**стих 41: „ Смилувајќи се, Исус протегна рака, се допре до него и му рече: ‘Сакам! Очисти се!’“**

Во Своето сочувство, Исус ги исцелуваше сите што побараа (Матеј 4:23,24; Марко 6:56; Лука 6:19).

Исус ги научи Своите ученици да го делат Неговото сочувство така што ги испрати дванаесетмината (Лука 9:1-6) и седумдесетмината (Лука 10:1-19).

Неговото сочувство требаше да продолжи и по Неговото Вознесение, бидејќи тој го постави исцелението како еден од знаците на верните (Марко 16:16-18).

Неговото сочувство беше покажано и по Неговото Вознесение (Дела 5:15,16; 19:11,12; 28:8,9).

Во секој случај кога Исус беше придвижен од сочувство, лицето или лицата беа ослободени.

Човечкото сочуство вели: „Знам како се чувствуваш, многу ми е жал.“

Божественото сочувство вели: „Јас чувствувам како што ти чувствуваш.“ И тоа носи ослободување.

„ ... Исус се чувствуваше како што се чувствуваа Марија и Марта, бидејќи воздивна во Себе и, исто така, заплака...“

\- Ридт

**ЈОВАН 11:33, 35**

**стих 33: „ Исус, пак, кога ја виде како плаче, и Јудејците што беа дошле со неа како плачат, се натажи и се потресе ...“**

**стих 35: „ Исус просолзи.“**

Сочувството на Исус донесе ослободување. Ако ја имаме божествената сострадалност на Исус, ќе има ослободување. Но, мислам дека премногу често сме се обидувале да донесеме ослободување без божественото сочувство. Тука влегуваат молитвата и застапувањето.

Плачењето поттикнато од Светиот Дух со тие што плачат носи ослободување (Римјаните 12:15).

д-р Џон Г. Лејк е познат по своето служење кое беше јасно обележано со апостолски идеали. Тој направи неверојатна работа во Јужна Африка веднаш по почетокот на векот.

Толку многу исцелувања се случија во неговиот храм во Јоханесбург, што за нив слушнаа и водечките луѓе на нацијата. Некои од највисоките владини функционери го побараа за помош во име на сопругата на еден од државните службеници.

Кога Лејк пошол во нејзиниот дом, ја нашол прикована за кревет со смртоносен рак. Утврдил дека е христијанка. Потоа почнал да

ѝ чита стихови од Библијата за да ја поучи за божественото исцелување и да ја активира нејзината вера.

Таа одлучила да му верува на Бог за своето исцелување. Лекарите веќе ја биле отпишале и ѝ давале само лекови за болка за да ѝ го олеснат страдањето. Но, таа решила да ги прекине сите лекови.

Рекла: „Ако ќе му верувам на Бог за моето исцелување, а ќе му верувам, тогаш ќе се предадам целосно на Неговата милост.“

- Оваа жена имаше таква болка, - ќе рече Лејк, „што еден од служителите на црквата и јас дежуравме крај нејзиниот кревет 24 часа на ден, молејќи се. Додека се молевме, таа добиваше олеснување.“

Едно утро, откако се молел цела ноќ, Лејк отишол дома кратко, за да се истушира и избричи. Потоа се упатил назад.

- Кога бев на два блока од куќата, - ќе рече Лејк, „ја слушнав жената како вреска од болка. При звукот на тие вресоци, некако влегов во божествено сочувство...“

Лејк влегол во страдањата на Исус. Почнал да се чувствува токму како што се чувствува Исус. Зашто Исус може да биде допрен од чувствата на нашата немоќ (Евреите 4:15).

Лејк подоцна ќе рече: „Се најдов себеси како трчам тие последни два блока без ни да размислувам што правам. Без размислување, влетав во собата, седнав на работ од креветот, го зедов тоа изнемоштено тело во рацете како бебе, и почнав да плачам. Додека плачев, таа беше совршено исцелена.“

Некако, сочувството на Исус, љубовта на Бог, успеала да продре во неговото срце, во неговиот дух.

Посветените верници можат да влезат во таа сфера на сочувство само на еден начин  и нема друг пат, а тоа е преку заедништво со Бог.

Не можете да имате заедништво со Бог, не можете да седите во присуството на Великиот Бог на оваа вселена, а Неговата љубов да не ја проникне целата ваша суштина и Неговото сочувство да не протече во вас.

И токму кога ќе влезете во тоа место, тогаш ќе можете да го направите тоа што Исус го рече во Јован, 14. глава.

**ЈОВАН 14:12**

**стих 12: „ Вистина, вистина ви велам: кој верува во Мене, делата што ги вршам Јас и тој ќе ги врши, и поголеми од нив ќе врши; зашто Јас си одам кај Својот Отец.“**

Делата што Тој ги правеше беа родени од љубов и сочувство. Делата што ќе ги прават верните, вклучувајќи ја и молитвата, се производ на учество во Неговата служба на љубов и сочувство.

ГЛАВА ОСУМ

# ПОЗНАВАЊЕ НА БОЖЈАТА ЉУБОВ

*„ ...И да ја осознаете Христовата љубов што го надминува секое знаење, за да се исполните со сета полнота Божја...“*

– Ефесјаните 3:19

„ ... За да бидете ефективни во вашата застапничка молитва, мора да ја знаете големата љубов што Бог ја има кон целото човештво.

Тој дава дожд и на праведните и на неправедните (Матеј 5:45).

Тој прави сонцето да изгрева над злите и добрите (Матеј 5:45).

Тој е љубезен кон неблагодарните и злите (Лука 6:35)...“

- Ридт

Бидејќи љубовта Божја е во нас, и љубовта Божја е излеана во нашите срца, ние треба да бидеме љубезни како што е љубезен Бог, кон неблагодарните и кон злите.

## Секој што сака

Исус го плати спасението како подарок за секој што ќе го прифати (Ефесјаните 2:8; Откровение 22:17). Бог им заповеда на сите луѓе насекаде да се покаат (Дела 17:30). Неговата рака на милост е протегната кон целото човештво.

Нашето застапување за сите луѓе не е толку за Бог да ја протегне Својата милост Тој тоа веќе го направи преку Исус.

*Нашето застапување е, пред сѐ, за да се скрши врската што ѓаволот ја има над луѓето*.

„ ... Ѓаволот ги заслепил луѓето (2 Коринтјаните 4:3,4). Ние треба да го ослободиме грешникот од слепилото, за да може да ја види Светлината...“

\- Ридт

Едно попладне, пред неколку години, лежев на креветот одмарајќи помеѓу утринската и вечерната служба. До себе имав Библија и уште една книга, и студирав. Во мојот дух, не во умот, дојде разбирање за некои од овие нешта што никогаш претходно не ги имав. Го видов овој стих на начин на кој никогаш дотогаш не сум го видел:

**2 КОРИНТЈАНИТЕ 4:3, 4**

**стих 3: „ Ако, пак, е и покриено нашето Евангелие, тоа е покриено за тие што пропаѓаат:**

**стих 4: за тие, на кои богот од овој свет им ги заслепил нивните безверни умови, за да не ги осветли светлината на Благовестието за славата на Христос, Кој е слика на (невидливиот) Бог.“**

Го видов начинот на кој сме грешеле кога се молиме за изгубените.

Не го велам тоа грубо, но само да кажете: „Боже, спаси го чичко Јован и тетка Луција“ – има речиси ист ефект како да ги вртиш палците и да рецитираш: „Светни, светни, ѕвездо мала.“ Бог веќе направи сè што треба да се направи во врска со нивното спасение.

Но, јас тоа не го знаев сè до тоа попладне. Јас се молев токму така и за моите роднини.

Тоа попладне, го слушнав Господ во мојот дух: „Ниту еден човек при здрава свест не би го возел автомобилот 160 километри на час по автопатот, поминувајќи крај трепкачки црвени светла и

знаци со натпис: „Опасност! Мостот е паднат!“, и да се фрли себеси во вечноста. Но, пијан човек би го направил тоа,надрогиран човек, исто така.“ Истото е вистинито и духовно. Ниту еден човек при здрава духовна свест не би заминал во вечноста без Бог. Но, богот на овој свет го заслепи нивниот ум.

Тој ми го даде овој стих: *„А кои богот од овој свет им ги заслепил нивните безверни умови* . . .“ (2 Коритнијаните 4:4).

Јасно го слушнав Духот Божји како ме предизвикува: „Погрешен ти е пристапот. Дејствувањето, исто така, не ти е во ред. Постеше и се молеше Јас да направам нешто, а Јас веќе направив сè што некогаш ќе го направам. Крвта веќе е пролеана. Евангелието веќе е дадено. Светлината веќе е тука. Не може да навлезе само поради тоа што ѓаволот го направил. Тоа што треба ти да го направиш е да ја скршиш силата на ѓаволот над нив.“

Застапничката молитва не го менува Бог, Бог никогаш не се менува.

Молитвата не го менува Бог. Молитвата ве менува вас, и ги менува другите. Но, не го менува Бог.

Тогаш разбрав што треба да направам за мојот брат, Даб. Постев и се молев Бог да го спаси, повремено, петнаесет години и ако тоа некогаш имало некаков ефект, јас не го видов. Даб беше „црната овца“ на семејството. Човек со многу бурен и динамичен живот. Знаев дека ако силата на ѓаволот може да се скрши во неговиот живот, тогаш може кај секого.

Станав од креветот држејќи ја Библијата во едната рака и со другата рака кренага, велејќи: „Во Името на Господ Исус Христос, ја кршам силата на ѓаволот над животот на мојот брат Даб, и го присвојувам неговото ослободување. [Тоа значеше дека ја присвојував неговата слобода од тоа слепило, од таа врзаност на

сатаната.] И го присвојувам неговото целосно спасение во Името на Господ Исус Христос.“

Во рок од три недели, мојот брат беше наново роден.

Еве каде е местото на застапништвото. Ние треба да го ослободиме грешникот од слепилото за да може да ја види светлината.

Ако можеме да ги доведеме луѓето во позиција да го видат Бог каков што Тој навистина е, тие ќе посакаат да Го љубат.

Ние сме едно со Големиот Застапник во Неговата служба на помирување.

Ајде да го погледнеме повторно овој стих во *Проширениот* англиски превод на Библијата.

**2 КОРИНТЈАНИТЕ 5:19 (Проширен превод – Amplified):**

**стих 19: „ Бог [лично присутен] во Христос, го помируваше и враќаше светот во милост со Себе, не броејќи и не држејќи им ги [на луѓето] нивните престапи [туку ги откажуваше], и на нас ни ја довери пораката за помирување (за обновување на милоста).“**

Кого го помири Тој со Себе? Светот!

Чии престапи се поништени? На светот!

Еве го ужасот, луѓето ќе отидат во пеколот, и кога ќе стигнат таму, ќе сфатат дека ние не им ја кажавме вистината. Не им кажавме дека сиот долг веќе беше поништен.

Гревовите на неспасените веќе се поништени преку Исус. Така Бог е добар кон неблагодарните и злите. И нам ни ја даде таа порака, тоа слово на помирување.

А сепак, ние проповедавме: „Бог ќе те казни ако не внимаваш. Тој те гледа.“

Луѓето им кажувале на своите деца: „Не го прави тоа. Исус нема да те сака ако го направиш тоа.“

Тоа е лага. Можеби не сака да го прават тоа, но Тој ги љуби и покрај сè.

Кога им кажуваме на децата: „Бог нема да те сака ако го направиш тоа“, прави тие да пораснат со умот заслепен за светлината на Неговата љубов. А многу е тешко подоцна да се извади такво учење од луѓето.

Тој ни ја довери нам службата на помирување.

Ние порано мислевме дека нашата проповед треба да ги доведе луѓето до осуда. Па на некој начин, сликовито кажано, ги удиравме по глава со Библијата.

Не! Светиот Дух е Тој што ќе ги увери.

Нашата служба е служба на помирување. Кога на луѓето ќе им го покажеме Бог каков што Тој навистина е, тие ќе посакаат да Го љубат.

## ГЛАВА ДЕВЕТА

# СМЕЛОСТ

„ ... И така, СМЕЛО да пристапуваме кон престолот на благодатта, за да примиме милост и да најдеме благодат за благовремена помош...“

– Евреите 4:16

Ефективната молитва во себе содржи смелост.

Пристапуваме пред Божјиот трон со смелост.

Од каде е таа смелост? Во Исус!

**ЕФЕСЈАНИТЕ 3:11, 12**

**стих 11: „ Според предвечната одлука, која Тој ја изврши во Христос Исус нашиот Господ,**

**стих 12: во Кого, преку верата во Него, имаме слобода да се доближуваме со доверба.“**

Постојат многу нешта за кои не мора да се молите, но во ред е да се молите за смелост. Всушност, треба да се молите.

На пример, не мора да се молите за вера. Библијата вели: „... *верата доаѓа од слушањето на пораката, а пораката од Божјото слово“* (Римјаните 10:17).

Значи, знаете како да добиете вера. Верата се зголемува преку хранење со Божјото Слово и преку практикување. Не треба да се молиме за вера. Но, Библијата ни покажува дека можеме да се молиме за смелост.

Петар и Јован беа смели кога го употребија Името на Исус за да му послужат на хромиот човек кај вратата наречена Красна. Беа

смели кога го прогласија Името на Исус пред народот што се собра.

Еврејските власти ја забележаа нивната смелост и ги доведоа на распит (Дела 4:13). Им наредија повеќе да не проповедаат и да не поучуваат во Името на Исус.

Кога беа пуштени, тие отидоа кај своите и им раскажаа сè што им рекоа првосвештениците и старешините. Тогаш целото собрание на верните, еднодушно го возвиши својот глас во молитва кон Бог.

**ДЕЛА 4:29, 30**

**стих 29: „ И, сега, Господе, погледај на нивните заплашувања и дај им на слугите Свои НАПОЛНО СМЕЛО да го проповедаат Твоето слово,**

**стих 30: полагајќи ја раката Своја за исцелување, и да се случуваат чудесни знаци во името на Твојот Свет Син Исус.“**

Таа молитва беше одговорена.

**ДЕЛА 4:31**

**стих 31: „ И, откако се помолија, се затресе местото каде што беа собрани, и сите се исполнија со Дух Свети и СМЕЛО го проповедаа словото Божјо.“**

Павле ја замоли црквата во Ефес да се моли за него. Овој голем Божји човек, овој апостол на верата, овој човек што го напиша половина од Новиот Завет, рече: *„Со секаква молитва и молба во секоја можност за сите светии, и за мене, та, кога ќе ја отворам устата да ми се даде СМЕЛО да ја соопштувам тајната на Евангелието, поради кое сум пратеник во окови, за да го проповедам СМЕЛО, како што ми прилега“* (Ефесјаните 6:18–20).

Молитвата на ефесјаните за Павле беше молба.

# Смелост да се дејствува

„ ... Ни треба смелост за да дејствуваме. Понекогаш, кога се застапуваме, Светиот Дух може да нѐ повика да одиме кај тој за кого се застапуваме. Сега се повикувам на една случка од животот на еден голем застапник, Чарли Холандсворт од Спокејн. Еден ден тој се застапувал за некого. Не знаел за кого се моли. По некое време на духовно страдање, Духот му рекол да оди на мостот „Монро Стрит“. Без одлагање, тој побрзал кон мостот. Кога пристигнал, на средината од мостот Светиот Дух му покажал човек со едната нога преку оградата, подготвен да скокне во смрт. Чарли веднаш го запрел автомобилот и го фатил човекот. Го убедил да влезе во автомобилот. Го однел човекот надвор од градот, некаде каде што ќе бидат сами. Му требале два до три часа за да го доведе човекот до спасението на Господ Исус...“

\- Ридт

Можеби не знаеме за што да се молиме, но благодарение Му на Бог — Светиот Дух знае. Ни треба смелост да постапуваме според Божјото Слово. Ни треба смелост да дејствуваме според тоа што Светиот Дух може да ни го каже.

Го чувствувам Светиот Дух како ја пребарува Црквата, барајќи ги тие на кои може да им довери да се молат и да дејствуваат со смелост. Потребни му се такви луѓе.

Многу луѓе имаат работни позиции и обврски кои не им дозволуваат целосно да се посветат на застапничката молитва. Но, открив дека додека си ја вршиш својата работа, што и да е таа, во твојата внатрешност можеш да се молиш.

„ ... Бог нема да ви стави бреме на застапништво ако не сте достапни да одговорите. Може да ве поттикне да се

молите за некого додека работите ако природата на работата ви дозволува да се молите...“

\- Ридт

Постојат работни места каде што многу е тешко да се молите додека работите. Во такви случаи, Бог ќе побара некој друг.

Но, има и такви работи особено ако не работите со умот туку со рацете каде можете да се посветите на молитва и додека работите.

Не отфрлајте го тој поттик за молитва кога ќе дојде. Бидете смели да одговорите.

Еден ден, додека сè уште бев пастор, завршував некои обврски и посетував луѓе. Одеднаш почувствував силен порив да се молам за мојот помал брат. Во тој период тој беше отпаднат од верата и не одеше со Господ. Аларм се вклучи во мене.

Така што продолжив да се молам во себе, дури и додека зборував со други луѓе, во мојата внатрешност се застапував пред Бог за него.

Ја носев таа тежина со мене два или три дена сè додека едноставно не замина. Не знаев за што се однесува.

Подоцна, во разговор, брат ми мѝ рече: „Ќе ти кажам едно нешто, Господ навистина ми помогна деновиве.“

Во тој период, тој беше бизнисмен и имаше ранч. Ми раскажа дека бил на ранчот кога во раката му експлодирала канта со дваесет литри бензин. А не беше ни малку повреден.

Рече дека сите што го виделе биле во шок.

Менаџерот на ранчот рекол: „Ова го надминува сè што сум видел во животот. Не можам да поверувам во тоа што го видов.“

Но, три дена пред да се случи тоа, јас се молев. Сигурен сум дека ако го отфрлев тој поттик и не се препуштев на него, брат ми можеше сериозно да изгори, па дури и да загине.

Знаете, Бог не сакаше тој да го напушти овој свет во тоа отпаднато духовно состојание.

А што ако не се молев?

Што ако Чарли Холандсворт не беше послушен на Духот Божји? Што ако не се застапуваше иако не знаеше за кого се застапува? Што ако беше премногу зафатен или неосетлив на водството на Духот, па не излезеше на тој мост без ни да знае зошто оди?

Со голема веројатност, тој човек ќе завршеше во пеколот.

Отрезнувачка е помислата дека кога луѓето ќе дојдат пред Божјиот суд, можеби ќе има некои во пеколот кои ќе покажат кон нас и ќе речат: „Вие сте одговорни“.

## Смелост пред престолот

**ИСАИЈА 43:25,26**

**стих 25: „ А, Јас, Јас Сам ги бришам твоите престапи заради Самиот Себе и гревовите твои нема да ги спомнам.“**

**стих 26: „ Потсети Ме, заедно ќе се судиме; говори, за да се оправдаш.“**

Еве еден предизвик од верниот Бог упатен до Израел. Тоа е, исто така, предизвик и до Црквата. Бидејќи ако Бог го исполни Својот завет со нив, ќе го исполни и со нас.

Верникот има права во молитвата што произлегуваат од заветот, како и други заветни права.

Сепак, постои еден истакнат проблем кој ги победува верниците во нивниот молитвен живот. Кога доаѓаме при Бога, имаме

чувство на инфериорност, чувство на свесност за грев, затоа што знаеме дека сме згрешиле. Имаме чувство на вина.

Некои ја започнуваат својата молитва со: „Толку сум слаб и недостоен...“, и потоа постојано се фокусираат врз своите слабости и недостојност во текот на целата молитва.

А кога доаѓаат во Божјото присуство кажувајќи Му го тоа, со таквите зборови тие излегуваат од вера и влегуваат во осуда. Не знаат дали Бог ги слуша или не. Сè што прават се молат за трошки.

Но, погледнете што вели Бог: „*А Јас, Јас Сам ги бришам твоите престапи заради Самиот Себе и гревовите твои нема да ги спомнам*“ (Исаија 43:25).

Зошто рече дека ќе ги избрише нашите престапи? Заради Себе за да може да нè благослови. Тој не можеше да нè благослови без тоа.

Кога знаеме дека Тој ги избриша нашите гревови, дека дури и не се сеќава дека некогаш сме направиле нешто погрешно, можеме да Му пристапиме со смелост. Можеме да пристапиме со вера. Го губиме сознанието за грев и сега имаме сознание за Синот!

Не мора да седиме на тротоарот пред нашата куќа, молејќи за милост. Можеме да влеземе смело преку главната врата и да влеземе во одајата на престолот за заедничарење со Бог.

Ние сме синови на Бог. Ние сме сонаследници со Исус Христос. Ние сме народ на завет. Имаме легално право, право на евангелие, право на син, право на семејство, право на Тело да влеземе пред престолот.

Кога Исус влезе во Присуството на Отецот, не влезе само со главата оставајќи го својот мал прст надвор, велејќи: „О, срам ми е!“. Не! Тој ниту во Својот мал прст немаше осуда.

Ние сме тело на Христос. Тоа значи дека телото може да влезе во Присуството на Бог Отецот со иста доверба и сигурност како што може и Главата! *Смело*!

ГЛАВА ДЕСЕТ

# ЕЛЕМЕНТИТЕ НА МОЛИТВЕНИОТ ЖИВОТ НА ВЕРНИКОТ

Ајде да ги разгледаме елементите на ефективната молитва на верникот.

## Усрдност (ревност)

**ЈАКОВ 5:16-18**

**Стихс16: „ ... Голема сила има услужната молитва на праведниот.“**

**стих 17: „ Илија беше човек смртен, како и ние, и со молитва Му се помоли на Бога да нема дожд, и не падна дожд на земјата три години и шест месеци.“**

**стих 18: „ И, пак се помоли, па небото даде дожд и земјата го даде својот плод**.“

Ефективната молитва вклучува усрдност.

Библијата нè учи дека секогаш треба да бидеме „... бидете со горлив дух ...“ (Римјаните 12:11).

В. Е. Вајн вели дека зборот преведен како „горлив“ во Римјаните 12:11 значи да се биде *жежок, да се врие*. *Деталниот Библиски речник* на англиски јазик додава дека фигуративно значи да се биде искрен со цело срце.

Епафрас „усрдно се труди“ за Колосјаните во молитвите (Колосјаните 4:12). Грчкиот збор „ἀγωνίζομαι“ (*агонизомаи*), преведен како „од се срце се труди“, укажува на борење, натпреварување, борба.

# Копнеж

**2 КОРИНТИЈАНИТЕ 7:6, 7**

**стих 6: „ Но, Бог . . . нѐ утеши со доаѓањето на Тит.“**

**стих 7: „ И, не само со неговото доаѓање, но и со утехата, со која се беше утешил тој поради вас, известувајќи нѐ за вашиот КОПНЕЖ, за вашиот плач, за вашата РЕВНОСТ кон мене, така што јас уште повеќе се зарадував.“**

„ ... Копнежот на Коринтјаните беше препознаен од Тит и пренесен на Павле.

Нешто се случува кога искрениот плач, искрената молитва и искрениот копнеж ќе го зафатат нашиот дух.

Кога Бог ви става на срце некоја потреба за застапничка молитва, таа тежина или што и да е што Бог го поттикнал вашето срце да направи, треба да стане главната работа во вашето срце.

Кога желбата да се види одговорот е толку интензивна што ги апсорбира сите ваши сили, тогаш исполнувањето не е далеку.

Тоа е копнежот што го носи одговорот. Тоа е креативна желба...“

\- Ридт

Зимата во 1942–1943, бев исполнет со желба Бог да направи нешто. Јас не ја измислив таа желба, таа беше таму, без сомнение, од Бога.

Знаете, сето ова што денес се случува во движењето на Божјиот Дух, духовни прероди и слично, не е резултат од молитви од вчера или минатата недела. Тоа е плод на молитвите од пред многу години.

Таа зима кога почнав да чувствувам длабока тежина и поттик за молитва во одредена насока бев пастор на една црква во Источен Тексас.

Во тие воени години, изгледаше како многу наши цркви да се исушија. Луѓето или одеа на фронт или работеа во фабрики за воена индустрија. Во нашите пентекостални цркви говорењето на јазици и нивното толкување беше многу честа појава, но ретко, ако воопшто, се манифестираа другите дарби или пројави на Духот.

Се најдов себеси речиси несвесно молејќи се: „Драг Господе, нека се манифестираат и пројават посилните дарби на Духот, ... дарбата на посебна вера ..., правење чуда ..., дарбата на исцелување ...“

Толку бев опфатен од тоа, се будев на колена во дневната соба во 3 или 4 часот наутро, молејќи се за тоа. Нок по ноќ, тоа беше вообичаено. Многу пати ќе се разбудев порано во ноќта. Излегував од спалната соба за да не ја разбудам сопругата. (Многу често се молам тивко и лично, но за ова не можев да бидам тивок. Се чувствував како да ќе пукнам.) Но, понекогаш, не се сеќавав ни дека сум станал. Се наоѓав себеси во дневната, молејќи се, и ќе си речев: „Како дојдов тука?“

Многу пати ќе се разбудев и ќе се најдев себеси несвесно молејќи се: „Нека се пројават овие поголеми, помоќни манифестации на Твојот Дух ...“

Потоа, на 23 февруари 1943 година, по пет часа и 45 минути молитва тој ден, Бог почна да ми зборува. Го зедов моливот и почнав да запишувам. Ми рече: „По завршувањето на Втората светска војна, ќе дојде пробудување кај луѓето во Америка за божественото исцелување.“

Тоа беше повеќе од две години пред војната да заврши. Војната заврши во август 1945 година, ова се случи во 1943-та.

Деветнаесет месеци подоцна, во септември 1944 година, зборував на средба на Христовите амбасадори на Божји Собори.

Почнав со друга тема, но бидејќи ова гореше во мене, преминав на оваа тема и кажав што ми рече Господ.

Реков: „ Сакам да ви дадам преглед на тоа што ќе се случи кога ќе заврши војната. Ќе дојде пробудување на божественото исцелување во Америка.“

Кога го кажав тоа, силата Божја падна врз тој народ. Секој служител, како некој да им рече (а јас не реков), стана и истрча кон олтарот. Секој човек падна на подот. Никогаш не сум видел такво нешто во животот.

Благодарение му на Бог за Духот Свети. Благодарение му за молитвата.

Тоа божествено пробудување на исцелување дојде. Започна во 1947 година. Но, не дојде затоа што некој се молел неделата претходно во 1947. Тоа дојде затоа што луѓе, не само јас, туку и други, се молеа уште во 1943 година.

Кога се молев за тоа, тоа беше желба што целосно ме обзеде. Не ми беше важно, ниту пак помислував дека Бог ќе ме употреби во тоа. Искрено, дури и не сакав да ме употреби. Најмногу ќе ми одговараше ако останев во заднина каде што ќе можев да се молам, а никој да не знае за мене.

Бог ја исполнува Својата волја на земјата преку Црквата.

А што ако луѓето не одговореа на тој поттик?

Од каде, всушност, дојде тој поттик? Дали ние сами си го измисливме? Не! Бог ни го стави во срцата. Тоа беше желба што гореше во нас.

А што ако не одговоривме? Не мораше да одговориме. Ние не сме роботи.

Бог не нè принудува да направиме нешто. Имаме слободна волја. Треба самите да сакаме да одговориме на Духот Божји.

Божјиот Дух не употребува сила. Ако го правеше тоа, тогаш ќе ги натераше сите да се спасат уште денес и утре ќе влезевме во Милениумот.

Ѓаволот и демоните ги тераат и присилуваат луѓето. Светиот Дух води и упатува; Тој дава еден благ поттик.

Бидете решителни да одговорите на Духот Божји. Одговорете на тие поттикнувања за молитва. Понекогаш тоа е *водство*, понекогаш тоа е *поттик* во срцето.

Станете чувствителни на Него.

Понекогаш сме нечувствителни на тоа што Тој ни го зборува во нашиот дух, затоа што премногу живееме во умствената сфера. И ги пропуштаме тие работи.

> „ ... Некои можеби ќе се противат нешто да стане најголема желба на срцето за некое време. Тие велат дека твојата врвна желба треба да биде Господ...“
>
> \- Ридт

Но, кога Бог ќе стави желба на твоето срце, таа е всушност твојата врвна желба за Господ. Бог живее во тебе. И Тој е Тој што ја активира таа желба. Тоа е Божја врвна желба луѓето да бидат ослободени.

Беше Божја врвна желба човекот (од 9. поглавје) да не скокне од мостот и да си го одземе животот. Тој човек случајно се нашол на место каде што Бог можеше да најде некој што ќе почне да се моли, некој доволно близок до Неговиот Дух, за да одговори, да седне во автомобилот и да вози до таму. Човекот беше спасен и наново роден, затоа што едно Божјо чедо дозволи Божјата врвна желба да стане негова врвна желба.

> „ ... Бог не прави ништо со пола срце. Бидејќи тоа е Неговата врвна желба, таа станува и врвна желба на тие што се

повикани на застапничка молитва. Тоа е соработка со Бога. „Зашто ние сме соработници Божји ...“ (1 Коринтјаните 3:9)

- Ридт

# Истрајност

**ЕФЕСЈАНИТЕ 6:18**

**стих 18: „ Со секаква молитва и молба во секоја ситуација молете се во духот. Затоа бидете постојано будни со сета истрајност и молитва за сите светии.“**

Ефективната молитва мора да го вклучува елементот на истрајност. Вилфорд Ридт тоа добро го сумира:

- Кога Светиот Дух ќе стави на срцето на некоја личност да се застапува во молитва, таа застапничка молитва не треба да престане сè додека не дојде одговорот или не престане поттикот. Според моето искуство, каде што најчесто не знам за кого се молам, поттикот знаел да трае со часови, па дури и со денови. Иако морав да ги вршам вообичаените обврски, во мене постојано тлееше тоа внатрешно воздивнување во духот. Во моментите кога имав можност да бидам сам со Бог, бремето се засилуваше. Нема некое конкретно правило кое треба да се следи. Секој нека постапува онака како што Бог ќе го води.

Причината зошто „истрајноста“ е составен дел од застапничката молитва е тоа што многу лесно може да се игнорира поттикот и да се заборави. Неверојатна е одговорноста да чувствувате дека нечиј живот можеби зависи од вашата молитва. Не се многу верници подготвени да ја прифатат таа одговорност. Затоа, тие што се подготвени обично се постојано зафатени.

# Пост

**1 Самолиова 10:7**

**„ Кога ќе ги препознаеш овие знаци, тогаш прави тоа што може раката твоја, зашто со тебе е Бог.“**

Ефективната молитва понекогаш вклучува пост.

„ ... Во некои случаи, постот може да биде неопходен. Нема строго правило. Молитвениот борец ќе постапи според ситуацијата. Ако смета дека постот е потребен, тогаш нека пости...“

- Ридт

Во сите посланија, книгите на Новиот Завет упатени до Црквата, ниту еднаш не ѝ се заповеда на Црквата да пости.

Тоа не значи дека не треба да постиме. Постот се споменува, но не се даваат правила, ниту пак Црквата се охрабрува да пости.

Причината е што нема строго утврдени правила за тоа. Постот треба да се практикува кога ќе се јави потреба.

Постот не го менува Бог. Тој е ист пред, за време и по постот. Но, постот ќе ве промени вас. Ќе ви помогне да ја држите телесната природа под контрола. Ќе ви помогне да станете почувствителни на Духот Божји.

Можеби Господ ќе ви каже да постите. Мене ми има кажано да постам во посебни времиња. Би сакал да напомнам, сепак, дека никогаш не сум бил воден да постам повеќе од три дена по ред. (За повеќе информации на оваа тема, погледнете ја книгата на Брат Хегин: *Практичен водич за постење*.)

ГЛАВА ЕДИНАЕСЕТ

# СВЕТИОТ ДУХ: НАШ ПОМОШНИК ВО МОЛИТВАТА

Светиот Дух се застапува за нас.

Светиот Дух, исто така, ни *помага* да се молиме.

**РИМЈАНИТЕ 8:26, 27**

**стих 26: „ Исто така, и Духот нѐ поткрепува во нашата немоќ; бидејќи ние не знаеме како треба да се молиме. Па сепак, Духот Сам посредува за нас со неискажливо воздивнување.“**

**стих 27: „ А, Тој Кој ги истражувал срцата, знае каква е мислата на Духот, бидејќи Тој по волјата на Бога посредува за светиите.“**

Д-р Т. Џ. Мек Кросан, познат професор по грчки јазик, во својата книга *Телесно исцелување и помирувањето* (денес достапна преку Faith Library Publications), вклучува едно осветлувачко објаснување за грчкиот збор преведен како: „поткрепува“:

> „ ... добро забележете го зборот што тука е преведен како „поткрепува“ (*sunantilambanetai*). Тоа е сегашно време, трето лице еднина од глаголот *sunantilambanomai*, кој доаѓа од *sun* – заедно со; *anti* – против; и *lambano* – земам, фаќам. Значи, овој збор буквално значи: „да се фати против (нешто), заедно со (некого).
>
> Така, во Римјаните 8:26 ни се кажува дека Светиот Дух се фаќа заедно со некого против нашите слабости. Со кого? Со нас самите ...“

\- Мек Кросан

Д-р Мек Кросан тука зборува само за еден вид немоќ (телесна слабост, болест), но можеме јасно да видиме дека Светиот Дух ни помага така што се фаќа заедно со нас против нашите слабости, односно секакви видови немоќ.

Ако, на пример, кажам од говорницата: „Потребни ми се неколку машки волонтери кои ќе останат по службата да ми помогнат да го симнеме ова пијано од бината,“ всушност мислам дека сакам тие да се фатат, заедно еден до друг, против тежината на пијаното.

Светиот Дух помага. Тој се „фаќа“ заедно со нас против немоќта. Ако ние не се фатиме заедно со Него против неа, Тој нема да направи ништо. Прво ние мора да се фатиме заедно со Светиот Дух, а потоа Тој ќе ни помогне.

Некој еднаш ми рече: „Откако дознав дека Светиот Дух се моли наместо мене, не се молам веќе многу.“

Но, Римјаните 8:26 не вели дека Светиот Дух се моли наместо нас. Тој *ни помага*. Ако Светиот Дух се молеше наместо нас, тогаш Тој би бил одговорен за нашиот молитвен живот, а тоа не се согласува со Библијата.

Прочитајте што Исус вели во четирите Евангелија во врска со Светиот Дух. На пример: *„Јас ќе Го помолам Отецот, и Тој ќе ви даде друг Утешител за да биде со вас довека, Духот на вистината, Кого светот не може да Го прими, зашто не Го виде, ниту Го познава; а вие Го познавате, зашто во вас е и во вас ќе биде. Нема да ве оставам сираци; ќе дојдам кај вас. А Утешителот, пак, Духот Свети, Кого што Отецот ќе Го испрати во Мое име, Тој ќе ве научи на сè и ќе ви напомне за сè што сум ви зборувал*. “ (Јован 14:16–18, 26).

Грчкиот збор *parakletos*, што овде е преведен како „Утешител“, буквално значи „тој што е повикан да стои покрај и да помага“.

*Проширениот превод* на Библијата (Amplified Bible) го дава седумкратното значење на зборот: Утешител, Советник, Помошник, Застапник во молитва, Бранител, Зајакнувач, Постојан придружник.

Светиот Дух не е испратен за да ја врши работата наместо христијаните; Тој е испратен за да им помогне тие самите да ја извршат.

Исус им рече на учениците да останат во Ерусалим додека не бидат крстени со Светиот Дух. Тој рече: „... *но ќе примите сила од Светиот Дух, Кој ќе слезе на вас* ...“ (Дела 1:8)

Едно од значењата на грчкиот збор преведен како „сила“ е *способност*. Со други зборови: „Кога ќе дојде Светиот Дух врз вас, ќе добиете способност.“ Состојбата за што? За да бидете сведоци.

Светиот Дух нема да сведочи наместо вас, вие ќе сведочите, но со Неговата способност.

На ист начин, Светиот Дух нема да се моли наместо вас, туку вие ќе можете да се молите со Неговата сила. Тој ќе ви помогне да го направите тоа.

Ние сме тие што сме одговорни за нашите животи.

Ние сме тие што сме одговорни да го шириме Евангелието.

Ние сме тие што сме одговорни да се молиме. Светиот Дух е нашиот Помошник.

ГЛАВА ДВАНАЕСЕТА

# СВЕТИОТ ДУХ И НАШИТЕ СЛАБОСТИ

„ ... Исто така, и Духот нè поткрепува во нашата НЕМОЌ ...“

— Римјаните 8:26

Што значи зборот „немоќ“ во овој контекст?

В. И. Вајн, во својот *Толковен речник на зборови од Новиот Завет*, го дефинира грчкиот збор како: *недостаток од сила, слабост, што укажува на неможност да се произведе резултат*.

Нашата немоќ би нè спречила да имаме резултати во молитвата доколку не беше нашиот божествен Помошник, Духот Божји.

## Незнаење

„*Незнаењето* е немоќ“, посочува Ридт. „Ние не *знаеме* секогаш.“

Непријателот го искористува нашето незнаење. Бог вели: „*Мојот народ гине поради недостаток од знаење* ...“ (Осија 4:6). Исто така, невозможно е да се молиме точно и ефикасно ако не знаеме за што да се молиме. Токму затоа ни е потребен Светиот Дух да ни помогне во оваа немоќ. Апостол Павле се молеше за Колосјаните да *познаат* (што укажува дека има што да се познае!). Во таа негова молитва може да најдеме и навестување како да се молиме за другите верници.

**КОЛОСЈАНИТЕ 1:9**

**стих 9: „ Затоа и ние, од тој ден кога го чувме тоа, НЕПРЕСТАЈНО СЕ МОЛИМЕ и сакаме ДА СЕ ИСПОЛНИТЕ СО ПОЗНАНИЕ НА НЕГОВАТА ВОЛЈА ВО СЕКОЈА МУДРОСТ И ДУХОВНО РАЗБИРАЊЕ.“**

Божјата волја и Божјото Слово се поврзани.

Бог ни го дал Своето напишано Слово за да ни ја открие Својата волја. Ние треба да ги обновиме нашите умови со Неговото Слово, така што првото нешто што ќе ни дојде на ум во дадена ситуација ќе биде тоа  што Бог го кажува за таа тема.

**РИМЈАНИТЕ 12:2**

**стих 2: „ Не сообразувајте се со овој век, туку преобразете се со возобновување на вашиот ум за да можете да испитувате и осознавате што е волјата Божја: што е добро, благоугодно и совршено.“**

Бог ни го даде Својот Збор. Светиот Дух нѐ потсетува на тој Збор. Тогаш ја знаеме Божјата волја ако го познаваме Божјото Слово.

**ЈОВАН 14:26**

**стих 26: „ А, Утешителот, пак, Духот Свети, Кого што Отецот ќе Го испрати во Мое име, Тој ќе ве научи на сѐ и ќе ви напомне за сѐ што сум ви зборувал.“**

Благодарение му на Бога за работите што Словото не ги опфаќа, имаме помазание од Светиот.

**1 ЈОВАН 2:20**

**стих 20: „ А, вие имате помазание од Светиот, и сите тоа го знаете.“**

## Отапеност во перцепцијата

„ ... Отапеноста во перцепцијата е немоќ. Исус се осврна врз ова во Лука 24:25 кога рече: „О, неразумни и бавни по срце да верувате сѐ што кажале пророците.“...“

- Ридт

За црквата во Ефес да не биде отапена во перцепцијата, Павле се молеше вака:

**ЕФЕСЈАНИТЕ 1:16–18**

**стих 16: „ Не престанувам да Му благодариме за вас, споменувајќи ве во моите молитви.“**

**стих 17: „ За да ви го даде Бог на нашиот Господ Исус Христос, Отецот на славата, ДУХ НА МУДРОСТ И ОТКРОВЕНИЕ во ПОЗНАВАЊЕТО НА Него.“**

**стих 18: „ Да бидат ПРОСВЕТЛЕНИ ОЧИТЕ НА ВАШЕТО СРЦЕ, ЗА ДА ЗНАЕТЕ која е надежта на Неговото повикување и какво е богатството на славата на Неговото наследство меѓу светиите.“**

(Како и во неговата молитва за Колосјаните, Павловата молитва, помазана од Духот, ни покажува како да се молиме за себе и за други верници за да ја надминеме замаглената перцепција во однос на Божјите работи.)

Светиот Дух е даден за да нè учи во сите работи (Јован 14:26). Тој нè учи директно во нашите духови. Но, исто така, нè учи преку учители кои го познаваат Божјото слово. Бог постави учители во Црквата (Ефесјаните 4:11,12). Не ставајте ограничување за количината на знаење што можете да го стекнете од Бог.

**РИМЈАНИТЕ 15:14**

**стих 14: „ А, вие, браќа, сами сте исполнети со добра волја, ИСПОЛНЕТИ СО СЕКАКВО ЗНАЕЊЕ, и можете да се подучувате еден со друг.“**

Токму таму Бог сака да бидеме!

## ГЛАВА ТРИНАЕСЕТА

# МОЛИТВА ЗА БОЛНИТЕ

Друга дефиниција за зборот преведен како „немоќ“ во Римјаните 8:26, е *немоќ, болест, слабост*.

Молитвата често е неопходна против оваа немоќ.

Кога подучувам за вера и исцелување на богослужбите или семинарите, можам да покријам само еден аспект за тоа. Средбите не се доволно долги за да ја опфатат целата слика. Затоа имам една цел на ум, да ги поттикнам луѓето да Му веруваат на Бог сега и да примат од Бог сега. Благодарение му на Бог, одреден процент од нив може и ќе го направи тоа.

Знаеме, затоа што ја имаме Библијата, а Библијата ни го пренесува познанието за Бог дека исцелувањето е обезбедено за сите. Знаеме дека е највисока и совршена волја на Бог секој верник да не биде болен, туку да го проживее својот полн живот овде долу сè додека телото не му се истроши и не заспие во Исус.

Мора да ја претставиме совршената волја на Бог, инаку луѓето нема да знаат за неа. Но, исто така, знаеме, од природна гледна точка, дека поради разни причини, не сите искусуваат исцелување, истото важи и за Божји деца.

(Ако тоа не се случи, тоа не значи дека луѓето не биле спасени. Не значи дека не отишле на Небо.)

Од Стариот Завет знаеме дека Бог склучи завет со Израел.

**ИЗЛЕЗ 23:25, 26**

**стих 25: „ Служете Му на Господ, вашиот Бог, и Тој ќе го благослови лебот твој, и водата твоја; и ќе те чува од секаква болест.“**

**стих 26: „ Жени што пометнуваат и жени бездетни нема да има во земјата твоја; и ќе направам бројот на деновите твои да биде полн.“**

Зарем тоа не беше совршената Божја волја? Да!

Но, забележете, беше условена.

Кој беше условот? Да одат по Неговите наредби и да ги пазат Неговите заповеди.

Додека Израел го држеше заветот, немаше болести меѓу нив. Ниту бебиња, ниту млади луѓе умираа.

Но, потоа, болести и зарази навлегоа меѓу нив и луѓето почнаа да умираат млади. Зошто? Затоа што не го одржаа заветот со Бог.

Дури и во домот на цар Давид, неговото дете се разболе, и пророкот прорече дека детето ќе умре (2 Самуилова 12:14).

Како го знаеше тоа пророкот? Преку Божјиот Дух.

Не беше совршената Божја волја детето да умре, но преку гревот заветот беше нарушен. Божјиот Дух кажа што ќе се случи во тие околности.

Истото што му се случи на Израел, им се случува и на поединци денес. Мора да им кажеме на луѓето за Божјиот план, за Божјиот завет и за тоа што им припаѓа ним. Исцелувањето е наше. Исцелувањето е во искупувањето. Сепак, не секој ги ползува своите права од Новиот завет.

Понекогаш, ако се вистински „бебиња“ во верата, можете да ја користите својата вера за нив. Можете да ги носите на својата вера извесно време.

Понекогаш можете да ги поттикнете да се согласат со вас. Можете да ја соедините вашата вера со нивната во молитвата на согласност (Матеј 18:19). Тоа функционира.

Но, сè уште постојат такви кои не знаат и не разбираат, за кои мора да се молиме.

Еден пастор од традиционална деноминација, кој сè уште ја води својата црква, ми раскажа како неговата сопруга била чудесно исцелена од Божјата сила, откако медицината целосно се откажала од нејзиниот случај. Нејзиното исцелување ги вовело во Харизматското движење.

- Откако сопругата ми беше исцелена, -  рече тој, „нашите очи почнаа да се отвораат за крштевање во Светиот Дух.“ Тие биле исполнети со Светиот Дух и биле релативно нови во духовните нешта кога неговата сопруга имала едно искуство додека се молела за исцелување на друга личност.

Една млада сопруга и мајка на три деца, која редовно ја посетувала црквата на овој пастор, требало да има операција на отворено срце. Таа починала на оперативната маса. По извесно време, лекарите успеале да ја реанимираат, но таа сè уште била во бессознание.

Докторите рекле дека никогаш нема да се освести и дека можеби е подобро така, бидејќи нејзиниот ум никогаш нема да биде во ред; премногу долго била без кислород во мозокот.

Овој пастор ми рече: „Го тешевме младиот сопруг и се молевме со него колку што можевме, но ние бевме толку нови во сето ова.“ И покрај тоа, жената остана жива.

Пасторот ми кажа: „Третата ноќ се разбудив и одеднаш сфатив дека жена ми не беше во кревет. По некое време станав да ја побарам. Слушнав воздишки од дневната соба. Помислив: „Станала и паднала, можеби се повредила.“ Ја најдов како лежи на подот во дневната и воздивнува.“

Тој се наведнал до неа и прашал: „Душо, што ти е?“ Таа одговорила: „Не знам. Не го разбирам тоа, ама едноставно не можам да ја пуштам да умре. Едноставно не можам.“

Три ноќи по ред, секоја ноќ, таа лежела на подот, воздивнувала и се молела на глас цела ноќ.

На четвртиот ден, откако жената на пасторот се молела три ноќи, одеднаш таа млада жена во болницата дошла при себе. Докторите биле во шок. Била целосно будна и свесна. Била совршено добро. Сосема обновена, се вратила кај својот маж и децата.

Иако жената на пасторот била нова во овие духовни нешта, таа почнала да се моли за младата жена главно затоа што Духот Божји ја водел така, не затоа што сама го измислила тоа.

Колку сме зависни од Светиот Дух во нашиот молитвен живот?

Кога се молам за болните, понекогаш Духот Божји се соединува со мене и се моли преку мене.

Но, има и моменти кога сум се обидел да го „вклучам“, но Тој не го прави тоа. Не можете да го натерате Светиот Дух да направи нешто. Наместо вие да го користите Него, дозволете Тој да ве користи вас.

Пред триесет години отидов покрај креветот на еден човек за да се молам за негово исцелување, но, не можев да го изговорам зборот „исцели“. Ќе речев: „О, Боже“, и наместо да кажам „исцели го овој човек“, ќе кажев: „благослови го овој човек“. Се обидував да го натерам мојот јазик да каже „исцели“, но не можев. Не можев да го контролирам јазикот.

Реков: „Господе, зошто не можам да се молам за исцелувањето на овој човек? Тој не е доволно стар за да умре. Ти ни вети минимум 70 или 80 години.“

(Во Псалм 91, всушност пишува: „Со долг живот ќе те наситам.“ Ако не сме наситени на крајот од 70 или 80 години, можеме да продолжиме додека не бидеме наситени).

Но, Господ ми рече: „Да, но тој е наново роден пред 36 години. Чекав 36 години тој да се откаже од гревот. [Размислете само за Божјото трпение!] Во тие 36 години никогаш не живеел исправно подолго од две недели во низа. Затоа го осудив и го предадов на Сатаната за уништување на телото, за да се спаси неговиот дух во денот на Господ Исус.“

(Тоа е во Библијата. Прочитај ја петтата глава од Првото до Коринтјаните и последниот дел од единаесеттата глава.)

Потоа Духот ми рече: „Не можеш да се молиш за негово исцелување, но можеш да го направиш ова: кажи му дека ќе ги положиш своите раце врз него за да се исполни со Светиот Дух, и дека неговите последни денови ќе бидат подобри од првите.“

Му кажав што ми рече Господ. Кога ја положив раката врз неговото чело, веднаш почна да зборува на јазици.

Заминав и си продолжив по мојот пат. Кога се вратив повеќе од еден месец подоцна, беше веќе починат и погребан. Но, ми кажаа дека седел исправен во креветот и пеел и зборувал на јазици три дена и три ноќи. Потоа имал славно заминување во вечноста.

Тоа не беше совршената Божја волја за него. Но, сигурно беше подобро од тоа да оди во пекол.

Возев по автопатот со автомобилот, плачејќи и пеејќи: „Благодат, благодат, Божја благодат. Благодат што е поголема од сите наши гревови.“

Понекогаш сум се обидувал да се молам за луѓе, и се чувствувало како да удирам во ѕид, или да одам по слепа уличка.

Едноставно немаше напредок, бидејќи Духот Божји не дејствуваше со мене.

## Идентификување

Понекогаш, кога се молам за други против некоја физичка болест, изгледа во духот,  буквално, но физички тоа не е така, но изгледа во духот како истата работа да се закачува на моето тело. Знаете, вие ги носите потребите на другите пред Бог. Понекогаш ја чувствувам болката што ја чувствуваат тие. Ако тие имаат болки во стомакот и јас ги чувствувам. Ако не можат да дишат и јас тешко дишам. Јас се идентификувам со нив. Се разбира, ова е дел од делувањето на Духот и не е нешто што треба да се бара во вашиот молитвен живот. Овие видови манифестации се случуваат само според волјата на Светиот Дух, не како што сакаме ние. Од 1949 година, со само еден исклучок, секогаш кога се молам на овој начин и ги примам симптомите на болните, тие секогаш го примаат своето исцелување. А во случајот на тој еден исклучок, Исус се појави на сцената и рече: „Дојдов да го исцелам, но тој не ми дозволува."

ГЛАВА ЧЕТИРИНАЕСЕТА

# ШТО ЗНАЧИ МОЛИТВАТА ВО ДУХОТ?

Бидејќи молитвата во Духот е толку важна, сакав во ова поглавје да објаснам за тоа подетално.

Делотворната молитва во Духот може да се случи на два начина:

1. На твојот личен познат јазик

   Не се зборува многу за молитва на познат јазик како форма на молитва во Духот, но тоа е област на молитва што го води човекот чекор понатаму од молитвата со разбирање.

Молитва во Духот на личен јазик се случува кога станувате посвесни за Бог и за духовните нешта отколку за природната околина. Старите верници тоа го нарекуваа „изгубен во Духот“. Во такви моменти, човек може да се внесе во молитвата до таа мера што ќе се моли два или три часа, а ќе мисли дека поминале само десет минути.

Исто така, можно е додека се молите во Духот на својот познат јазик, да изговорите работи во молитва што инаку никогаш не би ви дошле на ум. Всушност, зборувате инспирирани од небото, слично на инспирацијата што доаѓа со дарбата на пророштво.

2. На други јазици

   Што е молитва во Духот?

**ЕФЕСЈАНИТЕ 6:18**

**стих 18: „ Со секаква молитва и молба во секоја ситуација молете се ВО ДУХОТ. Затоа бидете постојано будни со сета истрајност и молитва за сите светии.“**

Што значи овој стих: *„Молете се во Духот . . .“* (Ефесјаните 6:18)?

Со ова прашање се соочив пред многу години како баптистички пастор. Некој си внатрешен глас ми кажуваше дека, што и да значи тоа, јас не го правев.

Сакав да знам. Прашав еден куп луѓе што мислат и што знаат за тоа.

Знаете ли што мислеа повеќето луѓе дека значи молитвата во Духот? Мислеа дека тоа е молитва со малку повеќе жар, енергија и сили!

Потоа ме изненади и изјавата на Јуда до верните.

**ЈУДА 20**

**стих 20: „ А, вие, возљубени, изградувајќи се во пресветата ваша вера и МОЛЕЈЌИ СЕ ПРЕКУ СВЕТИОТ ДУХ.“**

Си го поставив прашањето: „Што значи МОЛЕЊЕ ПРЕКУ СВЕТИОТ ДУХ?“

Што и да беше тоа, чувствував дека јас не го правам.

Сега, мојот разум ми велеше дека јас веќе „се молам во Духот“ и „се молам преку Светиот Дух“.

Но, срцето ми велеше: „Не, не се молиш.“

Затоа решив да откријам со сигурност што значат тие изрази. Помислив: *„ Павле е тој што пишува овде во Ефесјаните каде што зборува за „молитва во Духот“. Дали тој кажал нешто на друго место за молитва во Духот? Ако е така, тогаш зборува за истата работа каде и да ја спомнува*.“

Така што почнав да барам наводи од таа фраза во посланијата на Павле. Така стигнав до Прва Коринтјаните, глава 14.

Сега ја немав многу студирано Прва Коринтјаните 14. Првата недела од секој квартал, проповедав од единаесетатта глава непосредно пред да земеме Причест. Ја прескокнував дванаесетата глава и проповедав за љубовта од глава 13. Потоа пак ја прескокнував следната глава и проповедав за Воскресението од глава 15. Речиси се плашев од главите 12 и 14.

Но, сфатив дека ако сакам да дознаам што значи молење преку светиот дух, морам да одам токму таму, затоа што таму Павле зборува за тоа. И дознав што вели.

**1 КОРИНТИЈАНИТЕ 14:2**

**стих 2: „ Зашто тој, кој зборува на друг јазик, тој не им зборува на луѓе, туку на Бога; бидејќи никој не го разбира, а со Духот кажува тајни.“**

Во Духот! Во Духот! Во Духот тој зборува тајни! Еве го повторно!

Сега забележете нешто понатаму во главата.

**1 КОРИНИТЈАНИТЕ 14:14, 15**

**стих 14: „ Зашто, ако се молам на друг јазик, се моли мојот дух; умот, пак, мој останува бесплоден.“**

**стих 15: „ Па што да се прави? Ќе Му се молам со дух, ќе се молам и со ум; ќе Го воспевам Бога со дух, ќе Му пеам со ум.“**

Ајде да ги прочитаме истите два стиха од Зголемениот превод (The Amplified Bible):

**1. КОРИНТЈАНИТЕ 14:14–15 (Проширен превод)**

**стих 14: „ Зашто, ако се молам на [непознат] јазик, мојот дух [преку Светиот Дух кој е во мене] се моли, но мојот ум е неактивен [не дава плод и не му помага на никого].**

**стих 15: „ Тогаш, што да правам? Ќе се молам со мојот дух [преку Светиот Дух кој е во мене], но ќе се молам и разумно]**

**со мојот ум и разбирање; ќе пеам со мојот дух [преку Светиот Дух кој е во мене], но ќе пеам [разумно] и со мојот ум и разбирање, исто така.“**

Павле рече: „Ќе се молам со дух, ќе се молам и со ум.“ Ако молитвата на јазици не е за денес, тогаш би биле многу ограничени во нашата молитва во Духот. А, сепак, ние сме духовни битија. Треба да се молиме од духот, а не само од умот.

Павле во овие стихови зборува за два вида молитва: ментална и духовна.

Менталната молитва — молитвата со умот е молитва што произлегува од разумот. Таа е добра и ефективна во многу ситуации, но изгледа дека Црквата предолго се обидува да се снајде само со менталната молитва. А тоа не е доволно. Зошто? Божјото Слово дава одговор во Римјаните 8:26:

**РИМЈАНИТЕ 8:26**

**стих 26: „Исто така и Духот нè поткрепува во нашата немоќ; бидејќи ние не знаеме како треба да се молиме. Па, сепак, Духот Сам посредува за нас со неискажливо воздивнување.“**

Постојат моменти кога не знаеме за што да се молиме и тогаш менталната молитва не е доволна. Потребна е духовна молитва.

Духовната молитва е молитва што извира од вашиот дух, со изрази дадени од Светиот Дух. Тие може да бидат изрази на вашиот *познат* јазик, на јазик што ви е *непознат*, или понекогаш во форма на *воздишки*.

Ние не секогаш ја разбираме целата ситуација околу нешто за што се молиме, но Светиот Дух ја разбира. Кога ќе Му дозволиме Нему да се моли преку нас, да ни помогне во нашиот молитвен живот, ќе видиме неверојатни одговори од молитвите.

Секој верник исполнет со Светиот Дух може да очекува дека Духот ќе му помогне да се моли во Духот.

На крајот од ова поглавје, сакам да се фокусирам на еден од двата начина на молитва во Духот, а тоа е молитвата на други јазици. Би сакал да споделам неколку конкретни придобивки и цели од молитвата во Духот на други јазици.

## Молитва на јазици за да се возвеличи Бог

**ДЕЛА 10:46**

**стих 46: „Зашто ги слушаа како зборуваат на разни јазици и Го возвеличуваат Бога? ...“**

Молитвата на јазици е еден начин преку кој можеме да Го возвеличиме Бога.

Со години, како служител, се молев и имав прекрасни моменти во молитва. Знаев да се симнам во шталата и да се качам на таванот со сено за да се молам и таму доживеав извонредни молитвени искуства.

Но, и покрај тоа што бев благословен, често заминував од тие моменти со чувство на разочараност. Се обидував да му кажам на Бог колку Го љубам. Користев сè што ми стоеше на располагање, сите придавки и изрази, за да Му кажам колку е прекрасен. Го исцрпував својот речник, а во духот се чувствував како сè уште да не сум кажал сè што сакав. Имав впечаток дека духот ми е лишен од целосен израз.

Една од работите што најмногу ги ценам откако сум исполнет со Светиот Дух е токму молитвата на јазици. Од тој ден, во 1937 година, кога првпат бев исполнет со Духот, па сè до денес, секој ден Му се поклонувам и комуницирам со Бога, се молам и пеам на јазици. Никогаш не сум заминал од таа молитва со чувство дека не сум кажал сè што сакав, бидејќи мојот дух, преку Светиот Дух

кој живее во мене, можеше да го изрази тоа што навистина го носеше.

Ако тоа сè уште не го правите, ве поканувам да влезете во оваа димензија на натприродна комуникација со Бога. Тој сака да направи многу повеќе за вас. Сака да комуницира со вас на повисоко ниво. Дознајте ја радоста на заедништвото со Господ во Духот.

## Молитва на јазици за да се изградите себеси

**ЈУДА 20**

**стих 20: „ А, вие, возљубени, изградувајќи се во пресветата ваша вера и молејќи се преку Светиот Дух.“**

**1 КОРИНТЈАНИТЕ 14:4**

**„ Кој зборува на друг јазик, тој се надградува сам себе ...“**

Постои еден аспект на молитвата на јазици кој не е поврзан со молитва за другите, ниту со застапување за некого. Тоа е чисто средство за лична духовна изградба. Таа ни помага духовно. Нè гради. Нè надградува. Нам ни е потребна ваква молитва, затоа што не можеме да им помогнеме на другите, ниту да ги изградиме другите, ако самите не сме изградени.

Одвојте време за да се изградите себеси преку обилна молитва во Светиот Дух, на други јазици. Духовните нешта се слични на природните. Исус често користеше природни слики за да објасни духовни вистини. Во природното, никој не станува вешт и чувствителен во нешто без посветен труд. Во бејзбол, на пример, добриот напаѓач не ја постигнал својата форма без постојана вежба со палката.

Исто така, духовните нешта не паѓаат врз нас како зрели цреши од дрво. Нема да бидеме искусни во духовните нешта ако не вложиме време.

Молитвата на јазици ќе ви помогне да бидете чувствителни и подготвени за духовните нешта.

## Молитва на јазици како одмор

**ИСАИЈА 28:11, 12**

**стих 11: „ Зашто со неразбирлив говор и на туѓ јазик ќе му се зборува на тој народ.“**

**стих 12: „ Им говореа: „Еве одмор, дајте му одмор на изморениот, и ете му одмор ...“**

**Молитвата на јазици е одмор.**

Хауард Картер, еден од најпознатите учители за духовните дарови во Пентекосталното движење, изјавил дека зборувањето на јазици е континуирано искуство кое ни помага во поклонението на Бог. Тоа е како поток што тече и никогаш не треба да пресуши. Го збогатува духовниот живот. И ни овозможува да им помогнеме на другите, како и да соработуваме со самиот Бог во исполнувањето на Неговото дело на земјата преку молитва.

ГЛАВА ПЕТНАЕСЕТА

# ТИВКА МОЛИТВА

Една година, моите две деца, Кен и Пат, учеа преку дописна настава, а моето семејство патуваше со мене. Имавме мобилен дом долг 13 метри и широк 2,5 метри, кој го влечевме со пикап.

Бевме во Калифорнија за серија богослужби кога една ноќ ненадејно се разбудив. Станав и ги проверив вратите на приколката мислејќи дека некој влегол внатре. Но, беа заклучени.

Го проверив Пат, спиеше длабоко. Го проверив Кен, и тој спиеше. Се вратив во нашата спална соба, и мојата сопруга спиеше мирно.

Па легнав повторно и почнав да се молам на други јазици. Не се молев гласно, но сепак се молев чујно.

Библијата зборува за тоа да не ги вознемируваме другите за време на црковна служба: *„ Ако некои зборуваат на непознат јазик, двајца или најмногу тројца, нека зборуваат по ред, а еден да толкува. Ако пак, нема толкувач, тогаш в црква да молчат, а нека си зборуваат во себе и на Бога“* (1 Коринтјаните 14:27–28).

Со други зборови, нека не зборува на глас, туку во себе и на Бога. Можете да седите и да зборувате со себе и со Бога без да вознемирите никого. Можете тивко да шепотите или да се молите во себе.

Таа ноќ правев гласовни звуци, но тоа беше повеќе како шепот. Почнав да „гледам“ внатре во себе. И почувствував нешто од мојот дух, мојот дух е дом на Светиот Дух и знае работи дека нешто не е во ред со некој од моето семејство.

Реков: „Кој е, Господе? Што не е во ред?“

Потоа, преку внатрешна интуиција, не глас, туку преку таа внатрешна интуиција што секој христијанин треба да ја има, знаев дека животот на некој член од моето семејство е во опасност. Бидејќи Библијата вели: „Сите што се водени од Божјиот Дух се Божји синови“. А Божјиот Дух сведочи заедно со нашиот дух. Затоа, треба да бидеме водени од сведоштвото на Светиот Дух во нашиот дух, што нè прави способни да знаеме работи на натприроден начин.

Јас реков: „Господе, не знам кој е. Не знам за што да се молам како што треба. Но, ќе му верувам на Светиот Дух да ми помогне во застапувањето.“ Лежев и се молев речиси еден час на други јазици.

Потоа добив уверување дека победата е извојувана. Знаев дека, што и да било тоа за што сум се молел, е решено. Тивко пеев на јазици и се смеев, потоа повторно заспав.

Ова не се случува многу често, но веднаш пред да се разбудам следното утро, сонував сон.

(Бог навистина понекогаш зборува преку соништата. Но, дозволете да појаснам за да не дојде до забуна. Секогаш кога сум имал сон во кој Бог ми зборувал, веднаш штом ќе се разбудев, точно знаев што ми зборувал. Ако мислите дека Бог ви зборувал преку сон, а ви треба некој да ви го протолкува тој сон, заборавете, тој сон не бил од Бог. Бог е интелигентно Суштество. И вие сте интелигентни суштества. Ако Тој не може да ви го пренесе вам тоа што сака да ви го каже, тогаш заборавете. Некои луѓе мислат дека секој мал сон што го сонуваат е со некоја порака од Бог. Истите се во постојана конфузија обидувајќи се да сфатат нешто.)

Во сонот знаев дека сум во Шривпорт, Луизијана. Стоев надвор пред еден хотел, го видов натписот со името на хотелот.

Одеднаш се најдов во хотелот. Мојот помлад брат, Пет, беше таму. (Иако веќе беше спасен и дури исполнет со Духот, тој беше оддалечен од верата и не живееше за Бог.) Видов дека се разболе по полноќ, во раните утрински часови.

Се јави на рецепцијата да им каже дека му е лошо. Потоа се онесвести. Видов амбулантно возило со трепкачки, црвени светла како доаѓа да го однесе во болница.

Сцената се смени. Стоев на ѕидот во ходникот од една болница. На крајот од ходникот имаше врата. Беше затворена, но знаев дека мојот брат е зад неа и дека доктор е со него. Докторот излезе и ја затвори вратата зад себе. Не погледна нагоре кон мене, но застана пред мене и рече: „Мртов е.“

Во сонот реков: „Не е мртов.“

Тогаш докторот погледна нагоре кон мене и рече: „Јас сигурно знам подобро од тебе. Имам прогласено премногу луѓе за мртви. Мртов е.“

Јас реков: „Не е мртов.“

Тој праша: „Од каде знаеш?“

Јас реков: „Господ Исус ми кажа.“

- Аха, - рече тој, „ти си еден од тие лудаци. Ќе ти покажам.“

Се сврте и ја отвори вратата. Го следев внатре. На масата лежеше тело прекриено со чаршаф.

Докторот го повлече чаршафот и рече: „Само погледни!“ Погледнавме. И мојот брат трепна со очите! Докторот се приближи. Брат ми дишеше.

Докторот ме погледна и рече: „Очигледно знаеше нешто што јас не знаев.“

Јас реков: „Секако дека знаев.“

Се разбудив знаејќи дека токму за тоа бев посредник во молитва.

Тоа се случи во мај. Продолживме со службите во Калифорнија и завршивме во август. Кон крајот од август се вративме дома во Тексас, откако бевме отсутни 15 месеци.

Не бевме ни 15 минути дома, всушност, Кен и јас сè уште ја паркиравме приколката во дворот, кога мојот брат Пет влезе во дворот со автомобилот.

Ми кажа: „За малку ќе умрев додека ве немаше."

Јас реков: „Да, знам. Тоа се случи во мај, нели?"

- Да.

Му реков: „Беше во Шривпорт, во хотел. Ти стана лошо во текот на ноќта. Се јави на рецепција, а потоа се онесвести. Те однесоа во болница. Беше без свест. А докторот ти рече подоцна дека мислел оти си мртов, така?"

- Да, - рече тој. „Кој ти кажа? Мајка?"

Му реков: „Не, не сум ја видел мајка. Не сум видел никого сè уште. Се вративме пред само 20 минути."

Тој праша: „Како знаеше?"

Му кажав за моето искуство.

Тој рече: „Точно така се случи."

Му благодарам на Бог за молитвата на јазици! Овој вид молитва ни припаѓа нам. Овој вид молитва е важен. Таа е важна за нашиот духовен и физички живот. Таа е важна во посредничката молитва за другите и за Божјата работа на земјата. И не е наменета само за проповедниците.

Понекогаш луѓето мислат дека бидејќи мора да бидат тивки додека се молат на одредени места, таа молитва не е толку

изразена, или не е толку добра, силна или плодна. Но, таа е ефективна.

Јас се молам на јазици и во авион. Се молам многу тивко, но таа молитва ме изградува. Таа прави нешто за мојот дух. Обично тогаш не посредувам за никого, туку само го славам Бога и се изградувам духовно. Иако тоа го правам тивко, тоа е ефективно.

Исто така, и мојата посредничка молитва за мојот брат беше исто толку ефективна додека лежев на креветот покрај мојата сопруга таа ноќ во Калифорнија молејќи се толку тивко што не ја разбудив.

Другпат, бевме на служба во Орегон. Во текот на ноќта се разбудив. Мислев дека чув трескање на некоја врата. Овој пат, јас и мојата сопруга бевме во помала камп-приколка. Станав и ги проверив вратите, беа заклучени.

Си легнав повторно и почнав да „проверувам“ во мојот дух. Знаев дека е потребна молитва, но немав никакво водство или интуиција за кого или за што се работи.

Реков: „Господе, не знам што е. Но, што и да е, или кој и да е, некому му треба помош. Ти рече во Римјаните 8:26 дека Духот ни помага. Затоа помогни ми да посредувам.“

Лежев и се молев многу тивко речиси два часа. Мојата сопруга продолжи да спие покрај мене. Потоа почнав да се смеам и да пеам на јазици. Имав уверување за победата. Знаев дека за што и да се работеше, победата беше издвојувана. Заспав повторно.

Овој пат не сонував ништо. Немав поим што било.

По три дена, дојде некој од канцеларијата на кампот каде што бевме сместени и ни кажа дека имаме итен телефонски повик од далеку.

Тоа беше мојата сестра Олета, која се јавуваше од Тексас. На почетокот плачеше толку што не можев да разберам што зборува. Конечно успеав да ја смирам за да разберам за што станува збор.

Рече дека нашиот постар брат Даб ја скршил половината. Некоја жена ѝ се јавила од болница во Канзас. Мажот на таа жена бил во иста соба со Даб и требало да си оди дома, па таа се загрижила бидејќи немало кој да се грижи за Даб. Тој доживеал несреќа. Беше ставен во гипс поради скршеницата и бил во многу лоша физичка состојба. Лекарите рекле дека не знаат дали ќе преживее.

Олета рече: „Ќе одам таму, но не можам да останам. Што ќе правиме? Можеш ли ти да дојдеш?"

Сфатив дека токму за тоа сум се молел. И знаев дека веќе го имам одговорот. Како знаев? Едноставно знаев. Немав никакво манифестирање на некој дар на Духот. Имав внатрешно уверување.

Реков: „Олета, заборави. Дури и не оди таму да го видиш. Ќе се извлече. Половината ќе му биде во ред. Веќе го добив одговорот. Всушност, за неколку дена ќе биде дома."

И, така се случи. Иако докторите му рекле дека нема да може да стане, Даб стана три дена подоцна и појде во Тексас. Беше во нашиот дом кога се вративме.

Таа вечер не знаев за кого се молам, но Божјиот Дух знаеше.

Знаев само дека треба да се молам.

Сега се будам секоја ноќ и поминувам време зборувајќи на јазици. Но, тогаш не се молам за некој друг. Само заедничарам со Господ. Само се дружам со Господ. Само го славам Господ. Само го изградувам мојот дух. Само се изградувам себеси. Но, кога ќе

бидам разбуден за да се застапувам, без разлика дали знам за што се работи или не, јас знам дека се застапувам.

Обично, лежам тивко и се молам, како што ви опишав.

Некои прашуваат: „Може ли да се молиш на јазици само во умот, без да изговориш нешто?“

Всушност, тоа не е молитва на јазици, тоа е размислување на јазици.

Морате да ги изговорите зборовите за да се смета за молитва. Можете да ги изговорите во себеси, но не е доволно само да го помислите во умот, треба да ги изговорите со духот.

Можете да ги изговорите многу тивко, но сепак да ги изговорите.

И тоа е делотворно.

ГЛАВА ШЕСНАЕСЕТА

# НЕ ТОЛКУ ТИВКА МОЛИТВА

Понекогаш, во молитва, чувствувате како да морате да ги изговорите зборовите. Таков притисок се создава во вас, што ако не ги изговорите, ќе пукнете.

Јас и мојата сопруга се венчавме во ноември 1938 година. Бев пастор на една мала евангелско-протестантска црква. Немаа парохиски дом. Изнајмував соба од еден од членовите на црквата.

Мојот дедо, земјоделец од заедницата, ми рече: „Кога ќе се венчате, преселете се кај нас. Имаме доволно простор и нема да морате да плаќате стан и храна. Тоа ќе ви помогне да започнете со животот.“

Четири дена по венчавката ги пренесов моите работи во нивната голема куќа на нивата.

Околу 21:30 таа вечер, мојот таст рече: „Ајде да имаме семејна молитва.“

Тие беа методисти. Доаѓаа во евангелската црква кога јас станав пастор, но не беа „пентакосталци“.

Сите се молевме гласно на англиски. Не беа многу гласни, а и јас се обидував да бидам тивок.

Постојано чувствував „поттик“ да се молам на јазици, но не знаев дали тоа ќе им се допадне. Но, тој поттик постојано растеше и се зголемуваше во мене, сè додека конечно не ја оставив претпазливоста на страна, го кренав мојот глас и се молев гласно на други јазици колку што можев силно и брзо.

Цврсто ги држев очите затворени затоа што не сакав да ги видам. Само се препуштив. Воздивнував и се молев на јазици.

Знам дека можев да се воздржам на почетокот, но откако еднаш ќе му се предадете на Духот, влегувате во натприроден тек и тешко е да запрете. По околу 45 минути ваква молитва, Господ ми проговори. Само што тогаш не знаев дека беше Господ. Знаете, бев исполнет со Светиот Дух помалку од две години. А сè што нè учеа во пентакосталните кругови во тие денови беше како да бидете спасени и да се крстите со Светиот Дух. Потоа нè оставаа сами да се снаоѓаме.

Но, сега сфаќам дека Господ ми ги зборуваше тие зборови: „Стави ја раката врз својата жена, и Јас ќе ја исполнам со Светиот Дух."

Си помислив: „Па, што ако ја ставам раката врз неа, а ништо не се случи?"

Затоа само продолжив да се молам мислејќи дека чувството ќе помине.

Повторно дојде истиот глас: „Стави ја раката врз својата жена и Јас ќе ја исполнам со Светиот Дух."

Го игнорирав и продолжив да се молам.

И по третпат: „Стави ја раката врз својата жена и Јас ќе ја исполнам со Светиот Дух."

Ги отворив очите и го погледнав мојот дедо кој клечеше од мојата десна страна, потоа ја погледнав мојата жена која клечеше од лева страна, па и тештата на другата страна од неа.

Знам дека тоа што го кажав беа зборови на неверие, но Бог ќе поднесе малку неверие кај вас кога не знаете подобро. Но, подоцна, тоа нема да ви помине. Ова за мене беше нешто ново.

Реков: „Нема штета да се проба."

Потоа ја протегнав левата рака и ја ставив врз нејзината глава.

Таа немаше никакви упатства. Никогаш во животот не го побарала крштевањето во Светиот Дух. Јас не ѝ реков да направи ништо.

Само ја ставив раката врз нејзината глава и во истиот миг кога ја допрев, таа автоматски ги крена двете раце и почна течно да зборува на непознати јазици.

Погледнав на часовникот да видам колку е часот. Зборуваше на јазици час и половина и отпеа три песни на јазици. Имавме Педесетница во таа методистичка куќа!

Околу полноќ, Духот Божји ми проговори со истиот глас и ми кажа како да постапам со мојата тешта, и дека таа ќе биде исцелена. Имаше зголемена тироидна жлезда. Веќе си го имаше спакувано куферот за следното утро да оди во болница на операција.

Немаше вера за исцелување. Тоа е очигледно. Немаше да се подготвува за во болница ако очекуваше да биде исцелена.

Но, Духот Господов ми кажа што да направам и дека таа ќе биде исцелена.

Јас го направив тоа. Тој го направи тоа. И таа беше исцелена. Воопшто не отиде на операцијата.

Е, дури потоа сфатив што всушност се случувало таа вечер. Тоа што го правев во Духот беше молитва за мојата сопруга и за мојата тешта.

Духот Божји ме водеше да се молам за нив. Се молев со сета сила и со голема ревност на други јазици и со воздишки, околу 45 до 50 минути. Завршив со пеење на јазици и со смеење во Духот. Приближно тогаш Господ, преку Духот, ми рече: „Стави ја раката на сопругата и Јас ќе ја исполнам.“ Потоа ми кажа и како да постапам со мојата тешта, и тој дел од вратот што беше надуен се повлече како балон дупнат со игла.

# ГЛАВА СЕДУМНАЕСЕТА

# ВОЗДИШКИ ВО ДУХОТ

Еден од начините на кои Светиот Дух ни помага во молитва е преку воздишки, и исто така преку молитва на други јазици.

Луѓето често ги цитираат Римјаните 8:26–27 во врска со улогата на Светиот Дух во застапничка молитва. Сепак, само тие два стиха не го даваат нивното целосно значење. Тие се поврзани со стиховите кои им претходат.

**РИМЈАНИТЕ 8:22-27**

**стих 22: „ Зашто знаеме дека целото создание воздивнува и се мачи сè до сега?“**

**стих 23: „ Но, не само тоа, ТУКУ И НИЕ, кои го имаме првото излевање на Духот, И САМИТЕ ВОЗДИВНУВАМЕ ВО СЕБЕ, чекајќи го посинувањето, откупувањето на нашето тело.“**

**стих 24: „ Зашто со надеж се спасивме? Но, надежта што се гледа не е надеж, зашто, како може некој да се надева на тоа што го гледа?“**

**стих 25: „ А, ако се надеваме на тоа што не го гледаме, тогаш го чекаме со трпение.“**

**стих 26: „ ТАКА и ДУХОТ ИМ ПОМАГА НА НАШИТЕ СЛАБОСТИ, зашто не знаеме за што да се молиме како што треба, но самиот Дух ПОСРЕДУВА ЗА НАС СО НЕИЗГОВОРЛИВИ ВОЗДИШКИ.“**

**стих 27: „ А, Тој што ги испитува срцата знае каква е мислата на Духот, ЗАШТО ТОЈ ПОСРЕДУВА ЗА СВЕТИТЕ СПОРЕД БОЖЈАТА ВОЛЈА.“**

Сето создание воздивнува и страда во болка. Крајната свесност за болката се наоѓа во Бога поради Неговата совршена љубов. Преку нашето заедништво со Бога, ние сме воведени во заедништво со страдалното создание. Нашата свесност за воздишките на созданието е многу поголема отколку кога бевме надвор од Божјото Царство, затоа што сме обединети со Бога преку Исус Христос (Јован 15:5).

„ ... Светиот Дух ни ја објаснува Божјата свесност за страдањето и посредува со воздишки што не можат да се изговорат...“

- Ридт

Покојниот П. С. Нелсон беше познат лингвист. Пред околу 30 години, едно секуларно списание го нарече водечки авторитет за грчкиот јазик во тоа време, и втор авторитет за хебрејскиот. Тој можел да чита и да пишува на 32 јазици.

Нелсон изјави дека грчкиот текст во Римјаните 8:26 всушност имплицира: „со воздивнувања што не можат да се изразат со артикулиран говор.“

Тие се изговараат, но не во артикулиран говор. Артикулираниот говор е вашиот обичен, разбирлив говор. Овие воздишки, знам и од Библијата и од искуство, доаѓаат одвнатре, од вашиот дух, но за да бидат ефективни, мора да излезат преку вашите усни.

Повторно, Светиот Дух ви помага да се молите. Не можете да ги искажете со свои зборови.

*Новиот превод на англиски* гласи: „... преку нашите неартикулирани воздишки, Самиот Дух се застапува за нас.“

> Преводот на Филипс ги нарекува: „... болни копнежи кои никогаш не наоѓаат зборови.“
>
> „ ... Можеби не знаеме како или за што да се молиме за нашата молитва да одговара на нашите вистински потреби.

> Светиот Дух нè поттикнува со воздишки кои не можеме да ги изразиме со зборови и ни помага да ги насочиме нашите желби кон вистинските цели. Исто така, дел од овие воздишки нè насочуваат да бидеме конкретни. Овие воздишки, копнежи, се според Божјата волја и го изразуваат Неговото внимание кон нас. Иако ние не можеме да ги разбереме овие воздишки (грчки: воздивнување), тие се разбирливи за Бог. Тој секогаш одговара.
>
> Во тешки околности или услови, Светиот Дух посредува со воздишки...“
>
> \- Ридт

Забележав во мојот сопствен живот дека понекогаш поминувам периоди без да го имам ова искуство. Во тие моменти нема некоја посебна потреба за тоа. Но, потоа, кога ќе се појават тешки околности или состојби, тие воздишки почнуваат да извираат одвнатре во мене, Светиот Дух ми помага да се молам.

Кога се предавате на Духот во молитва, Тој ве користи на ваков начин.

Забележете ги зборовите „исто така“ во Римјаните 8:26. Тоа во превод значи *на ист начин*.

На ист начин како што, што? На ист начин како што беше кажано претходно.

Со други зборови, исто како што целото создание воздивнува и се мачи во болка, така и ние самите воздивнуваме во себе. „ИСТО ТАКА“ *и Духот им помага на нашите слабости ... и посредува за нас со воздивнувања што не можат да се изговорат*“ (Рим. 8:26).

Сè додека сè не дојде во целосна хармонија со Божјата волја, како што вели Вилфорд Ридт:

„ ... Секогаш ќе постои потреба Светиот Дух да посредува со воздивнувања. Можеби ја знаеме Божјата волја, но само Светиот Дух знае како ефикасно да ја претстави потребата. Постојат околности во кои не сме сигурни како да се молиме. Потребни ни се воздивнувањата на Светиот Дух во посредничката молитва...“

- Ридт

## ГЛАВА ОСУМНАЕСЕТА

# ЦРКВАТА ШТО СЕ МОЛИ

*„ ... А кога страда еден дел, тогаш страдаат сите делови ...“*

—1 Коринтијаните 12:26

Делотворната молитва носи ослободување. Ние сме членови еден на друг. Како Телото Христово и како членови, треба да учествуваме во исцелувањето едни на други. Плачеме со тие што плачат, а потоа се радуваме со тие што се радуваат (Римјаните 12:15).

**РИМЈАНИТЕ 15:1**

**стих 1: „ Ние, силните, должни сме да ги поднесуваме слабостите на немоќните, и да не си угодуваме на себеси.“**

> „ ... Како ги поднесуваме слабостите на слабите? За да одговориме на ова прашање, мора да го разбереме и значењето на зборовите „поднесува“ и „немоќ“.
>
> „Поднесува“ значи да се крева со план за отстранување.
>
> „Немоќ“ во оваа средина значи „грижа на совеста“. Затоа, тоа не е физичка работа, туку нешто погрешно во нивното верување...“

\- Ридт

Во околните стихови, Павле го разгледува фактот дека некои луѓе сметале дека е погрешно да се јаде месо бидејќи понекогаш месото од животни продавано на пазарот било претходно принесено како жртва на идоли.

Павле вели дека постои само еден Бог и дека тоа месо не било принесено на нашиот Бог Татко. Но, сепак, ако јадењето месо

принесено на идоли би го навредило неговиот брат, тој не би јадел за ништо месо. Потоа го дава Римјаните 15:1.

## Ефеските молитви

Ефесјаните 1:17–23 и 3:12–21 се молитви дадени од Светиот Дух кои се применуваат на Црквата насекаде.

Преобразбата во мојот живот дојде кога ги молев тие молитви илјада пати или повеќе за себеси. Ќе клекнев, ќе ја отворев Библијата и ќе речев: „Оче, ги молам овие молитви за себеси. Бидејќи тоа се молитви дадени од Духот, тогаш тоа е сигурно Твоја волја за мене, исто како што беше Твоја волја за Црквата во Ефес ...“

Потоа ќе продолжев исто како во тие запишани молитви, освен што наместо каде што Павле вели „вие“, јас тоа го заменував со „јас“:

> „ ... Боже на нашиот Господ Исус Христос, Татко на славата, дај ми дух на мудрост и откровение во познавањето на Него.
>
> Очите на моето разбирање да бидат просветлени. Да знам каква е надежта на Неговото призвание, и какво е богатството на славата на Неговото наследство на светиите.
>
> И колкава е неизмерната големина на Неговата сила за нас кои веруваме, според дејството на Неговата моќна сила, која ја покажа во Христа, кога Го воскресна од мртвите и Го постави од десната страна на небесните места ...“

По околу шест месеци, првото нешто за што се молев почна да се случува. Почна да добивам откровение од Божјото Слово.

Така функционираа тие молитви кога ги молев за себеси. Темата на оваа книга е молитва — и за себеси и за другите. Затоа, со тие молитви се молев и за христијани кои не согледуваа одредени библиски вистини.

Се молам со овие молитви за нив секое утро и вечер. Го користам нивното име, вака:

> „ ... Господе, ја молам оваа молитва за Џо. Боже на нашиот Господ Исус Христос, Оче на славата, дај му на Џо дух на мудрост и откровение во познавањето на Него.
>
> Се молам очите на разумот на Џо да бидат просветлени; за да знае каква е надежта на Неговото призвание и какво е богатството на славата на Неговото наследство меѓу светиите ...“

Се молев десет дена за еден роднина, наутро и навечер. Без некој да го поучува подетално за Библијата (тој беше христијанин исполнет со Духот), ми напиша: „Неверојатно е колку ми се отворија работите. Почнувам да гледам што ми зборуваше.“

Знаете, Бог веќе нè има благословено со секој духовен благослов на небесата во Христос Исус (Ефесјаните 1:3). Некои христијани едноставно не го знаат тоа, па затоа не можат да го искористат. Тие страдаат од слабоста на незнаењето.

Можеме да се молиме со овие молитви од Ефесјаните за нив. Потребно е да се истрае, наутро и навечер, и почесто ако е можно.

## Носење на бремињата едни на други

**ГАЛАТЈАНИТЕ 6:2**

**стих 2: „ Поднесувајте го товарот еден на друг и исполнувајте го така законот Христов.“**

Молитвата е вклучена во носењето на бремињата едни на други.

Запомнете дека „носете“ значи *да се подигне со цел да се отстрани*. Молитвата е еден начин на кој можеме да подигнеме, со цел да ги отстраниме, бремињата што луѓето ги носат.

**ЕВРЕИТЕ 12:1–2**

**стих 1: „ Затоа и ние, имајќи толку многу сведоци, да отфрлиме од себе секакво бреме и грев, што лесно се прилепува за нас, и со трпеливост да побрзаме кон претстојната борба,**

**стих 2: „ имајќи Го пред очи Зачетникот и Довршителот на верата – Исус, Кој, поради Неговата идна радост претрпе крст, занемарувајќи го срамот, и седна од десната страна на престолот Божји.“**

Овде се зборува за две нешта што ги попречуваат христијаните во трката што ја трчаат:  бремиња и гревови. (Тоа што за еден може да е бреме, за друг можеби не е.)

Можеме да им помогнеме на нашите браќа и сестри подобро да ја трчаат својата трка така што ќе им ги подигнеме бремињата преку молитва. Не треба да ги критикуваме,  туку да се молиме за нив.

Кога ќе го заземеме нашето место во молитва еден за друг, му помагаме на целото Тело Христово да порасне во зрелост.

ГЛАВА ДЕВЕТНАЕСЕТ

# ДОДЕКА ХРИСТОС НЕ СЕ ОБЛИКУВА ВО ВАС

„ ... Чеда мои, за кои сум пак во родилни маки, додека не се обликува во вас Исус Христос...“

— Галатјаните 4:19

Павле се трудеше, воздивнуваше и се молеше на други јазици за овие луѓе, и тие се искусија ново раѓање. (Зборот труди ја носи сликата на жена која се мачи при породување со болка, мака и воздишки.)

Сега Павле вели дека повторно се труди додека не се обликува Христос во нив.

Се трудеше за нив како за грешници за да се родат во Божјото Царство, а сега се труди за нив како за христијани за да станат зрели, за да пораснат и да не останат како духовни бебиња.

Постои сличност меѓу духовниот раст и физичкиот раст. Никој не се раѓа како возрасен човек. Во природниот свет, луѓето се раѓаат како бебиња и потоа растат. Исто така, никој не се раѓа како духовно зрел христијанин. Се раѓаат како духовни бебиња, па потоа треба да растат духовно.

Библијата вели: *„Како новородени деца бидете желни за вистинско и духовно млеко, та во него да пораснете за спасение“* (1 Петар 2:2).

Црквите во Галатија се обидуваа да се вратат под Законот, наместо да продолжат да одат во благодатта. Павле беше вознемирен. Затоа се молеше и се трудеше за нив, за да созреат и да пораснат.

И Епафрас го правеше истото за христијаните во Колос, Лаодикија и Јерапол.

**КОЛОСЈАНИТЕ 4:12, 13**

**стих 12: „ Ве поздравува од вашите Епафрас, служител на Исус Христос, кој секогаш во молитвите свои се грижи, да бидете совршени и исполнети со секаква волја Божја.“**

**стих 13: „ Сведочам за него дека тој има голема ревност и грижа за вас и за тие што се во Лаодикија и Јерапол.“**

Во еден превод на Новиот Завет стихот 12 е преведен на следниов начин: „Епафрас, еден од вас, ве поздравува, слуга на Христос кој секогаш се бори за вас во своите молитви, за да стоите цврсти, зрели и целосно уверени во сета Божја волја.“

Особено се сеќавам на едно прекрасно искуство што една млада жена го имаше со Бог, кога дојде пред олтарот за време на една богослужба што ја водев. Таа беше спасена на славен начин и крстена во Светиот Дух. О, каков сјај имаше на нејзиното лице!

Малку помалку од една година подоцна, повторно бев во тој крај и се распрашав за неа поради тоа необично и прекрасно искуство што го имаше со Бог.

- О, - рекоа, со затемнети лица и намуртени, „таа се оддалечи од верата.“

Реков: „О, многу ми е жал.“

Тие рекоа: „Да, и нам, исто така.“

И тогаш, толку јасно, Светиот Дух ми проговори во мене и рече: „Да, а црквата е виновна за тоа. Црквата е одговорна.“

Не можев долго време да го разберам тоа. Како може Црквата да биде одговорна за тоа што некој се оддалечил?

Потоа го видов тоа во Галатјаните 4:19: „*Чеда мои, за кои сум пак во родилни маки, додека не се обликува во вас Исус Христос.*“

Знаете, таа црква само видоа како таа се спаси и се крсти во Светиот Дух. Потоа рекоа: „Па, тоа е тоа!“

Но, таа беше духовно бебе. Требаше да продолжат да ја поддржуваат во молитва. Бидејќи не го направија тоа, кога ќе дојде Судниот ден, таа црква ќе биде одговорна пред Бог. Тој ќе побара одговорноста од секоја црква за духовните бебиња што се родени на нејзиниот олтар.

- Што направивте со нив? - ќе биде прашањето. „Ги поучивте ли? Продолживте ли да се молите за нив?“ Или, ако направиле грешка, ги отфрливте ли со зборовите: „Ти нечист гаврану, среди се со Бог или бегај оттука, не може двете?“

Додека луѓето се духовни бебиња, некој мора да ги носи. Некој мора да ги храни. Некој мора да се грижи за нив.

Затоа е потребна молитва.

Позрелите верници треба да ги поддржуваат помладите во молитва додека тие учат да одат.

Кога моите деца или внуци паѓаа додека учеа да одат, не ги удирав. Ги земав, ги гушкав и им велев: „Само продолжи, душо. Ќе научиш.“

Во многу случаи, кога се молиме за други христијани, таква силна молитвена борба не е неопходна, затоа што не се толку силно врзани како што се чини дека верните во Галатија беа.

Научите да го слушате Духот Божји и да се молите како што Тој ќе ве води.

ГЛАВА ДВАЕСЕТ

# МОЛИТВА ЗА ТИЕ ШТО ЖИВЕАТ ВО ГРЕВ

„ ... *Кога повторно ќе дојдам, да не ме понижи мојот Бог кај вас, и да не треба да оплакувам за мнозина кои погрешиле порано и не се покајале за нечистотијата, блудството и срамот што ги направиле*...“

— 2 Коринтјаните 12:21

Веќе видовме дека треба повторно да се трудиме како при раѓање кога е потребно за Христос да се обликува во верниците.

Павле овде вели дека ќе „оплакува“ мнозина кои згрешиле и не се покајале. Потребно е да посредуваме во молитва за тие што згрешиле и не се покајале.

Коринт беше еден од најразвратените и најнеморални градови во тој дел од светот. Истите духови што владееја во градот, влегоа и во црквата. Кога Павле ги спомнува нечистотијата, блудството и срамот, зборува за сексуални нечистотии. Луѓе во црквата правеле такви нешта и не се покајале.

Грчкиот збор што е преведен како „оплакувам“ значи: да се *тагува*, тоа е и чувство и чин на тага. Значи, оплакувањето го вклучува и внатрешното чувство и надворешниот израз на таа тага. Тој чин на тага е одговор преку посредничка молитва.

Преводот на Ворел (Worrell) ни дава поголемо разбирање на овие зборови на Павле:

**2 КОРИНТЈАНИТЕ 12:21**

**„ Да не ме понижи мојот Бог пред вас кога повторно ќе дојдам, и да не тагувам за мнозина од тие што претходно**

**згрешиле и не се покајале за нечистотијата, блудството и развратот што го практикувале.“**

Живееме во свет и ера на дозволивост и неморал. Многу нешта, како: хомосексуалноста, заеднички живот без брак и секаква нечистотија во таа насока, излегоа од сенка на отворено.

Црквата, се чини, на некои од тие нешта гледа низ прсти. Но, ние треба да гледаме на гревот исто како што гледа Бог.

> „ ... Гревот е прекршување на Божјата волја. Бог е постојано во војна со гревот. Гревот тука го користиме во неговото пошироко значење, кое ги вклучува беззаконието и престапот (1 Јованово 3:4; 5:17). Гревот води до смрт (Јаков 1:13–15). Смртта е одвоеност од Бог. Тука не зборуваме за физичка смрт.
>
> Гревот е ужасна работа. Некои Божји луѓе ги изразиле своите чувства за него со силен јазик. Златоуст (347–407 г.) рекол: „Проповедам и мислам дека е поболно да се згреши против Христос отколку да се страдаат маки во пеколот.“ Анселм (11ти век) рекол: „Ако пеколот беше од едната страна, а гревот од другата, би скокнал во пеколот, отколку доброволно да згрешам против Бог.“
>
> Каде се јунаците, „кои се противставуваат до крв во борбата против гревот“? (Евреите 12:4)
>
> ... Ние ја познаваме Божјата процена за гревот единствено преку големината на жртвата што Тој ја дал за негово очистување — Неговиот Син! ... “
>
> — Ридт

**2 КОРИНТИЈАНИТЕ 5:10, 11**

**стих 10: „ Зашто сите ние треба да се јавиме пред Христовиот суд? Та секој да прими што заслужил, според**

**тоа што го извршил во телото свое, било добро или зло.“**

**стих 11: „ Така, знаејќи го стравот од Господ, ние ги уверуваме луѓето ...“**

Бог е љубов. Јас проповедам вера, а верата дејствува преку љубовта, затоа морам да проповедам љубов. Но, ако не внимаваме, ќе проповедаме на таков начин што луѓето ќе заборават дека Бог, исто така, е Бог на суд. Тој е и Бог на правда. Гревот носи последица.

Павле тагуваше за христијаните во Коринт кои згрешиле и не се покајале. И не е чудо. И ние треба да тагуваме за тие меѓу нас кои се во иста состојба.

Вилфорд Ридт рече: „Ужасот на гревот и неговите последици треба да нè натера да се застапуваме за луѓето.“

Исто така, во категоријата на грев, Бог даде список во Откровение 21:8. Тој ги стави стравот и неверието на врвот од тој список, дури пред убиството.

Кога ќе ги видиме нашите браќа фатени во овие замки од: страв, неверие, сомнеж, непростување, грижа и слично, тоа треба да нè натера да посредуваме во молитва за нив.

## ГЛАВА ДВАЕСЕТ И ПРВА

# МОЛИТВА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ

*„ ... Конечно, браќа, молете се за нас, за словото Господово да се шири и да се прославува, како и кај вас; И ДА СЕ ИЗБАВИМЕ од неразумни и зли луѓе, зашто не сите имаат вера. Но, Господ е верен, Кој ќе ве зацврсти и ќе ве чува од лукавиот...“*

— 2 Солуњаните 3:1-3

Овој стих вели: „... МОЛЕТЕ се за нас ... и да се избавиме ...“

За да го исполнат Павловото барање, Солуњаните требало навистина да се молат за негово избавување и заштита.

Постојат многу сведоштва кои ги знам од прва рака, некои од нашето лично искуство, други од луѓе што ги познаваме, каде што, токму поради молитва, луѓето биле избавени.

Вилфорд Ридт лично познаваше една мајка која Бог ја разбудил во 2 часот наутро за да се моли за нејзиниот син. Таа знаела од итноста на Духот дека нешто сериозно не е во ред. Не ја потиснала таа итност, туку се предала на неа. Со сета сериозност се предала на молитва додека товарот не се подигнал. Подоцна дознала дека во истиот момент кога Бог ја повикал да се моли, бродот на кој бил нејзиниот син бил погоден од гром. Медицинскиот персонал на воениот брод помислиле дека нејзиниот син е мртов и го ставиле заедно со другите тела во просторија за починати. Некое време подоцна, тој ги изненадил сите кога се разбудил. Денес е жив затоа што неговата мајка се молела.

Го слушнав брат Т., стар пентекостен служител и мисионер, како раскажува нешто што се случило додека тој и неговата сопруга Бланш биле мисионери во Африка.

Родителите на неговата сопруга живееле на фарма во државите од Нова Англија. Нејзиниот татко, брат Г., бил непокајан алкохоличар, умирал од цироза на црниот дроб, кога бил донесен на една од богослужбите на сестра Вудворт-Етер, каде бил чудесно исцелен, спасен и исполнет со Светиот Дух.

Во времето кога се случувал настанот, ќерката на брат Г., Бланш, и нејзиниот сопруг биле во Африка како мисионери. Пред изгрејсонце, едно утро, брат Г. тргнал кон шталата да ги молзе кравите. На половина пат меѓу шталата и куќата, околу 5 часот, ги оставил кофите со млеко и се вратил назад во кујната.

Додека го подготвувала појадокот неговата сопруга погледнала и рекла: „Што не е во ред? Блед си. Дали си болен?“

Тој одговорил: „Не, не сум болен.“

Таа прашала: „Што ти е тогаш?“

Тој рекол: „Не знам што е, но нешто не е во ред со Бланш. Нејзиниот живот е во опасност. Ајде да се молиме!“

Тој клекнал на подот во кујната и почнал да воздивнува во духот и да се моли на јазици.

Во шест часот, тој сè уште се молел.

Седум часот, тој сè уште се молел.

Осум часот, кравите мукале, кокошките пуштале крици, свињите врескале, никој не ги нахранил. Тој сè уште се молел воздивнувајќи и молејќи се во агонија.

Девет часот. Десет. Единаесет. Таткото на Бланш, стариот брат Г., кој имаше 82 години, сè уште не станал од подот.

Дванаесет часот. Еден попладне. Тој сè уште се молел.

Два попладне. Девет часа без прекин, воздивнување, плачење и молитва. Потоа, во два часот, бремето исчезнало. Тој почнал да се смее и да пее на јазици.

- Што и да е, -  ѝ рекол на својата сопруга која се молела со него, „го добивме!“

Комуникацијата тогаш не беше како денес. По некое време, тие добиле писмо од Африка испратено по брод.

Го слушнав брат Т. како раскажува што напишал во писмото до родителите на неговата сопруга.

- Им напишав за да им кажам дека Бланш доби тропска треска, - рече тој.

Тоа била треска што не се преживува.

Тој раскажа како Бланш навистина отишла до самиот праг на смртта. Всушност, ја прогласиле за мртва. Но, одеднаш, таа станала целосно здрава!

На крајот, родителите на Бланш и брат Т. ги спórедиле временските настани. Земајќи ја  предвид временската разлика, точното време кога Бланш оздравела било 2 часот, токму кога бремето исчезнало од нејзиниот татко.

Таткото на Бланш, брат Г., се борел со тоа молитвено бреме цели девет часа. Тоа е истрајност. Тој одбил да се откаже од сè додека не се почувствувал дека проблемот е решен.

А сега, еве нешто што многумина го промашуваат. *Бог нека ни помогне да го видиме*.

Да повторам: често ја истакнуваме верата и молитвата на вера со цел да ги охрабриме луѓето да му веруваат на Бог „сега“ за своето лично исцелување. Но, тоа не значи дека тоа е единствениот вид молитва.

На јавните богослужби и семинари, на пример, се стремиме да ги доведеме луѓето до позиција на вера во истиот момент за да ги примат своите итни лични потреби. Се работи со луѓе кои дошле токму за тие индивидуални потреби да бидат исполнети.

*Законите што го управуваат дејствувањето на молитвата на вера не ги управуваат и молитвите на застапништво.*

Молитвата на вера најчесто се моли за себеси.

Вообичаено не можете да се молите со молитва на вера за некој друг освен ако не се работи за вистински духовно новородени христијани, „бебиња“. Во некои случаи можете привремено да ги носите на својата вера.

Ако брат Г. не знаеше нешто за истрајност во молитвата, молитвата што истрајува додека не дојде победата, ако само имаше слушнато за молитвата на вера, која е правилна и легитимна, можеби ќе ѝównречеше на својата сопруга: „Не знаеме што е. Но, што и да е, ајде да се согласиме дека Бланш ќе биде добро.“

Тоа немаше да успее. Нивната ќерка, Бланш, ќе починеше.

Молитвата на вера не функционира секогаш во секоја ситуација. Таа и не е наменета за тоа ако беше, тогаш таа ќе беше единствената молитва што некогаш ќе ни треба. Но, тогаш не ќе беа потребни и сите други видови молитва што Духот Божји, преку Словото, нѐ охрабрува да ги практикуваме.

Јас секогаш можам да се молам со молитва на вера за себеси. И го правам тоа. Но, не можам секогаш да се молам со молитва на вера за некој друг.

Понекогаш можам, ако можам да го доведам другиот да се согласи со мене. Но, ако не е присутен, како можам да се согласам со него?

Големи победи биле извојувани преку молитва.

Големи битки биле изгубени затоа што не сме одвоиле време за молитва.

Во 1965 година водев шестнеделни богослужби во Оклахома. Потоа се вратив во мојот дом во близина на Далас за да средам некои обврски пред да тргнам кон Канзас Сити, каде што требаше да зборувам на банкет од бизнисмени.

Кога стигнав дома, почувствував товар за молитва за некого. Имав чувство како некој да е исфрлен од автомобил. Но, имав многу обврски за средување во кратко време, па си реков: имам многу работи што треба да ги завршам и го пуштив тоа чувство да ми избега.

Се молев тивко. Но, требаше да одвојам време навистина да се смирам и да бидам сам со Бог за да дознаам: *„Зошто ова мисла не ме напушта? Што значи ова?“* Требаше да се потрудам да навлезам во духовната сфера, надвор од природното.

Кога тргнавме од Далас во петок, врнеше дожд. Имавме безбедносни појаси во автомобилот, но никогаш не ги ставав. Овојпат, го закопчав појасот.

Мојата сопруга праша: „Што се случува?“ Таа знаеше дека никогаш не го правам тоа.

Јас ѝ реков: „Не знам. Имав чувство дека некој ќе биде исфрлен од автомобил, и помислив дека можеби тоа сме ние.“

Се помоливме општо и побаравме заштита.

Ноќта ја поминавме во Тулса со пријатели. Кога тргнавме во сабота наутро, сѐ уште врнеше.

Повторно си го ставив сигурносниот појас, затоа што не можев да се ослободам од тоа чувство. Требаше да одвојам време за молитва за тоа, но не го направив.

Во сабота навечер бевме во Канзас Сити, всушност, јадевме на банкетот, веднаш пред сесијата кога некој ми кажа дека има меѓуградски телефонски повик за мене.

Отидов до телефонот. Нашиот син ми кажа дека мојата внука имала несреќа и излетала низ шофершајбната. Лекарите не ѝ давале големи предвидувања да преживее.

Токму тоа Бог се обидувал да ми го каже.

Често зборуваме за времињата кога сме слушнале од Бог и сме послушале, но има и времиња кога не сме биле послушни. Зошто не одвоив време? Бев премногу зафатен за да преземам нешто.

Колку прекрасна е таа одговорност. Честопати животите на некои луѓе зависат од нашите молитви.

Што ќе се случеше ако навистина одвоев време да се помолам?

Таа ќе ја избегнеше несреќата.

Што се случи?

Таа почина на 25 години, оставајќи зад себе две деца, на возраст од 3 и 5 години.

Во 1939 година, мојата сопруга и јас прифативме нова пасторална позиција и се преселивме. Но, појдовме во областа каде што претходно живеевме за да ги посетиме родителите на мојата сопруга.

Заедно со нив отидовме да го посетиме земјоделецот што имаше нива веднаш до нивната. Тој беше слаб и болен, но сè уште не се знаеше што точно не беше во ред. Знаеја само дека е сериозно.

Жените беа во куќата. Земјоделецот, мојот тест и јас седевме на предниот трем, разговаравме.

Во мене почувствував товар, вистинска агонија, за да се помолам за тој човек. Додека тој и мојот таст разговараа, човекот кажа нешто што ми отвори можност да се вклучам и да му кажам нешто за Господ. Но, не го направив тоа. Молчев.

Потоа разговорот се смени. И никогаш не успеав повторно да го вратам на темата. Ништо не му кажав за неговата духовна состојба.

Останавме уште ден-два кај родителите на мојата сопруга, а потоа се вративме дома. Неколку дена подоцна, мојата свекрва се јави и ни кажа дека тој човек починал.

Извесно време жалев што не го послушав водството од Господ и не му кажав ништо. Потоа престанав да размислувам за тоа.

Во неделата навечер, како што ни беше обичај, се собравме кај олтарот во црквата да се молиме 15 минути пред почетокот на богослужбата.

Слегов од платформата, клекнав и само што ги затворив очите, кога се најдов во Духот. Го видов тој човек. Никогаш нема да го заборавам тоа. Ми требаа недели да се ослободам од тоа. Се будев ноќе и сѐ уште го гледав пред мене. Го видов тој човек во пеколот. Ги видов огновите на пеколот како вриеја околу него. Ги слушнав неговите вресоци. Го слушнав како моли, исто како богаташот во приказната за капка вода за да си го разлади јазикот.

Потоа го видов Исус. Покажа со прст кон мене и рече: „Ќе те држам одговорен за него. Ти дадов бреме за молитва, а ти не се помоли. Ти ја отворив вратата да зборуваш, а ти не зборуваше.“

- О, Боже мој! - извикав. Со солзи, на колена, еден и полчас се каев и плачев: „О, Боже, нека ме одмине ова!“

Таа вечер не проповедав. Останатите не знаеја што се случуваше.

„ ... Никогаш не треба да го потценуваме внатрешниот поттик за молитва. Тоа може да биде разликата помеѓу живот и смрт за некој друг војник на крстот...“

- Ридт

## ГЛАВА ДВАЕСЕТ И ДВА

# ЗАСТАПУВАЊЕ ЗА НЕСПАСЕНИТЕ

*„ ... Кој чул за такво нешто? Кој видел нешто слично? Може ли земјата да се роди за еден ден? Или народ да се роди одеднаш? Но, штом почувствува болки, Сион ги роди своите синови...“*

— Исаија 66:8

Многумина гледаат на овој стих и мислат дека се однесува само на повторното раѓање на Израел како нација. Но, поголемиот дел од пророштвата во Стариот Завет имаат двојна примена, најпрво буквална (природна), а потоа духовна. Исаија пророкува дека Израел ќе биде повторно роден како нација во природниот свет, а духовно Сион ќе се труди и ќе ги роди своите деца.

Кој е Сион?

Новиот Завет ни кажува дека верникот на Новиот Завет не пристапува до планината Синај, каде што Мојсеј ги прими Десетте заповеди според Стариот Завет туку дека пристапивме до планината Сион.

**ЕВРЕИТЕ 12:18-24**

**стих 18: „ Вие не пристапивте до горната што може да се допре и што гореше со оган, ниту до мрак, темнина и бура,**

**стих 19: ни до звук на труба и до глас на зборови, што тие што го слушаа, го молеа да не им зборува повеќе;**

**стих 20: зашто не можеа да го поднесат тоа што им беше заповедано: „Ако некое животно се допре до горната, да биде убиено со камен или со стрела“;**

**стих 21: и тоа видение беше толку страшно, што Мојсеј рече: „Се плашам многу и се тресам!“**

**стих 22: „ ТУКУ ВИЕ ПРИСТАПИВТЕ ДО ГОРАТА СИОН, и до градот на живиот Бог, небесниот Ерусалим, и до безброј ангели,**

**стих 23: „ ДО СВЕЧЕНОТО СОБРАНИЕ И ЦРКВАТА НА ПРВОРОДЕНИТЕ, запишани на небесата, и до Бог, Судијата на сите, и до духовите на праведниците усовршени,**

**стих 24: „ и до Исус, посредникот на новиот завет, и до крвта на попрскувањето, што зборува подобро од Авеловата.“**

Забележете дека овој текст ја нарекува Црквата на свеченото собрание на прворodeните, Гората Сион“. А нашиот текст во Исаија 66:8 вели: *„... штом почувствува болки, Сион ги роди своите синови.“*

**ГАЛАТЈАНИТЕ 4:19**

**„ Дечиња мои, за кои пак чувствувам родилни маки, додека Христос не се обликува во вас.“**

Павле им пишува на црквите низ цела Галатија (Галатјаните 1:2). Тој навестува дека првично се трудел со духовни „родилни маки“ за тие да се спасат. (А, сега вели дека „пак чувствува породилни маки“).

Ние често зборуваме за „обраќања“. Но, Бог не говори за обраќања, Тој бара раѓања. „*Мора да се родите повторно*!“

А не може да има раѓања без маки. Сликата овде е на жена што раѓа дете.

(Не мислам дека човек мора буквално да дојде на олтарот и да се труди за наново да се роди. Бебето не се раѓа само, но за вистинско духовно раѓање, од царството на темнината во царството на светлината, некој, некаде, морал да се труди во молитва.)

> „ ... Павле се трудеше. Тоа беше духовна активност. Всушност, тоа е интензивно страдање во внатрешниот човек, споредливо со болките при природно раѓање. Вклучува вистинско застапување. Имав пријател, сега е со Господ кој се трудеше во молитва и застапување толку длабоко што човек ќе помислеше дека ќе му се скрши срцето. Да, тоа е тешко за надворешниот човек...“
>
> \- Ридт

И самиот сум бил таму, одново и одново. Би можел да наведам многу примери, но овој е еден од највпечатливите.

Се случи првиот петок навечер во декември 1953 година, во Феникс, Аризона, каде што ја водев богослужбата.

Во тој период бев сместен во домот на едно семејство од црквата. По петочната вечерна служба, тие ги поканија своите три ќерки и нивните сопрузи во домот на освежување и пријателско дружење.

Ние, мажите, седевме во дневната соба и разговаравме. Жените беа во кујната и се подготвуваа да ја послужат храната.

Одеднаш почувствував силен поттик за молитва. Немојте да ме разберете погрешно, никој не ме натера. Но, носев товар. Едноставно добив силен поттик да се молам.

Знаев дека овие луѓе ќе разберат за што станува збор. (Ако не беше така, ќе се извинев и ќе се повлечев во спалната соба за да се молам во приватност.) Затоа му реков на домаќинот: „Мора да се помолам, и мора да се помолам сега.“

Братот Ф. ги повика жените од кујната: „Оставете ја храната. Брат Хегин чувствува силен поттик за молитва. Ајде сите да се приклучиме.“

Клекнав покрај едно големо столче во дневната соба. Во истиот миг кога моите колена го допреа подот, се најдов во Духот. Го кренав гласот, молејќи се на други јазици и со воздишки.

Изгледаше како длабоко во мене да чувствувам толку силна болка, како да раѓав дете. Во молитвениот труд има болка, има воздивнувања.

Знаев дека се застапувам. Кога тој дух на застапничка молитва за загубените ќе дојде врз вас, ќе почувствувате во своето срце како да сте загубени. Но, знаете дека не сте. Знаете дека сте Божјо дете. Но, ја носите состојбата на другиот човек. Тој човек е загубен. Па така, и вие се чувствувате загубено.

Многу пати ми приоѓале луѓе и ми рекле нешто како: „Брате Хегин, знам дека сум спасен и исполнет со Светиот Дух, но понекогаш, кога Бог почнува да се движи на богослужбата, во себе се чувствувам како да сум загубен. Кога се дава повик за молитва, се прашувам дали и јас треба да излезам. Се прашувам дали навистина сум во ред со Бог.“

- Тоа е застапување, - им објаснувам. „Духот Божји се обидува да го пренесе товарот за некоја загубена душа на некого. Тој пребарува низ целата црковна заедница, барајќи некој кого може да го употреби.

Кога повторно ќе се случи тоа, ако не можеш да се воздржиш, а службата сè уште трае, стани и оди на место за молитва. Во спротивно, седи тивко и воздивнувај во себе, сè додека личноста за која застапуваш не одговори на Божјиот повик.“

Постои нешто во оваа област што повторно треба да го научиме. Уметноста на застапничката молитва е изгубена уметност меѓу нас. Никогаш навистина нема да го имаме длабокото движење на Божјиот Дух, додека не ја обновиме таквата молитва на застапување.

Таа петочна вечер во Феникс се молев со воздивнувања, солзи и на други јазици околу еден час. Знаев дека се застапувам за некој што е загубен. И знаев дека треба да продолжам сѐ додека не добијам уверување за победа.

(Уверување на победа, тоа е моментот кога товарот се крева и чувствувате олеснување, благослов и исполнетост. Или кога почнувате да пеете на други јазици. Или кога наместо да воздивнувате, почнувате да се смеете. Со други зборови, сте го добиле тоа за што сте се молеле.)

Понекогаш, многу ретко, Господ ми открива за што или за кого се молам. Таа петочна вечер, ми покажа. Ми даде визија.

Ја видов црквата каде што проповедав, полна со луѓе.

Се видов себеси зад говорницата како проповедам.

Се слушнав себеси како проповедам проповед што никогаш дотогаш не сум ја проповедал. Слушнав четири точки од таа проповед. (Добив нова проповед, која потоа ја проповедав наредната вечерна богослужба.)

Се видов како ја завршувам проповедта, се наведнувам над говорницата и покажувам кон еден човек што седеше на второто седиште во првиот ред.

Се слушнав себеси како му велам: „Пријателе, Бог ми покажа дека имаш над 70 години, и дека си пораснал во верување дека нема пекол. Но, Тој ми рече да ти кажам дека едната нога ти е веќе во пеколот, а другата се лизга кон таму.“

Го видов тој човек како станува од клупата, доаѓа, клекнува кај олтарот и се спасува.

Знаев дека се застапував за него во молитва. Знаев дека се трудев духовно за него.

Присутните знаеја дека сум видел нешто, имав видение. Па ме прашаа. Им раскажав. Им го опишав човекот. Им опишав и како беше облечен.

Следната недела навечер, сè се случи точно како во видението што го имав претходниот петок.

Луѓето кои се молеа со мене ми рекоа по службата: „Брате Хегин, го лоциравме тој човек уште пред да почне службата. Седеше таму каде што кажа дека ќе седи. Беше облечен точно како што кажа. Никогаш претходно го немавме видено.“ Никој во таа црква не го познаваше. Па така, не би знаеле како да се молат за него. Но, Светиот Дух знаеше.

Човекот се спаси, заедно со други. По службата дојде да нè прегрне мене и пасторот.

Му рече на пасторот: „Овој проповедник рече дека имам над 70 години. Имам 72. Прв пат влегувам во црковна зграда. Проповедникот рече дека сум воспитан да верувам дека нема пекол. Моите родители беа универзалисти. Ме учеа дека нема пекол.

Овој проповедник рече дека Бог му кажал да ми каже дека едната нога ми е во пеколот, а со другата се лизгам во тој правец. Знам точно што сакаше да каже. Тоа е една од причините зошто дојдов во Феникс. Доаѓам од северот каде што е студено. Но, имав тежок срцев удар и мојот доктор ми препорача да одам некаде каде што климата е подобра.“

Некој рече: „Тој се спаси во неделата навечер.“ Но, во суштина, тоа се случи уште во петокот навечер кога се трудев во молитва со породилни маки.

Знаете ли зошто денес не се „раѓаат бебиња“ во црквите? (О, некои цркви имаат многу „обраќања“, но малку вистински раѓања.) Тоа е затоа што нема труд, нема воздивнувања.

А кога некои луѓе ќе почнат да се трудат и да воздивнуваат во молитва, други се подготвени да ги избркаат надвор.

Пред повеќе години, служев во една Евангелска црква каде што на неделните утрински богослужби се собираа по неколку стотици луѓе. И во неделите навечер зградата беше речиси полна.

Во таа црква имаше една стара госпоѓа, драга баба Грир, која тогаш имаше над 80 години. Беше дел од Педесетницата уште од почетокот на векот некаде околу 1906 година, таа била крстена во Светиот Дух. Жената знаеше што значи да се трудиш во молитва и да чекаш на Бог. (Старите генерации го знаеја тоа.) Таа се молеше пред олтарот воздивнувајќи и молејќи се на други јазици во духот, се трудеше веројатно го носеше целиот товар сама на свој грб.

Три години подоцна, се вратив во истата црква. Наместо полна зграда за неделната утринска служба, имаше само околу 80 до 90 луѓе. Во недела навечер само 35 до 50.

- Што се случи? — прашав еден член.

Тој рече: „Се сеќаваш на старата баба Грир?“

- Да.

- Па, таа беше пред олтарот и се молеше како и секогаш, а новиот пастор стана и рече: „Вакви работи нема да имаме овде.“

Тој стави крај на тоа. Повеќе немаа духовни раѓања, затоа што немаше труд. Кога Сион се труди, таа ги раѓа своите деца.

## ГЛАВА ДВАЕСЕТ И ТРИ

# ИСТРАЈНОСТ ВО МОЛИТВАТА

За да бидете ефективни и истрајни во молитва, вашата молитва мора да се заснова врз Божјото Слово. Верата може да започне само таму каде што е позната Божјата волја, а Божјото Слово е Неговата волја. Во Даниел 9:2 гледаме дека Даниел, читајќи го Божјото Слово, разбрал дека седумдесетгодишното ропство на Ерусалим, кое било проречено преку Еремија, скоро се исполнува.

**ДАНИЕЛ 9:2**

**„ Во првата година на неговото царување, јас, Даниел, го разбрав според книгите бројот на годините според словото што му го беше кажал Господ на Еремија, дека седумдесет години ќе се навршат над опустошениот Ерусалим.“**

Како резултат на тоа што Даниел го прочита во Божјото Слово, тој го насочи лицето свое да Го бара Господ преку пост и молитва. Но, поминаа цели три недели пред да дојде ангелот со одговорот што Даниел го бараше.

Молитвата на Даниел беше чуена уште првиот ден кога тој се помоли. Ангелот му рече:

**ДАНИЕЛ 10:12**

**„ Тогаш ми рече: ‘Не плаши се, Даниеле, зашто од првиот ден кога го насочи срцето свое да разбереш и да се понижиш пред својот Бог, твоите зборови беа чуени, и јас дојдов поради твоите зборови.’“**

Во следниот стих, ангелот ја открива тајната зошто толку долго траело одговарањето на молитвата:

**ДАНИЕЛ 10:13**

**„ Но, кнезот на царството Персиско ми се спротивставуваше дваесет и еден ден; и ете, Михаил, еден од првите кнезови, дојде да ми помогне, и јас останав таму кај царевите на Персија.“**

Ајде да се вратиме на првиот стих од ова поглавје: *„Во третата година на персискиот цар Кир дојде откровение до Даниел* ...“ Овие настани, значи, се датирани како случени во третата година од владеењето на Кир, *царот* на Персија. Кир бил човек што седел на тронот на персиското царство.

Но, во стихот 13, ангелот рече: *„Кнезот* на царството Персиско ми се спротивставуваше...“ Овој „кнез на Персија“ се борел во небесното место против ангелот кој носел Божја порака. Морало да дојдат засилувања, архангел Михаил, за да му помогне на ангелот да ја донесе пораката до Даниел. Овој „кнез на Персија“ бил духовно суштество.

Од овој стих (а и од други), гледаме дека *постои двоен систем на царства*:

Постои *видливо* царство на земјата со човечки владетели. Но, зад тоа земно царство (или нација) стои невидливо царство со сатански владетел.

Ова ни објаснува нешто и во врска со искушението на Исус.

**ЛУКА 4:5–6**

**стих 5: „А, ѓаволот Го одведе на една висока планина, Му ги покажа сите царства на светот за миг,**

**стих 6: и му рече: ‘Ќе Ти ја дадам сета оваа власт и слава нивна, ЗАШТО МИ СЕ ПРЕДАДЕНИ МЕНЕ, и кому сакам, нему ги давам.’“**

За каква власт се говори овде? Власта на народите на овој свет!

Некои сугерираат дека ѓаволот немал таква власт или овластување. Но, ако тоа е точно, зар Исус не би знаел и не би му го рекол тоа?

Библијата вели дека тоа беше искушение. Ако ѓаволот *немаше* таква власт и моќ, тогаш тоа не би било искушение , а Синот Божји би бил соучесник во лага и измама. Но, тоа беше *вистинско*, реално искушение.

Па, од каде тогаш Сатаната ја доби таа власт? Дали Бог му ја даде?

Бог го создаде светот и сè што е во него. Потоа го создаде човекот Адам. И тука е тоа што многумина, дури и некои проповедници, не го забележуваат. Бог рече: „Адаме, ти давам власт над сите дела на Моите раце“ (Псалм 8:6). Во некој начин, Бог му вели: „Адаме, ти си богот на овој свет. Ти управуваш со него.“ *Бог му го предаде светот на Адам*!

Но, Новиот Завет го нарекува Сатаната „богот на овој свет“ (2 Коринтјаните 4:4). Кога Сатаната стана бог на овој свет? Кога Адам згреши. Тогаш кога Адам го изврши големото предавство и се продаде на Сатаната.

Забележете што му вели Сатаната на Исус: „ Тебе ќе Ти ја дадам *сета оваа власт и нивната слава*, ЗАШТО МЕНЕ МИ Е ПРЕДАДЕНА ...“(Лука 4:6)*.

Кој му ја предаде таа власт на Сатаната? Бог сигурно не. Адам му ја предаде.

## Владетели на темнината

Ангелот му рече на Даниел: „Од првиот ден кога го управи срцето свое за да постигнеш разбирање и да се понижиш пред твојот Бог, зборовите твои беа услишани“ (Даниел 10:12).

И Бог нѐ слуша уште првиот ден кога се молиме, но понекогаш мораме да стоиме цврсто, додека дојде одговорот.

Бог не го одложува одговорот на нашите молитви. Тој го испраќа одговорот во истиот миг кога се молиме. Но, постојат сили во небесните простори кои се обидуваат да ги пресретнат тие одговори.

Често се обидуваме да се бориме со видливи ситуации, а вистинската борба е со невидлива сила зад тие ситуации. Кога ќе го разбереме тоа, ќе станеме поуспешни во молитвата.

Прва Јован 5:19 вели: „ ... *целиот свет лежи во злото*.“ А според *проширениот* превод на англиската Библија: „Целиот свет [околу нас] се наоѓа под власта на лукавиот.“

Ако целиот свет лежи во злоба и темнина, тогаш ѓаволот владее со овој свет. Тој владее со сите што не се спасени. И владее!

Но, ѓаволот не владее со нас, зашто Библијата вели дека, иако сме *во* светот, не сме *од* овој свет (Јован 17:16). Верниците се деца на светлината, не на темнината.

Светиот Дух е Џентлмен. Тој нема да заземе повеќе простор од тој што ќе Му го отстапите. Тој нема да ве контролира. Нема да ве присилува.

Од друга страна, демоните користат сила. Во Библијата читаме дека тие ги принудувале или терале луѓето.

Тука има нешто на што треба многу да внимаваме: *Секој што сака да манипулира, присилува и доминира со луѓето е*

*мотивиран од духот на ѓаволот*. И тоа се гледа дури и во религиозните кругови.

Посланието до Колосјаните 1:12–13 покажува дека сме избавени од темнината.

**КОЛОСЈАНИТЕ 1:12**

**„ Благодарејќи Му на Бога и Отецот, Кој нè направи способни да учествуваме во наследството на светиите во светлината.“**

Забележете го изразот: „во светлината“!

А сега забележете го следниов стих:

**КОЛОСЈАНИТЕ 1:13**

**„ Кој нè избави од власта на темнината ...“**

Според *проширениот* преводот на Библијата на англиски јазик: „[Отецот] нè избави и нè привлече кон Себе, вадејќи нè од контролата и господството на темнината, како и пренесувајќи во царството на Синот на Неговата љубов.“

Знаете, Отецот нè изведе од власта на темнината и владетелите на темнината — ѓаволот, демоните и злите духови во царството на Сатаната. Ефешаните 6:12 го покажува подрачјето во кое функционира царството на Сатаната:

*„ ... туку против началствата, против властите, против световните управители на темнината од овој век, ПРОТИВ ПОДНЕБЕСНИТЕ ДУХОВИ НА ЗЛОБАТА.“*

Белешка во моето издание на англиската Библија вели: „злобни духови на небесата.“ Во Библијата се споменуваат три неба.

Библиските учители се согласуваат дека апостол Павле зборува за себе во

стих 2 Коринтјаните 12:2, кога вели: *„Знам еден човек во Христос, кој пред четиринаесет години, со тело ли, не знам; без тело ли, не знам, Бог знае, беше грабнат и однесен до третото небо.“*

Првото од трите неба, веднаш над нас, е тоа што го нарекуваме атмосферско небо.

Понатаму, во вселената, се наоѓаат ѕвездите — ѕвездената небеса. А над сето тоа е третото небо — небото над небесата, каде што се наоѓа Божјиот престол.

Постојат злобни духови во атмосферското небо над нас, „во небесните места“. Уште еден поглед на оваа реалност добиваме во Езекиел, 28. глава.

Првите 10 стиха претставуваат „слово од Господ“, пророчка порака дадена преку Езекиел до кнезот на Тир, човек исполнет со гордост. Бог му вели преку пророкот Езекиел:

„ ... *иако си човек* ...“ (Езекиел 28:2). Значи, кнезот на Тир бил човек.

Ангелите не се луѓе. Злите духови не се луѓе.

Но, во стиховите 11 до 19, се дава друга пророчка порака, но овојпат на адреса на *царот* на Тир, суштество што не може да биде истиот *кнез* на Тир, кого Бог претходно го нарекува човек. Царот на Тир мора да претставува духовна сила, темна власт зад ова царство.

**Езекиел 28:11–15**

**стих 11: „ И дојде слово Господово до мене:**

**стих 12: Сине човечки, плачи за тирскиот цар и кажи му: – вака вели Господ Бог: ти си печат на совршенство, полнота на мудроста и венец на убавината.“**

**стих 13: „ Ти беше во Едем, во Божјата градина; твоите облеки беа украсени со секакви скапоцени камења: сите вешто исткаени и нанижани на тебе, приготвени во денот кога беше создаден.“**

**стих 14: „ Ти беше помазан херувим – заштитник, и Јас те поставив за тоа; ти беше на светата Божја гора, одеше среде огнени камења.“**

**стих 15: „Ти беше совршен во патиштата свои, од денот кога беше создаден, сѐ додека не се најде во тебе беззаконие.“**

Бог зборуваше за ѓаволот Луцифер кога рече: „Ти беше во Едем, во Божјата градина...“ Принцот на Тир, човек, не можеше да биде таму. Тој дури не беше ни роден. Не, овој „цар на Тир“ не е човек; тој е создадена личност (стихови 13,15). Во овие две личности — принцот на Тир, кој беше човек, и царот на Тир, самиот Луцифер, кој е духовно битие — Библијата претставува природно царство на земјата доминирано од духовно царство со истото име.

Сѐ на оваа земја, секој човек, секое битие е доминирано, управувано или влијаено од духови во невидливиот свет. Дури и ние како христијани сме влијаени и водени од Духот Божји.

Римјаните 8:14 вели: „*Сите тие што се управуваат по Духот Божји, се синови Божји*.“

Ако луѓето некогаш би разбрале за овој друг свет, овој духовен свет, што постои, и би разбрале дека тоа е светот во кој живее Бог, свет што нема почеток ни крај, верата би станала лесна работа, природна работа.

Причината зошто можете да сметате нешто за завршено пред да се оствари е затоа што тоа веќе е завршено во духовната сфера. Ако верувате дека е завршено во таа сфера, тоа ќе се манифестира.

Затоа Исус вели: *„ … Сè што ќе побарате во молитва, верувајте дека ќе го добиете – и ќе ви биде*“ (Марко 11:24).

Сега сакам да забележите нешто што можеби никогаш порано не сте го забележале. Да се вратиме на Ефесјаните 6.

**ЕФЕСЈАНИТЕ 6:10-18**

**стих 10: Браќа, засилувајте се во Господ и во силата на Неговата моќ!“**

**стих 11: „Облечете се во сето оружје Божјо за да се одржите против ѓаволското лукавство;**

**стих 12: зашто нашата борба не е против крв и тело, туку против началствата, против властите, против световните управители на темнината од овој век, против поднебесните духови на злобата.“**

**стих 13: „Поради тоа примете го сето оружје Божјо, за да можете да се браните во лош ден, та, откако ќе победите, да се одржите.“**

**стих 14: И така стојте, откако ќе се опашете со вистината и ќе се облечете во оклопот на праведноста,**

**стих 15: и нозете да ви бидат обуени во подготвеност за да благовестите мир.“**

**стих 16: „А над сè, земете го штитот на верата, со кој ќе можете да ги изгаснете сите вжештени стрели на лукавиот;**

**стих 17: земете го и шлемот на спасението и духовниот меч, кој е словото Божјо!“**

**стих 18: „ Со секаква молитва и молба во секоја ситуација молете се во духот. Затоа бидете постојано будни со сета истрајност и молитва за сите светии.“**

Обично престануваме со читање кај стих 17. Со тоа ги вадиме овие стихови од контекст. Во нив има повеќе вистина отколку што сме знаеле.

Целта на облекувањето со целото Божјо оружје е за да можеме да влеземе во молитвениот живот!

Облекувањето со Божјото оружје, без да се влезе во молитва, е практично бесцелно!

Христијаните што се впуштаат во молитва никогаш не треба да го заборават овој факт: *имаме власт во Името на Исус над сите сили на темнината*!

Во многуте години откако навистина научив да се молам, не сум се помолил ниедна молитва за себе или за свои потреби, а да не добијам речиси веднаш одговор.

Зошто? Затоа што знам како да се молам. Знам што ми припаѓа. Знам како да ја применам својата власт над ѓаволот. Знам како да зборувам и да му кажам: „Запри со своите маневри веднаш!“

Библијата нè нарекува граѓани на Небото. Знам како да ги барам *своите* права, но не можам секогаш да ги барам правата на другите наместо нив. Како американски граѓанин можам да гласам, но не можам да гласам наместо некој друг. Секој го прави тоа за себе.

Многу луѓе постојано бараат некој друг да се моли за нив. Тоа не функционира секогаш. Зошто? Затоа што тие самите немаат духовна власт.

Тука влегува молитвата: треба да се молиме за тие што не ги знаат своите права. Тие можат да бидат искрени, спасени со години, дури и исполнети со Духот, но духовните вистини може сè уште да им се скриени.

Кога се молиме за други, понекогаш ни треба повеќе време и истрајност, затоа што можеби тие отвораат врата за влијание на зли духови. Понекогаш христијаните се предаваат на зли духови и дозволуваат тие да ги доминираат.

Кога се молев за моите роднини, мораше да вложам време и да истрајам во молитвата, стоејќи смело на Божјото Слово. Обично се молев за нив без тие да знаат, тајно, ништо не им кажував.

(Тука е нашиот проблем: се обидуваме да се справиме со личноста, наместо со силата што стои зад проблемот.)

Едноставно велев: „Ја кршам силата на ѓаволот над [името]!"

Ефесјаните 6:18 зборува за тоа да се прават молби „за сите светии." (Знаете, тие не секогаш знаат како да се молат за себе.)

## Застапување за друг

Убеден сум дека имаме власт и сила во молитвата што сè уште не сме ја искористиле. Некои од нас се на самата граница од неа.

Во 1947 година, надгледникот на неделното училиште во нашата црква, кој работеше на платформа за нафта, паднал од високо, право во моторот. Ми јавија дека е мртов.

Кога стигнав на местото, лежеше на земја близу до пумпната куќа. Брзата помош стоеше во близина. Наоколу се беа собрале луѓе. Клекнав покрај д-р Гарет.

Тој ми прошепоти: „Мислев дека е мртов на почетокот. Сè уште не е, но наскоро ќе умре, и не можеме да го мрднеме. Ќе го убиеме ако го поместиме."

Потоа докторот рече: „Пасторе Хегин, одведи ја неговата сопруга на страна и подготви ја за ова."

Ја фатив под рака и ја однесов настрана, но не за да ја подготвам, туку за да се помолам со неа.

Додека се оддалечувавме од толпата, таа рече: „Брате Хегин, д-р Гарет не мисли дека мојот сопруг ќе преживее, нели?“

Реков: „Не, сестро.“

Таа рече: „Не е ли прекрасно што ти и јас имаме внатрешни информации?“ (Мислеше на информации од Библијата!)

Ѝ реков: „Да, благодарение му на Бога, имаме. Ќе се молиме и тој ќе живее.“

Па, тој продолжи да живее, завиткан во ќебиња, лежејќи на земјата. д-р Гарет остана покрај него. Конечно, одлучи да преземе ризик и да го пренесе во болница. Мислам дека почувствува дека ние со молитва го одржуваме во живот, затоа што ми рече: „Сигурен сум дека нема да стигне жив до градот, но ќе го ставиме во амбулантно возило и ќе се обидеме. Пасторе Хегин, вие влезете во возилото и одете со него.“

За да скратам, тој го преживеа патот до болницата. Тројца доктори го чекаа.

Во болницата останав со него навечер. Неговата сопруга остануваше со него дење и ноќе.

Третата ноќ, околу 20 часот, еден од докторите ми рече:

- Пасторе, ќе бидам искрен со вас. Ова е трета ноќ, и тој сѐ уште е во шок. Ни самите не знаеме колку се сериозни повредите. Не можеме ни на рентген да го однесеме. Ако го мрднеме, ќе го убиеме. Направивме сѐ што знаеме. Сега брзо се влошува, и нема ништо што можеме да направиме.“

Се вратив во собата и видов дека неговата сопруга веќе се изморува. („Духот е подготвен, но телото е слабо.“ Кога телесно ќе се изморите, тешко е вашиот дух, внатрешниот човек, да продолжи да доминира, особено кога гледате директно во

ситуацијата.) Видов дека ѝ опаѓа верата. И знаев дека морам да ја одведам од таму. Знаев дека ќе умре ако таа остане.

(Причината зошто многу луѓе починале е што нивните роднини останале со нив! Сфатив зошто Исус понекогаш ги отстрануваше луѓето од собата кога требаше да исцели некого.)

Не ја излажав, но не ѝ кажав што ми рече докторот. Реков: „Сега оди одмори се. Ќе те повикам ако има некоја промена. Но, тој ќе биде добро.“

Таа ноќ морав духовно да се борам. Тоа значи дека морав смело да застанам на ветувањата од Божјото Слово. Додека бев буден и внимателен, надзорникот на неделното училиште беше стабилен. Но, тоа беше трета ноќ по ред што останував буден, и кога ќе задремев на столчето, тој веднаш почнуваше да умира.

Специјалната дежурна медицинска сестра ме разбуди додека одеше околу креветот за да го провери под кислородната машина. Кога првпат го погледнав, помислив: „Мртов е! Заспав и дозволив човекот да умре на моја стража!“

Вознемирено ја прашав сестрата:

- Дали е мртов?

- Не, - рече таа. „Мислев дека е. Но, нема да преживее до крајот на смената, до 7 наутро.“ Тогаш беше 2 по полноќ.

Излегов во ходникот и се помолив. Многу тивко се молев за него. Го застапував неговиот случај пред Бога.

Погледнете што вели Бог преку Исаија:

**ИСАИЈА 43:25–26**

**стих 25: „ А Јас, Јас Сам ги бришам твоите престапи заради Самиот Себе и гревовите твои нема да ги спомнам.“**

**стих 26: „ Потсети Ме, заедно ќе се судиме; говори, за да се оправдаш.“**

Бог вели: „Потсети ме.“ Бог ни вели да Го потсетиме на тоа што го има кажано. Тоа зборува за молитва. Потоа вели: „Објави сѐ.“ Во еден англиски превод стои запишано: „Изнесете го вашиот случај.“ Со други зборови, Бог нѐ поканува да го застапуваме нашиот случај.

Затоа, во тишината на болничкиот ходник во 2 часот по полноќ, тивко прошепотев: „Господе, едноставно нема да дозволам да умре!“ И го изложив својот случај пред Него.

- Прво, - реков, „тој е нашиот надзорник на неделното училиште. Можеби не е најдобриот во светот, но е најдобриот што сме го имале. Тој е од голема помош за мене лично. Ги посетува отсутните. Работи на ова преку целата недела. И помага на многу други начини.“

- Второ, дава 30% од својот приход во црквата.

- Трето, тој е влијание за Бог и за доброто. Разговарав со бизнисмени во градот. Веруваат во него, го почитуваат.

- Јас имам потреба од него. Јас сум пасторот под Тебе, а Ти си Големиот Пастир на Црквата. Што ми треба мене, Ти треба и Тебе.

- Четврто, Библијата јасно ни кажува дека смртта е непријател. Таа не е од Бога. Всушност, таа е од ѓаволот. Кога ѓаволот ќе биде конечно уништен, и смртта ќе исчезне од човечкото постоење. Затоа, ја укорувам смртта и ѝ заповедам да се тргне од него. Не дозволувам да умре!

Се вратив во собата, седнав и пак задремав. Тој повторно почна да умира. Станав и повторно го изложив неговиот случај. Всушност, ова го направив четири пати, последниот пат во 4 часот наутро.

Во 8 часот, дојде докторот, ја крена кислородната боца и почна да му ги слуша градите. По некое време се сврте кон мене и извика: „Излегува од кризата! Не е повеќе во состојба на шок! Знаеш, сега можеби и ќе преживее! Донесете носилка! Ќе го носиме на рендген!“

Кога го вратија од рендген, истиот доктор ми рече: „Има 50-50 можност.“

Стоев таму мирен, но внатре скокав од радост, мислејќи: „50-50 можност? Што зборуваш, докторе? Има 100% можност да преживее!“ И навистина, преживеа.

Никогаш не ѝ кажав на жена ми, ниту на некој друг, како точно се молев за овој човек. Но, кога се врати во црква, тој сведочеше.

Прво им заблагодари на сите за молитвите. Потоа рече: „Никогаш не жалете за некого што умрел. Последното што се сеќавам беше дека паѓам. Дури не се сеќавам дека сум удрил во машинеријата. Следната свесна работа што ја знам беше кога се разбудив во болница. И откако се разбудив, никогаш не почувствував болка.

- Но додека бев во несвест, мора да сум умрел. Се вознесов на Небото. Слушав ангелски хор. Никогаш во животот не сте слушнале такво пеење.

- Го видов Исус. Тој дојде при мене. И токму кога сакав да паднам пред Него и да Му кажам колку Го сакам, Тој ми рече: „Ќе мора да се вратиш.“

Јас реков: „Не сакам да се вратам.“

Исус рече: „Ќе мора да се вратиш на земјата.“

Јас реков: „Не сакам да се вратам на земјата.“

Третиот пат Исус рече: „Ќе мораш да се вратиш. Братот Хегин не ти дозволува да дојдеш.“

Потоа Исус се заврте, и како што би повлекол завеса од прозорец, така повлече една завеса, и го слушнав братот Хегин како вели: „Господе, јас нема да дозволам да умре.“

Исус рече: „Види, не ти дозволува да дојдеш.“

- Потоа се сеќавам само дека се разбудив во болницата, - заврши служителот од неделното училиште.

Јас никогаш не му кажав дека така се молев. Како знаеше? Господ му дозволил да ме слушне и му кажал дека тоа е причината зошто не можел да остане на Небото!

Тој случај уште во 1947 година ме натера да размислувам дека имаме власт да го браниме нашиот случај пред Бога, власт што никогаш целосно не сме ја искористиле.

Верувам дека понекогаш, без дури да сме свесни, ја заземаме својата позиција во заветот, во Името на Исус и се молиме. Но, наместо да го истражиме Писмото за оваа тема, мислиме: „Тоа беше едно прекрасно искуство што Господ ми го даде. Можеби никогаш нема да се повтори.“ И токму таквото размислување нè поразило.

Три години подоцна, кога мојот таст лежеше на смртна постела во болница, се потсетив на ова искуство со надзорникот од неделното училиште.

Додека стоев покрај неговиот кревет тој беше во несвест, реков: „Господе, мислам дека ќе ја прекорам оваа смрт и ќе ѝ заповедам да го напушти. Ќе му заповедам да живее во Исусовото Име.“

Бог вели во Исаија 43:26: *„Заедно* ќе се судиме.“ Но, во мојата внатрешност, Господ ми рече многу јасно преку Духот: „Не, не го прави тоа. Немој да го правиш тоа.“

*Тоа значеше дека имав власт да го сторам тоа!*

- Остави го и дозволи му да умре, -  рече Тој. И Господ ја изнесе Својата причина: -  Прво, тој има 70 години. Јас сум ветил 70 или 80 години.“ (Тоа е минимум. Можеш да живееш подолго. Ако имаш повеќе вера, побарај повеќе. Но, не прифаќај помалку.)

- Второ, -  рече Тој, „тој е подготвен да замине. Духовно и финансиски, сѐ има средено. Не секогаш бил подготвен. Финансиите му се во ред; целиот бизнис му е во ред. Никогаш нема да има подобар момент да умре од сега. Затоа остави го и дозволи му да си замине.“

Јас реков: „Во ред, Господе, ќе го сторам тоа, но само под еден услов и еден единствен услов: изведи го од оваа состојба на смрт, оживеј го, и нека остави добра сведоштво, за сите да знаат каде отишол. Тогаш ќе го пуштам.“

Уште не ги бев изговорил тие зборови до крај и тој ги отвори очите.

- Кенет, -  рече, „умирам.“

Јас реков: „Знам, господине Рукер.“

Тој рече: „Колку поскоро, толку подобро.“

Реков: „Знам.“

Тој рече: „Ќе ги донесеш децата овде за да ги видам пред да си одам, нели?“

Реков: „Да, господине. Ќе го сторам тоа.“

Нашите деца беа негови единствени внуци. Му се јавив на нашиот пастор во Гарланд, Тексас, и го замолив да ги донесе децата во болницата во Шерман. Во меѓувреме, зборував со сестрата-управничка во оваа католичка болница и ја прашав дали може да доведеме мали деца.

Таа рече: „Не гледај на правилата. Тој човек требаше да биде мртов пред два дена. Не можеме да разбереме како сè уште е жив. Донеси кого сакаш, само чудо е што е жив.“

Така целото семејство, вклучувајќи ги и малите внуци, се собра околу неговиот кревет. И ќе помислевте дека следниот ден оди на одмор. Тој не пролеа ни солза. Медицинските сестри го подигнаа наслонот на креветот, и тој седеше таму смеејќи се и разговарајќи.

Следниот ден повторно падна во несвест и започна да умира.

Стоев во подножјето на креветот токму додека смртта ги втиснуваше своите последни грабежливи канџи врз него.

Ненадејно очите му се отворија. Ме виде и рече: „Боже мој, Кенет, умирам.“

Јас реков: „Знам, господине Рукер, но не се плаши да заминеш.“

- Не, - рече тој, „не се плашам.“

Реков: „Легни си на перницата и пушти ја да оди.“

Тој си легна назад, се насмеа, се опушти, и светлина му засветка на лицето додека заминуваше. Слава му на Бога! (Треба да имате вера за да живеете, но треба да имате вера и за да умрете.)

Можно е понекогаш да се молиме и да добиеме одговори кои не се секогаш најмудри и најдобри.

Потребно е да користиме мудрост затоа што имаме авторитет.

Тоа го научив од искуство. Тоа го знам и од Божјото Слово.

Според Словото, многу пати што ќе кажеме, Тој ќе го направи тоа, затоа што имаме авторитет тука на земјата.

Јас сум уверен дека, ако само одиме во светлината на Божјото Слово и се молиме, можеме да ги промениме животите на нашите ближни и ситуациите околу нас.

Го гледаме тоа и од животот на Даниел, кој успеа во молитвата стоејќи на Божјото Слово  дека судбината на еден народ може да се смени преку молитва.

Исто така, видовме примери како можеме да бидеме истрајни во молитва користејќи го Божјото Слово за да го застапуваме доброто на другите.

Не секоја потреба може да се исполни со една кратка, еднократна молитва. Понекогаш е потребно да се истрае во молитвата заземајќи цврст став врз Божјото Слово, одбивајќи да отстапиме додека не дојде одговорот.

ГЛАВА ДВАЕСЕТ И ЧЕТИРИ

# МОЛИТВА ЗА ВАШАТА ЗЕМЈА

*„ ... И така, ве молам, пред сè, да се принесуваат молби, молитви, застапувања и благодарења за сите луѓе, за царевите и за сите што се на власт, за да поминуваме тивок и спокоен живот во сета побожност и чесност. Зашто ова е добро и пријатно пред Бог, нашиот Спасител, Кој сака сите луѓе да се спасат и да дојдат до познавање на вистината...“*

— 1 Тимотеј 2:1-4

По последната служба на нашиот Камп-митинг ’79[та], некои од говорниците и други луѓе се собраа во хотелскиот апартман на Кенет Хегин Џуниор за сендвичи.

Додека зборувавме за Божјите нешта, Божјиот Дух постојано се движеше врз мене. (Всушност, само три пати во мојот живот Духот се движел врз мене со толкава мера.)

Им реков на другите: „Ајде да се помолиме. Божјиот Дух постојано ме поттикнува.“

Се молевме. Со Духот, им послужив на сите присутни. Потоа ме опфати дух на молитва. Бидејќи не знам која друга фраза да ја употребам, ќе кажам дека „се изгубив во Духот“. Не бев без свест, но бев повеќе свесен за духовните нешта. Духовното ми беше пореално од природното.

Седев со затворени очи, молејќи се на јазици, што се покажа дека траело неколку часа. (Малку по полноќ почнавме да се молиме. Кога сè заврши и ги отворив очите, беше 4 часот наутро. А сепак, ми се чинеше како да поминале само 10 или 15 минути.)

Господ ми зборуваше. Меѓу другото, ми даде упатства за Училиштето за молитва и исцелување, што сега го одржуваме секој работен ден на кампусот на Библискиот центар за обука “РЕМА“.

И видов нешто. Видов три нешта како излегуваат од Атлантскиот Океан. Изгледаа како три џиновски црни жаби, големи како китови. Едната беше во воздух. Другите две ги имаа само подигнато главите над површината од водата од источната страна.

Имав видение слично на ова пред девет години.

Исус ми рече: „Го виде истото и во 1970 година. Тогаш ти кажав точно што се тие, но не го направи тоа што требаше во врска со тоа. Во 1970 ти кажав да се молиш за водачите на нацијата. Тоа што се случи [Вотергејт и слично] не е целосна вина на човекот што тогаш беше Претседател. Јас ги сметам христијаните од оваа нација за одговорни. Вие сте тие кои дозволивте да се случи тоа што ѝ се случи на вашата нација. Да се молевте, тоа никогаш немаше да се случи. Ти покажав што ќе се случи. Провери повторно ...“

(Подоцна, се навратив и проверив што ми рече Господ во 1970 година, преку снимки и ракописи од една посебна богослужба што ја одржавме во октомври 1970.)

Исус ми рече: „Во 1970 година виде три слични темни објекти како излегуваат од Атлантикот и прескокнуваат преку целата земја. Да го направете ти и другите христијани тоа што требаше да го направите, ниту едно од тие нешта немаше да се случи во вашата држава. Немаше да имате немири. Немаше да имате политички превирања. Вашиот Претседател немаше да ги направи грешките што ги направи. Всушност, Јас ја сметам Црквата за одговорна за неговите грешки.“

Почнав да плачам и да викам: „О, Боже!“

- Да, - рече Тој, „Јас тебе и Црквата ве држам одговорни.“

Потоа рече: „Кога ќе им го кажеш тоа на другите христијани, ќе се смеат. Но, кога ќе застанат пред Престолот на судот и ќе ја примат осудата наместо човекот што тогаш беше Претседател, нема да се смеат.“

- Ако христијаните го правеа тоа што е кажано во Библијата, ако се молеа за водачите на својата нација, ќе ги спречеа злите духови да делуваат.

Потоа Тој продолжи: „Слични нешта, не истите, но слични, ќе се случат повторно. Ако не се молите, тие ќе се случат. Јас нема да го држам Претседателот одговорен за вашата држава, христијаните ќе ги сметам за одговорни.“

Сега, дозволете ми нешто да објаснам, морате да знаете како да ги толкувате овие нешта. Ги видов тие три суштества како излегуваат од Атлантскиот Океан. Но, тоа не значи дека тие се издигнуваат буквално од океанот. Од Создавање до Откровение, „морињата“ и „водите“ се однесуваат на мноштво луѓе. Од мноштвото луѓе, овие нешта ќе се издигнат. Грешниците се под власт на ѓаволот, тие се во неговото царство.

Исус ми кажа: „Ќе се појават, освен ако христијаните не се молат, не за истата причина како минатите немири, но ќе има немири, бранувања и тензии низ целата држава.“

- Второ, нешто ќе му се случи на Претседателот што не треба да се случи и нема да се случи ако се молите.

- Трето, повторно ќе се случи нешто што ќе донесе дополнителни проблеми во економската и финансиската структура.

- *Но, можете да ги спречите сите три*. Можете да го спречите потресот во општествената структура. Можете да ги спречите сплетките на ѓаволот во политичката сцена. Можете да го спречите ѓаволот да го наруши финансискиот систем на вашата земја.

- Можете да ги промените сите три нешта преку застапничка молитва. Тоа е една од главните цели на часовите што ќе ги започнете наесен.

## Правилни приоритети

Бог ни даде конкретни упатства во одредување на приоритетите.

- Да, ама, - ми рекле луѓе, „ќе ти кажам, додека се Демократите на власт, ништо нема да оди како што треба." Други пак веле: „Додека се Републиканците на власт ... "

Ако прво што ви доаѓа на ум е политичката партија, никогаш нема да бидете многу значајни како верни. Христијаните треба најважните работи да ги ставаат на прво место.

Во Словото стои запишано: *„Затоа ве молам пред сѐ ...* " (1 Тимотеј 2:1).

Пред сѐ! Пред да се молите за своите деца, пред да се молите за мене, пред јас да се молам за вас: „ ... пред сѐ, да се прават просби, молитви, молби и благодаренија за сите луѓе: за царевите и за сите што се на власт ... " (1 Тимотеј 2:1–2).

За да ни биде јасно кои се тие „сите луѓе", Словото вели: „ .. *за царевите и за сите што се наоѓаат во власт* ..." (стих 2).

Најнапред треба да се молиме за нашите водачи, за сите што се на власт на државно ниво, регионално, па сѐ до општинската ниво.

Зошто? Продолжете со читањето ...

„ ... *та да поживееме тивок и мирен живот во потполна побожност и достоинство*“ (стих 2). „Ние“ како христијани да поживееме мирен и спокоен живот. Бог се интересира за нас.

Не сите цареви за кои Павле ги поучува луѓето да се молат биле родени одново.

Дали Бог ќе ги благослови лидерите иако не се спасени?

Секако. Духот Божји не би ни рекол да се молиме за нешто што не можеме да го имаме. Тоа би било глупо.

Зошто ќе ги благослови? Прво, Тој се интересира за нас.

*„Тоа е добро и угодно пред нашиот Спасител Бог“* (1 Тимотеј 2:3). Добро и удобно е пред Бога нашиот Спасител, пред сѐ, да се молиме за сите што се на власт. Добро и угодно е пред Бога нашиот Спасител да водиме мирен и спокоен живот.

1 Тимотеј 2:4 вели: *„Кој сака сите луѓе да се спасат и да ја познаат вистината*?“ Кога има војна, немири и турбуленции, тешко е да се проповеда Евангелието. Но, кога има мир и тишина, тогаш слободно можеме да одиме и да ја шириме Благата вест.

Не е чудо што ѓаволот сака да ја нападне, на пример, Америка. Ако прошетате по светот, ќе забележите дека 90 проценти од целата мисионерска работа доаѓа од Америка. Ако ѓаволот може да нѐ запре нас, може да го запре протокот на Божјите благослови.

Но, благословен да е Бог, тој не може да го стори тоа!

На кој начин треба да се молиме за тие што се на власт? Првото писмо до Тимотеј 2:1 ни вели: „ ... *просби, молитви, молби и благодаренија* ... “

Имаме примери во Писмото за луѓе што успешно се молеле за градови и народи.

Еден таков библиски пример е Авраам кој се молел за два града — Содом и Гомор.

Прочитајте го тој настан во Создавање, глава 18.

Господ вели: „ ... *Ќе кријам ли од Авраам што сакам да направам?* “ (стих 17).

Бог не сакаше да ги уништи тие зли градови без да го информира својот пријател од крвниот завет.

Авраам се држеше до своите права од крвниот завет кога му рече на Господа: „ *Зарем ќе го уништиш и праведниот со неправедниот? Можеби во градот има педесетмина праведници; зарем ќе го погубиш и нема да му простиш на тоа место заради тие педесет праведници, што се во него? Не е можно така да постапиш Ти, да погубиш праведни со неправедни заедно, та исто да се случи со праведниот како и со неправедниот; не може да биде тоа од Тебе; зарем Судијата на целата земја нема да суди право?*“ (Создавање 18:23-25)

Господ рече: „ ... *Ако во градот Содом најдам педесетмина праведници, ќе го поштедам градот и целото место ЗАРАДИ нив*“ (Создавање 18:26).

Сетете се што вели 1 Тимотеј 2:2: „ ... *за да живееме тивок и мирен живот* ...“

Бог вели дека ќе го поштеди целиот град заради 50 праведници.

Авраам продолжи да ја намалува бројката сè додека не му рече на Господа: „ ... *можеби ќе се најдат десет* ...“ (Создавање 18:32).

И Господ рече: „ ...Нема да го уништам заради десетте “ (стих 32).

Размислете за страшните гревови што постоеја во Содом и сепак Бог рече дека би го поштедил целиот град заради десетмина.

Знаете, овој стар свет одамна би бил уништен ако не бевме ние, христијаните. Исус рече: „ *Вие сте солта на земјата* ...“ (Матеј 5:13).

Јас сум доволно стар за да се сеќавам на времето пред да имаме електрични фрижидери. Мојот дедо колеше свињи. Ставаше сол на месото за да се зачува.

Овој свет е веќе доволно расипан, но ако не беа христијаните, сигурно ќе беше веќе скапан.

Бог му рече на Авраам дека ќе ги поштеди градовите заради десет праведници. Денес има многу повеќе од десет праведници во Америка.

Некои велат: „Одиме надолу, сè оди во пропаст.“

Не, не оди!

Не слушајте вакви зборови.

Јас верувам дека денес во Америка има луѓе кои ќе го заземат своето место во молитва, исто како што направи Авраам.

Авраам не седеше и не зборуваше колку се зли луѓето и како сите одат во пеколот. Тој *застана во застапничка молитва за нив*!

Ако го заземеме своето место, можеме да промениме многу нешта.

Имаме подобар завет, заснован врз подобри ветувања!

Бев во домот на еден проповедник на Евангелието, чие 4-годишно синче се однесуваше толку непослушно што ме посрами мене, а дури и мојот син кој исто така имаше 4 години. Кен ми рече веднаш штом влеговме во автомобилот: „Тоа дете е ужасно, нели?“

Момчето му зборуваше ужасно на својот татко. Кога татко му го подигна во прегратка и го погалуваше за да го смири, момчето го удри по образите и рече: „Стар лажго. Тоа што го кажуваш не е вистина. Ти си лажго.“

Овој пастор, припадник на полното евангелие, исполнет со Духот, ми рече: „ Па знаеш, Библијата вели дека во последните денови децата ќе бидат непослушни на родителите.“

- Да, - му реков, „Библијата, исто така, вели дека љубовта кај мнозина ќе олади, но тоа не значи дека мојата љубов мора да олади. И тоа не значи дека моите деца ќе бидат непослушни на своите родители.“

Можете да седите и да велите: „Па, Библијата вели дека злите луѓе и измамниците ќе одат од лошо во полошо, ќе мамат и ќе бидат мамени. Сѐ оди надолу. Љубовта кај мнозина ќе олади,“ и ако постојано се задржувате на таа страна, ќе се оладите. Ѓаволот ќе ве завладее и ќе ги завладее и вашите деца.

Но, не морате да размислувате на тој начин.

Разбудете се и сфатете кои сте во Христос. Портите на пеколот нема да надвладеат над Црквата! Исус е Главата на Црквата, не Сатаната. Исус е поголем од ѓаволот. Всушност, Тој веќе го порази ѓаволот. Тој воскресна победоносен над него и Неговата победа е моја победа.

Размислувајте во склад со Божјото Слово и сфатите дека, без оглед на ситуацијата, можеме да влијаеме за промена.

**ЕЗЕКИЕЛ 22:30, 31**

**стих 30: „ Јас барав кај нив човек, кој ќе ги обнови ѕидините, да застане пред Мене во одбрана на оваа земја да не ја сотрам, но не најдов.“**

**стих 31: „ Па затоа, ќе го излеам врз нив Мојот гнев, со огнот на Мојата јарост ќе ги истребам, нивното лошо однесување ќе го свртам на главите нивни ...“**

Ова се зборови на Бог. Авраам се застапуваше за два града. Тука Бог зборува за цела нација. Ако можеше да најде само еден човек што ќе застанеше на процепот, што ќе се застапеше за нацијата, судот немаше да дојде.

- Па добро, - некој може да праша, „ако Бог навистина сакаше да ја поштеди земјата, зошто едноставно не го направи тоа? Зарем не е Тој Бог? Ако тоа му е волја, зошто едноставно не го исполни тоа?“

Вратете се на 1 Тимотеј 2:4. Таму стои дека Бог сака сите луѓе да се спасат и да дојдат до познание на вистината. Зошто едноставно не направи сите да се родат наново? Ако може да направи што сака, зошто не го направи тоа? Зошто чека некој да се застапува?

Ова детално го разгледавме во Првото поглавје. Сатаната стана бог на овој свет сè додека не истече Адамовиот закуп. Тој не е мој бог, јас не сум од овој свет. Но, тој е одговорен за војните меѓу народите, за убиствата, за насилството што се случува во светот.

Бог нема да го прекрши Своето Слово. Тој му го предаде управувањето на Адам. Адам му го предаде на ѓаволот. Тоа сè уште трае. Но, сè додека не истече, Бог може да интервенира само кога христијаните го бараат Неговото лице и го повикуваат да дејствува.

Власта на Сатаната над земните настани може да биде поништена само ако христијаните се молат за својата земја. Бог и денес копнее по некој што ќе постави заштита и ќе се застапува пред Него за земјата.

Молитвата може да се принесува на познат јазик. Но, може да се принесува и на други јазици, со помош на Светиот Дух. Замолете го Светиот Дух да ви помогне и *продолжете* да се молите.

Тука некои луѓе грешат. Не го слушаат целото поучување, туку фаќаат некој мал дел и одат со него. Постојат нешта за кои можете да ја изговорите молитвата на верата, еднаш ќе се помолите и готово. Не мора повеќе да се молите; благодарете му само на Бог за одговорот. Тоа важи за спасение, за крштавање со Светиот Дух, за исцелување, за сѐ што Бог ветил дека ќе го добиеме веднаш. Но, има и други нешта за кои не можете да се молите со молитвата на вера. Едно од нив е ова, молитвата за нашата држава. Морате *постојано* да се молите за водачите на својата земја.

## ГЛАВА ДВАЕСЕТ И ПЕТ

# ПРЕТЕРУВАЊА

Во Библијата, особено во времето на Стариот Завет, луѓето беа одделени или посветени за света служба преку помазание со масло. Маслото беше симбол на Светиот Дух. Светиот Дух ќе слезеше врз мажи и жени за да ги помаза да бидат во одредена служба. Во Новиот Завет, Бог сè уште ги помазува Своите луѓе. Не секој во Христовото Тело е повикан и помазан од Бога за една од петкратните служби. Но, секој христијанин е повикан и помазан од Бога да владее и да царува како цар и свештеник во овој живот.

**ОТКРОВЕНИЕ 1:6**

**стих 6: „ Кој нè направи пред Бога и Неговиот Отец царство на свештеници, слава и власт во вечни векови. Амин!“**

**ОТКРОВЕНИЕ 5:10**

**стих 5: „ И нè направи пред нашиот Бог цареви и свештеници, и ќе царуваме на земјата!“**

Кога ќе помислите на свештеници, веднаш помислувате на посредник. Свештеникот е „посредник“, некој што се моли на Бога во име на луѓето. Токму тука се вклучуваме и ние денес. Треба да пристапуваме во Божјото Присуство за тие што се спречени да дојдат до Бога или за тие што не знаат дека можат сами да дојдат до Него.

Мора да запаметиме дека ѓаволот успева поради незнаењето на луѓето. Некои христијани, незнаејќи го Божјото Слово, паѓаат во заблуда на духовна гордост, мислејќи: *„Ние сме посебна класа луѓе. Имаме посебна служба и посебен повик; никој не е како нас*.“ Токму тоа го сака ѓаволот. Токму така згреши Луцифер, беше возгордеан. Наместо да се воздигнуваме, треба да имаме став:

Благодарејќи Му на Бога, сите сме помазани да бидеме свештеници, ајде да се фатиме за работа!

**1 ПЕТАР 2:5, 9**

**стих 2: „ Вие кои како живи камења сте вградени во духовен дом, свештенство свето, за да принесете духовни жртви кои Му се на Бога пријатни преку Исус Христос.“**

**стих 9: „Но, вие сте избран род, царско свештенство, свет народ, луѓе придобиени за да ги возвестите совршенствата на Тој Кој ве повикал од темнина во Својата чудесна светлина.“**

Видете колку далеку можат луѓето да отидат во заблуда со некои од овие прашања. Всушност, молитвата не е некој посебен повик, секој член на Христовото Тело треба да се моли, затоа што Бог нè помазал сите нас да бидеме свештеници пред Него. Целото Христово Тело е повикано од темнина во светлина и е дел од ова царско свештенство, не само неколку избрани. Некои луѓе подобро и побрзо одговараат на Светиот Дух и влегуваат подлабоко во тоа, но молитвата му припаѓа на секој новороден христијанин.

Затоа што мислат дека имаат некој *посебен повик*, некои луѓе мислат дека мора нешто да *„изведат“*. Па се обидуваат да направат нешто со сопствени сили наместо да чекаат на помазанието. Луѓето паѓаат во заблуда кога ги вадат духовните работи од контекст. Некои дури одат наоколу тврдејќи дека стојат во „службата на посредник (застапник во молитва)“. Велат дека оваа „служба“ ги става на исто ниво со служителот или пасторот, па затоа мислат дека имаат право да му кажуваат на пасторот што треба да прави! Но, пред сè, не постои нешто како „служба“ на посредник. Петте служби или дарови на служење што *Бог ги поставил* во Црквата се наведени во Ефесјаните 4:11–12.

**ЕФЕСЈАНИТЕ 4:11, 12**

**стих 11: „ И Тој постави едни за апостоли, други за пророци, трети за благовестители, четврти за пастири и учители,**

**стих 12: за усовршување на светиите во делото на служењето, за изградување на Христовото тело.“**

Лесно можеме да видиме дека молитвата не е спомната овде во Ефесјаните. Тоа е затоа што молитвата не е дар на служба. Треба да ги држиме духовните работи на нивното вистинско место и да не ги вадиме од контекст. Исто така, треба да разјасниме што мислиме кога велиме дека молитвата е „служба“. Ако го користиме зборот „служба“ во општа смисла, тогаш тоа е нешто друго. Општо кажано, сè што правиме за Бога е служба. Во тој случај, молитвата може да се смета за *служба*, исто како и секоја друга работа што ја правиме за Бога, како служење Нему. Но, ако зборуваме конкретно, и го користиме зборот „служба“ во контекст на петте служби што Бог ги дал на Црквата, тогаш не, молитвата не е *служба*. Молењето не е духовен дар на служба.

**1 КОРИНТИЈАНИТЕ 12:28**

**стих 28: „ И некои од вас Бог постави во Црквата: прво за апостоли, второ за пророци, трето за учители; потоа даде дарби за чудеса и исцелување; па за помагање, за управување и за зборување на разни јазици.“**

Ако го користиме терминот „служба“ во општа смисла, тогаш молитвата би спаѓала под службата на помош. Светиите не се усовршуваат преку молитва. Да, можеме да се молиме за луѓето, да им помогнеме и да ги благословиме, но тоа не ги усовршува. Во Ефесјаните 4:11-12 стои дека службите на апостол, пророк, евангелист, пастир и учител се дадени „за *усовршување* на светиите“. Ако усовршувањето зависеше од молитвите, Библијата

ќе ја спомнеше молитвата како духовен дар на служба. Не, молитвата им *помага* на луѓето.

Второ, службата на помош не е на исто ниво со петте служби на Словото. Службата на помош вклучува сѐ што на кој било начин помага или асистира на тие што служат во петте духовни служби за да можат да ја исполнат нивната служба како што треба.

## Застапништво со воздивнувања

**РИМЈАНИТЕ 8:26**

**стих 26: „ Исто така и Духот нѐ поткрепува во нашата немоќ; бидејќи ние не знаеме како треба да се молиме. Па сепак, Духот Сам посредува за нас со неискажливо воздивнување.“**

Друга крајност што се има појавено во молитвата е ова прашање на *воздивнувања*. Многу пати луѓето се обидуваат да извршат духовни нешта на природен начин, односно во телото. Бог ги помазува Своите луѓе за да ја извршат Неговата волја и Неговите цели, но кога луѓето ќе преминат во телото, паѓаат во неволја. Едно е да воздивнувате под помазанието на Светиот Дух. Но, од друга страна, можете да воздивнувате колку сакате во телото, но без помазанието, нема да постигнете ништо. Кога Светиот Дух ве поттикнува да се молите „со неискажливо воздивнување“, тогаш ќе има резултати! Проблемот е што луѓето се обидуваат да го имитираат и копираат Светиот Дух, и така паѓаат во заблуда.

## Прашања и одговори

Некои прашуваат: „Можно ли е да се воздивнува во Духот како чин на сопствена волја?“ Нема стих што говори за воздивнување како чин на волјата. Библијата вели: „ ... *Духот сам посредува за нас со неискажливо воздивнување*“ (Римјаните 8:26). Понекогаш луѓето природно воздивнуваат затоа што се натоварени, и тоа воопшто не е Светиот Дух. Меѓутоа, станува збор за нешто сосема

друго кога Духот го прави тоа. Јас сум открил дека фалењето и обожувањето на Бог многу често води во оваа сфера, каде што Духот Божји почнува да се вклучува заедно со вашиот дух во воздивнувањата. Но, не можете сами да го направите тоа, тоа е поентата што сакам да ви ја пренесам.

Луѓето прашуваат: „Може ли човек да се мачи сам како чин на својата волја?“ Павле вели во Галатјаните 4:19: *„Чеда мои, за кои сум пак во родилни маки, додека не се обликува во вас Исус Христос*.“ Павле го користи истиот израз како жена што е во маки при пораѓање. Може ли жена да се мачи при породување како чин на волјата? Не! Ако нема дете што треба да се роди, таа може да се обиде да се мачи, но ништо нема да произлезе од тоа. Светиот Дух нè воведува во такви маки затоа што знае дека има нешто што треба да се роди. На пример, некои луѓе се спасени затоа што го слушаат Божјото Слово и веруваат. Но, има и други кои никогаш нема да се спасат ако некој не се мачи со духовни болки за нив. Ние не знаеме кои се тие; само Светиот Дух знае.

Може ли да се „трудите“ за да родите нешто во секое време? Па, може ли жена да роди дете кога таа сака? Не, прво мора да е бремена. Може ли „трудот“ да се иницира кај друга личност преку полагање раце? Не, тоа би било полагање празни раце врз празни глави. Дали воздивнувањето е поефикасно од молење на јазици? Секако дека не. Многу од тоа што го правиме , ако не внимаваме, е во телото! А понекогаш е и смеса од телото и Духот.

Секако, можете свесно да се охрабрите сами да се молите во секое време. И има моменти кога молитвата бара силен напор. Јас сам сум се поттикнувал за да Го барам Бога, и потоа Светиот Дух ми се приклучил. Имаме библиска поткрепа за ова, затоа што Божјото Слово вели:

„ ... разгорувај ја дарбата Божја што е во тебе ...“ (2 Тимотеј 1:6)

Мора да запомниме дека ни требаат сите видови молитва, а не само еден вид. Не ме разбирајте погрешно благодарете Му на Бог за застапничката молитва. Но, Библијата вели:

*„ Со секаква молитва и молба во секоја можност молете се ...“* (Ефесјаните 6:18) Значи, ни требаат сите видови молитва. Ајде да научиме да бидеме чувствителни на Светиот Дух и да видиме во кој правец се движи во дадениот момент —во која насока сака да не поведе. А потоа, само следете Го.

ГЛАВА ДВАЕСЕТ И ШЕСТ

# ВРАЌАЊЕ НА МОЛИТВАТА ВО МОДА

Уметноста на молитвата, која ги вклучува застапувањето и молењето, речиси е изгубена во Црквата. Пентекосталците од раната генерација знаеле нешто за тоа. Втората генерација пентекосталци знаеле малку.Третата генерација пентекосталци речиси ништо не знае. Харизматите речиси ништо не знаат за тоа.

Но, за Бог да го оствари тоа што сака да го направи на земјата, уметноста на молитвата ќе мора повторно да се воскресне.

Кога првпат го примив крштевањето во Светиот Дух и станав дел од пентекосталното движење, ја прифатив пастирската служба во една мала Црква во црната земја на северно централниот дел од Тексас. Поголемиот дел од луѓето во заедницата беа земјоделци.

На есен, кога собираа памук, ги откажувавме сите богослужби освен сабота навечер, недела наутро и недела навечер. Попладне во недела, носевме нешто за јадење и се собиравме во нечиј дом за заеднички оброк.

Таа конкретна недела се собравме во домот на мојата идна сопруга. Таму беше една драга старица. Знаев за неа, но никогаш дотогаш не ја имав запознаено. Сите ја нарекуваа Мајка Хауард. Ја нарекуваа „мајка во Израел.“

Јадеше со нас. Но, веднаш откако завршивме со јадењето и почнавме да разговараме, побара соба каде што може да биде сама. Клекна на голиот под. (Дознав дека понекогаш става весник на подот и го полага челото врз него додека се моли цело неделно попладне, без да се помести.)

Беше вдовица. Поседуваше свој дом во една соседна населба. Еден пастор што го познавав живееше веднаш до нејзината куќа со сопругата и детето.

Ми рече: „ Со неа молитвата е сериозна работа. Станува во 4:00 наутро. Се моли од 4:00 до 8:00 секое утро. Потоа си готви нешто за јадење. Потоа, вложува уште два часа во молитва. Јаде малку за ручек, па обично доаѓа кај нас да поразговара малку. До 2 или 3 попладне се враќа и почнува повторно да се моли. Понекогаш се моли до полноќ. Ако има бреме, се моли цела ноќ.“

Пред многу години се нановородила во Далас. Потоа се преселиле во град каде што немало Црква која верува во полното евангелие. Всушност, немало ниту една таква црква во ниеден град или населено место во околината.

Човек по човек, град по град, населено место по населено место, се молела сè додека не се подигне таква црква таму. Потоа преминувала на следниот град и се молела сè додека не се подигне црква и таму.

Мајка Хауард, таа стара и ситна жена, таа прекрасна светителка Божја, измоли црква во секој град, секое село и секој агол на Северен Тексас.

Често сум размислувал како ќе биде кога сите ќе стигнеме на Небото и кога ќе се доделуваат наградите. Пасторите што ги основале црквите ќе бидат подготвени да пристапат и да ја примат својата награда, но Исус ќе ја повика Мајка Хауард таму напред!

Таа го заврши најтешкиот дел од работата! Никој не ја гледал. Речиси и не знаеле дека постои. Но, таа не го трошела времето во посети и разговори во неделните попладниња. Таа се дала „на работа“. Таа буквално го дала својот живот за другите.

Тоа го направи и Исус. И, денес повикува луѓе што ќе сакаат да се дадат себеси во молитва.

- Што да правам со својот живот?

Доколку си го поставувате истото прашање, **БИБЛИСКОТО УЧИЛИШТЕ "РЕМА" е одлично место да дојдете и да дознаете.** Ова училиште ќе изгради цврсти библиски основи во вас што ќе ве водат низ животот, каде и да ве води тој.

Предности:

- Обука во **висококвалитетно библиско училиште водено од Духот;**
- Предавања основани врз цврста вера во Божјото Слово;
- Уникатна, двогодишна програма за Основи во службата, конкретно составена да ви помогне да **растете** во верата, **да го слушате Божјиот глас** и да ве обучи да живеете успешен живот;
- Специјализирана обука, по ваш избор, во програмата Напредната студија:
  Библиско образование, Практични служби, Подвижно училиште, Пасторална служба, Студентска служба, Музика и медија, Мисија, и општи напредни студии;
- **Акредитирано** со Transworld accrediting Commission international;
- Можности за служење низ целиот свет, додека трае образованието.

Пријавете се денес!

rbtc.org

“РЕМА КЛУБ НА ПАРТНЕРИ“

Со здружени сили да го досегнеме СВЕТОТ!

Луѓе. Сила. Цел.

Дали некогаш сте фрлиле камче во вода? Мали бранчиња се создаваат на местото на ударот и се шират во сите правци. Тоа се нарекува брановиден ефект. Тоа е токму таквиот вид влијание што христијаните треба да го имаат во овој свет, токму такво влијание какво што денес “Рема“ семејството произведува ширум земјата.

“Рема клубот на партнери“ во Словото ги поврзува христијаните со заедничка цел — да допрат до луѓето со Евангелието и пораката на верата во Бога.

Заедно допираме генерации, култури и народи, ширејќи ја Радосната вест за Исус Христос до секој агол од земјата.